Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Податоци за високообразовната установа

Назив	ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - СКОПЈЕ
Седиште	ЗАГРЕПСКА 29, СКОПЈЕ
Контакт информации	+389(0)2 3092 -872
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)	ДОЦЕНТ Д-Р ИЛЧЕ МИЦЕВСКИ ИГНАТ, ДЕКАН E-MAIL: dekan@pbf.edu.mk
Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)	ПРОФ. Д-Р ВИКТОР НЕДЕСКИ, ПРОДЕКАН E-MAIL: v.nedeski@pbf.edu.mk
Основ за надворешната евалуација	☒Годишен план ☐Барање на високообразовната установа ☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ☐ Барање на министерот надлежен за високото образование
Период за кој се однесува извештајот	2023/2024 – 2025/2026 УЧЕБНА ГОДИНА
Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)	АРХ.БР.166/1 ОД 22.04.2024 ГОДИНА
Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?	НЕ

МП

Место, датум

Скопје, 18.09.2026

доцент д-р Илче Мицевски Игнат, декан
овластено лице на установата
(потпис)

Јас, НОТАР Анастасија Петреска
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

Потврдувам дека
за / Православен богословски факултет Свети Климент Охридски Скопје, ул Загребска бр 29, Скопје, ЕМБС 4073053, застапникот по закон Игнче Миценски Игнат ул Народен Фронт бр 3/3 21, Скопје во мое присуство своерачно го потпиша писменото.
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр. М0602457 издадена од МВР Скопје
Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.
Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото што е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.
Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 100 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.
Нотарската награда е пресметана во износ од 200 денари.

Број УЗП 11546/2026

Во Скопје 22.09.2026

НОТАР

Анастасија Петреска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
НОТАР
АНАСТАСИЈА ПЕТРЕСКА
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
ТАЊА МИНОВА-ПЕТКОВСКА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа)	
Назив на високообразовната установа	ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - СКОПЈЕ
Седиште	ЗАГРЕПСКА 29, СКОПЈЕ
Веб страница	www.pbf.edu.mk
Мисија и визија на установата	Визијата на Православниот богословски факултет во Скопје е да остане значајна институција во доменот на теолошките истражувања и со исполнување на академските стандарди да биде препознатлив во академските теолошки кругови на Православната црква во Европа и пошироко. Мисија на Факултетот, како највисока богословска, просветна и научна установа на Македонската православна црква е да подготвува високообразовано свештенство, монаштво и друг потребен високообразовен кадар за потребите на Црквата, како и заради развивање и унапредување на богословските науки.
Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа)	Приватно - јавна непрофитна високообразовна установа - придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии	*Акредитација на установата:* Студиски програми на прв циклус на студии Студиска програма „Теологија", Решение бр. 08 – 684/10 од 11.03.2025 година Студиски програми на втор циклус на студии Едногодишни студии по теологија, Решение бр. 08 – 377/7 од 12.09.2025 година, Двегодишни студии по теологија, Решение бр. 08 – 378/7 од 12.09.2025 година, Стручни академски студии по Методика на наставата по религиско воспитание и образование, Решение бр. 08 – 379/7 од 12.09.2025 година, Студиски програми на трет циклус на студии Студиска програма „Теолошки науки", Решение бр. 08 – 887/4 од 29.03.2024 година
Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност	На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје вршат високообразовна дејност 13 вработени лица (јули 2024 година) од кои: 10 вработени лица во наставно-научно звање: - 3 редовни професори - 1 вонреден професор - 7 доценти

	Едно вработено лице во наставно-стручни звање: - 1 виш лектор по англиски јазик Едно лица вработени во соработничкоо звањее: - 1 асистент
Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии	Прв циклус на студии – 81 Втор циклус на студии – 36 Трет циклус на студии – 1
Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница)	Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје е основан со Одлука на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква, врз основа на член 66, т.12 од Уставот на МПЦ, т. 4 од Резолуцијата на Црковно – народниот собор, донесена на 30.10.1974 година, чл. 174, став 3 од Уставот на СФР Југославија, чл.225, став 3 од Уставот на СР Македонија, како и согласноста на Републичката комисија за односи со верските заедници број 05 -78/2 од 05.07.1977 година, согласно членовите 18, 19, 20 и 21 од Законот за високото образование во С.Р. Македонија. Факултетот е основан со акт за основање број 360 од 22.07.1977 година. Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, денес функционира согласно Законот за високообразовни установи на верските заедници со статус на приватно-јавна непрофитна високо-образовна установа и придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ЗВУВЗ член 41, „Службен весник на Република Македонија“ бр.81/08, Законот за високо образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, Статут на УКИМ, член број 58).
Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница)	Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје располага со соодветни институционални, кадровски, просторни и организациски капацитети за реализација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, овие капацитети континуирано се развиваа и унапредуваа во согласност со потребите на наставата, студентите и научноистражувачката дејност. Клучен институционален капацитет претставува квалификуваниот и академски активен наставно-научен кадар, чии квалификации и научни компетенции се соодветни на студиските програми и предметите што ги реализираат. Во двете академски години продолжи кадровското напредување преку избори во повисоки звања и развој на помладиот наставно-соработнички кадар. За обезбедување на целосна покриеност на наставните области, Факултетот ангажира и наставници од сродни научни области од други единици на УКИМ. Значаен капацитет претставува развиениот наставно-образовен процес и непосредната интеракција меѓу наставниците и студентите. Наставниот кадар е достапен за консултации и индивидуална поддршка, а студентите се вклучени во наставниот и академскиот живот преку различни форми на активна работа. Квалитетот на наставата и работата на наставниот кадар е потврден и преку резултатите од студентските анкети, кои во извештајниот период покажуваат високо ниво на задоволство и преовладувачки позитивна перцепција на наставата и условите за студирање. Факултетот располага со акредитирани и реакредитирани студиски програми на трите циклуси на студии, кои се усогласуваат со современите научни сознанија, потребите на студентите и релевантните академски и законски стандарди. Во извештајниот период беа реализирани активности поврзани со унапредување и реакредитација на студиските програми, со посебно внимание на исходите од учењето, наставната литература,

	практичната и интердисциплинарната димензија на наставата. Важен капацитет е научноистражувачкиот потенцијал и развиената публикациска активност на наставно-научниот кадар. Во 2024/2025 година се евидентирани 45 објавени трудови, од кои 32 во референтни научни публикации, додека во 2025/2026 година се евидентирани 32 трудови, од кои 24 во референтни научни публикации. Научната активност е дополнета со учество на наставниците во научни конференции, симпозиуми, меѓународни научни мрежи и проекти. Факултетот располага и со функционална инфраструктура за реализација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, вклучително предавални, кабинети, библиотека, компјутерска училница, амфитеатар и електронски научни ресурси достапни преку УКИМ. Дополнителен институционален капацитет претставува системот за обезбедување и унапредување на квалитетот, кој опфаќа самоевалуација, редовни студентски анкети, анкети за наставниот и стручно-административниот кадар, следење на реализацијата на акциските планови, анализа на статистички и академски податоци и работа на Советот за квалитет и Комисијата за самоевалуација. На тој начин се воспоставува поврзаност меѓу планирањето, реализацијата, следењето и унапредувањето на работата на Факултетот. Особено значаен капацитет во актуелниот период е зголемената меѓународна отвореност на Факултетот. Таа се реализира преку учество на наставниот кадар во меѓународни научни собири, Erasmus+ мобилност, визитинг ангажмани, COST акции и други меѓународни научни мрежи, работни посети и соработка со сродни високообразовни институции. Сите овие капацитети претставуваат стабилна основа за одржување на квалитетот на наставно-образовната и научноистражувачката дејност и за понатамошен академски и институционален развој на Православниот богословски факултет.
Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница)	Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје постигна најзначаен напредок во развојот на наставно-научниот кадар, научноистражувачката дејност, системот за обезбедување квалитет, унапредувањето на студиските програми, ресурсите за учење и поддршка на студентите и меѓународната соработка. Стандард 5 – Наставен кадар. Во областа на наставниот кадар е постигнат напредок преку кадровско обновување и унапредување на наставно-соработничкиот кадар. Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 година на Факултетот беа ангажирани 14 лица во наставно-научната област. Воедно, во периодот се реализирани избори во повисоки звања и напредување на помладиот кадар, со што се создава основа за континуирано кадровско обновување и долгорочно обезбедување на наставата на сите три циклуси на студии. Особено значаен напредок е остварен во научноистражувачката и публикациската активност. Во 2024/2025 година се евидентирани 45 објавени научни трудови, од кои 32 во референтни научни публикации, а во 2025/2026 година 32 трудови, од кои 24 во референтни научни публикации. Наставниот кадар истовремено учествуваше во меѓународни научни собири, проекти, научни мрежи и други форми на академска соработка. Стандард 1 – Институционални политики за обезбедување квалитет. Значаен напредок е постигнат во институционализирањето на системот за обезбедување квалитет. Во 2024 година е формиран Совет за квалитет на образованието, со вклучен студентски претставник, а системот за квалитет

	е дополнително поврзан со самоевалуацијата, студентските анкети, анкети за наставниот и стручно-административниот кадар, следењето на акциските планови и анализата на релевантните податоци. На тој начин се воспоставува континуиран циклус на планирање, реализација, следење, евалуација и унапредување. Стандард 2 – Студиски програми. Во периодот е постигнат значаен напредок во унапредувањето и реакредитацијата на студиските програми. Активностите беа насочени кон усогласување со современите научни сознанија, осовременување на наставната литература, подобрување на исходите од учењето, поврзување на теоретската и практичната настава и развивање на интердисциплинарни содржини. Во 2024/2025 и 2025/2026 година се објавени реакредитирани елаборати за студиски програми од прв и втор циклус. Стандард 6 – Ресурси за учење и поддршка на студентите. Напредокот се согледува во одржувањето и унапредувањето на функционалната инфраструктура за наставата и научноистражувачката работа, како и во користењето на електронски научни ресурси обезбедени преку УКИМ. Факултетот располага со предавални, кабинети, библиотека, компјутерска училница и амфитеатар, а наставниот кадар има пристап до релевантни електронски научни бази и ресурси. Стандард 7 – Управување со информации. Постигнат е напредок во систематското прибирање и користење на податоци релевантни за работата на Факултетот. Во извештајниот период се користат информации од I-Know, факултетската административна евиденција, извештаите од испитните сесии, Ризницата на научни трудови на УКИМ, студентските анкети и работата на Наставно-научниот совет. Овие податоци се користат при самоевалуацијата и при планирањето на идните активности. Стандард 8 – Информирање на јавноста. Факултетот значително ја унапреди јавната видливост на својата наставна, научна и академска дејност преку редовно објавување информации на веб-страницата, социјалните мрежи и други комуникациски канали. Во извештајниот период редовно се објавуваа информации за научни собири, наставни активности, одбрани на трудови, публикации, како и видеозаписи и материјали од конференции, симпозиуми и предавања. Стандард 9 – Меѓународна соработка и интернационализација. Еден од највидливите сегменти на напредок е зајакнувањето на меѓународната соработка. Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 година наставниот кадар учествуваше во меѓународни научни собири и мрежи, академски мобилности, Erasmus+ активности, COST акции, визитинг ангажмани и работни посети. Наставниот кадар е вклучен и во COST научни мрежи и акции, што претставува дополнително отворање на Факултетот кон европскиот научноистражувачки простор. Сумирано, најголемиот напредок во последните пет години се согледува во професионалното и кадровско зајакнување, зголемената научноистражувачка активност, унапредувањето на студиските програми, воспоставувањето пофункционален систем за обезбедување квалитет и значителното зголемување на меѓународната академска поврзаност на Факултетот.
Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница)	Во текот на извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје оствари напредок во повеќе значајни области. Истовремено, согледани се и области во кои постои простор за понатамошно унапредување. Како еден од најзначајните предизвици останува понатамошното кадровско

	обновување и развој на наставно-соработничкиот кадар. Иако во извештајниот период е постигнат напредок преку избори во повисоки звања и развој на помладиот кадар, потребно е континуирано кадровско планирање со цел постепено зголемување на бројот на наставници кои можат самостојно да преземат наставни обврски на сите три циклуси на студии. Предизвик претставува и понатамошното унапредување на научноистражувачката работа, особено преку обезбедување поголеми можности за фундаментални и интердисциплинарни истражувања, учество во конкурентни меѓународни проекти и дополнително зголемување на присуството во релевантни меѓународни научни публикации. Иако публикациската активност е значајна и во двете учебни години е евидентиран висок број научни трудови, понатамошниот развој на научниот потенцијал бара поголема проектна и финансиска поддршка. Во областа на професионалниот развој на наставниот кадар, потребно е дополнително систематизирање и поттикнување на обуки, тренинзи и размена на добри практики за современи и иновативни наставни методи. Во извештајниот период не се евидентирани организирани обуки или тренинзи за наставниот кадар финансирани од Факултетот, поради што ова претставува област со јасно определен простор за унапредување. Истовремено, професионалниот развој продолжува да се реализира преку научно-истражувачка работа, конференции, публикации и меѓународна академска соработка. Предизвик е и понатамошното модернизирање на наставната и информатичката инфраструктура и збогатување на библиотечниот и електронскиот научен фонд, особено со ресурси релевантни за теологијата и сродните хуманистички и општествени науки. Иако постојната инфраструктура обезбедува функционални услови за реализација на наставата и научната работа, нејзиното континуирано обновување е неопходно за следење на современите академски стандарди. Во областа на управувањето со информации, простор за унапредување постои во систематското следење на долгорочните исходи од студирањето, особено во делот на кариерниот развој и вработувањето на дипломираните студенти. Дополнително, може појасно да се поврзат резултатите од студентските анкети со конкретни мерки и активности за унапредување на студиските програми и наставниот процес. Во областа на меѓународната соработка, и покрај значителниот напредок во академската мобилност, COST активностите, Erasmus+ мобилноста и меѓународните научни проекти, предизвик останува натамошното институционализирање на соработката преку формализирани партнерства, заеднички научни активности и заеднички студиски програми. Факултетот сè уште нема реализирано заедничка студиска програма со странски универзитет, што претставува значајна можност за идниот развој. Предизвик претставува и обезбедувањето поголема и постабилна финансиска поддршка за научноистражувачката и развојната дејност, особено за учество во меѓународни научни проекти, академска мобилност, научни собири и модернизација на ресурсите. Имајќи предвид дека Факултетот е специфична високообразовна установа со ограничени финансиски можности, обезбедувањето дополнителни извори на финансирање останува значаен предуслов за понатамошно зголемување на научната и меѓународната видливост. Согледаните предизвици не претставуваат пречки за реализација на наставно-образовната дејност, туку области во кои постои потенцијал за понатамошно подобрување. Позитивните резултати од студентските анкети, зголемената научна активност, развојот на наставниот кадар,

	реакредитацијата на студиските програми и интензивирањето на меѓународната соработка обезбедуваат стабилна основа за нивно постепено надминување и за натамошен институционален развој.

2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ	
Индикатор	**Документација**
1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. - Политика за квалитет - Национална агенција за европски образовни програми и мобилност - Правилник за обезбедување на квалитетот на УКИМ - Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2026 до 2029 година - Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2025/2026 година - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2026/2027 година - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година - Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024-2029 година - Акциски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024-2029 година

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје политиката за обезбедување и унапредување на квалитетот ја спроведува во рамките на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и согласно релевантната национална регулатива и стандардите за обезбедување квалитет во високото образование.

Основата за воспоставување и функционирање на системот за квалитет ја претставува Правилникот за обезбедување на квалитетот на УКИМ, со кој се определуваат основните принципи, цели и механизми за обезбедување и унапредување на квалитетот во наставно-образовната и научноистражувачката дејност. Во овој систем Православниот богословски факултет ги реализира своите активности за обезбедување квалитет, при што ги зема предвид специфичностите на теолошкото образование, научноистражувачката дејност и својата мисија во рамките на Универзитетот.

Политиката за квалитет на Факултетот се операционализира преку стратешките и планските документи на Универзитетот и на Факултетот, во кои се утврдуваат приоритетите, целите, активностите и насоките за развој и унапредување на квалитетот. Во периодот опфатен со самоевалуацијата, овие определби се реализираат преку Стратегијата и Акцискиот план на УКИМ за периодот 2024–2029 година, како и преку Програмата за работа и акциските планови на Православниот богословски факултет.

Особено значење имаат Програмата за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за периодот 2023–2026 година, новата Програма за работа за периодот 2026–2029 година, како и годишните акциски планови, преку кои стратешките определби се преточуваат во конкретни активности и задачи. На тој начин, обезбедувањето квалитет претставува континуиран процес на следење, преиспитување и унапредување на работата на Факултетот.

Во програмските и планските документи на Факултетот посебно внимание е посветено на унапредувањето на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, зголемувањето на вклученоста на студентите во академскиот живот, примената на современи технологии во наставата, усогласувањето на нормативните акти со важечката законска регулатива, обезбедувањето финансиска стабилност и развој, како и унапредувањето на меѓународната соработка.

При планирањето и реализацијата на активностите се настојува да се обезбеди транспарентност, партиципативност и инклузивност, со вклучување на релевантните чинители во академската заедница. На овој начин, системот за обезбедување квалитет е поврзан со секојдневното функционирање и развојните приоритети на Факултетот.

Програмата за работа на Факултетот се темели и на согледување на неговите досегашни предности и слабости, можности и закани, со што се создава основа за реално и насочено планирање на идниот развој. Овој пристап овозможува приоритетите во обезбедувањето на квалитет да се утврдуваат врз основа на реалните потреби на институцијата и условите во кои таа ја остварува својата дејност.

Дополнително, квалитетот на работата се следи и преку механизмите предвидени во системот на УКИМ, како и преку интерните процеси на планирање, реализација и евалуација на активностите. На тој начин се обезбедува поврзаност меѓу планирањето, спроведувањето, следењето на резултатите и преземањето мерки за понатамошно унапредување, што претставува основа за континуирано подобрување на квалитетот.

Документите со кои се определуваат политиките, стратешките приоритети и конкретните активности за обезбедување и унапредување на квалитетот се јавно достапни преку веб-страниците на УКИМ и Православниот богословски факултет.

Прилози
Прилог 1.1А: Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2026/2027 година
Прилог 1.1.Б: Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2025/2026 година

1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.	Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (2024 година) Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје има воспоставен систем за следење, оценување и унапредување на квалитетот на образовниот процес, кој се реализира преку редовна евалуација на наставата, наставниот кадар, условите за студирање и работа, како и степенот на задоволство на студентите и вработените. Системот се спроведува согласно актите и процедурите на УКИМ и интерните акти на Факултетот, со што се обезбедува континуирано следење на квалитетот и идентификување на областите во кои е потребно негово понатамошно унапредување.

Како основни алатки за следење на квалитетот се користат анонимни електронски анкети и евалуации, преку кои се прибираат ставови и мислења од различни чинители во академската заедница. Со ваквиот пристап се овозможува согледување на квалитетот од повеќе перспективи: од страна на студентите, наставниот кадар и стручно-административниот кадар.

Во извештајниот период, евалуацијата на квалитетот се спроведуваше согласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици од 2024 година. Анкетите се реализираат во електронска форма преку системот I-know, односно преку платформата anketi.ukim.mk, со што се обезбедува стандардизиран начин на прибирање на податоците и анонимност на одговорите.

Во рамките на системот за евалуација, студентите го оценуваат квалитетот на наставата и наставниот кадар, како и општите услови за студирање. Дополнително, се прибираат податоци и за перцепцијата на наставниот кадар и стручно-административниот кадар во однос на квалитетот на условите за работа. На овој начин се овозможува следење на квалитетот на образовниот процес, но и на поширокиte услови во кои тој се реализира.

Во текот на извештајниот период, анкетирањето на студентите се спроведуваше на крајот на семестрите, согласно предвидената динамика за самоевалуација. Анкетите ги спроведува Комисијата за самоевалуација на Факултетот, формирана согласно Статутот на Факултетот. По прибирањето на податоците, Комисијата врши анализа на добиените одговори и ги сумира резултатите во извештаи, кои претставуваат основа за согледување на степенот на задоволство на студентите и за понатамошно унапредување на наставно-образовниот процес.

Резултатите од спроведените анкети во извештајниот период покажуваат високо ниво на задоволство и преовладувачки позитивна перцепција на квалитетот на наставата и условите за студирање. Особено позитивно се оценети работата на наставниот кадар, квалитетот на наставата и условите во кои се реализира наставно-образовниот процес. Позитивната перцепција е присутна и во оценките на наставниот и стручно-административниот кадар во однос на условите за работа.

Анкетите од 2025 и 2026 година обезбедуваат дополнителен увид во функционирањето на Факултетот и претставуваат значаен извор на податоци за процена на квалитетот. Резултатите од анкетата за перцепција на студентите за наставниот кадар во летниот семестар 2025/2026 година покажуваат позитивна оценка на наставниот кадар, додека анкетата за квалитетот на условите за работа од перспектива на студентите покажува позитивна перцепција и на условите во кои се реализира студирањето. Позитивни се и резултатите од анкетите спроведени меѓу наставниот и стручно-административниот кадар во однос на условите за работа.

Покрај резултатите од 2025/2026 година, како доказ за континуитетот на процесот на евалуација се приложени и резултатите од анкетите за зимскиот семестар 2024/2025 и летниот семестар 2024/2025, со кои се следи перцепцијата на студентите за квалитетот на наставата и општите услови на студирање. Анализата на овие резултати, исто така, покажува преовладувачки позитивни оценки.

Ваквите резултати укажуваат дека воспоставениот систем за евалуација овозможува редовно и систематско прибирање повратни информации од студентите и вработените, како и следење на повеќе аспекти од функционирањето на Факултетот. Истовремено, позитивните резултати од анкетите претставуваат показател дека активностите насочени кон унапредување на наставата, условите за студирање и работното опкружување се препознаваат од страна на членовите на академската заедница.

Комисијата за самоевалуација ги користи резултатите од анкетите како еден од инструментите за процена на квалитетот, заедно со другите механизми на институционално следење и самоевалуација. На тој начин се обезбедува поврзаност меѓу прибирањето на податоците, нивната анализа и планирањето на идните активности. Позитивните резултати воедно претставуваат основа за задржување и понатамошно унапредување на добрите практики, додека евентуалните поединечни забелешки и предлози се земаат предвид при планирањето на идните активности.

Оттука, системот за обезбедување квалитет на Православниот богословски факултет се карактеризира со редовност, транспарентност и повеќестрана евалуација, при што мислењето на студентите, наставниот кадар и стручно-административниот кадар претставува значаен извор на информации за квалитетот на работата на Факултетот.

Прилози

Прилог 1.2.А 2026 Извештај од анкета перцепција на студентите за наставниот кадар – летен семестар

Прилог 1.2.Б 2026 Извештај од анкета перцепција на студентите за квалитетот на условите за работа

Прилог 1.2.В 2026 Извештај од анкета перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на условите за работа
Прилог 1.2.Г 2026 Извештај од анкета перцепција на наставниот кадар за квалитетот на условите за работа
Прилог 1.2.Д 2025 Извештај од анкета перцепција на студентите за општите услови на студирање во летниот семестар
Прилог 1.2.Ѓ 2025 Извештај од анкета перцепција на студентите за квалитетот на наставата во летниот семестар
Прилог 1.2.Ж 2025 Извештај од анкета перцепција на наставниот кадар за квалитетот на условите за рабора
Прилог 1.2.З Извештај од анкета за перцепција на студентите за квалитетот на наставата зимски семестар 2024-2025

1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. - Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) - Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје во континуитет е посветен на унапредувањето на квалитетот на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес. Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, управата на Факултетот преземаше активности насочени кон подобрување на условите за студирање и работа, унапредување на наставниот процес, следење на задоволството на студентите и вработените, како и кон јакнење на соработката со релевантни институции и организации.

Работата на Факултетот во областа на обезбедувањето квалитет се реализира согласно Законот за високото образование, Статутот на Факултетот, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и релевантните акти и процедури за самоевалуација и обезбедување квалитет. Во таа насока, управата на Факултетот ги следи резултатите од спроведените евалуации и ги зема предвид при планирањето на идните активности и при утврдувањето на приоритетите за развој.

Особено значаен механизам за следење на квалитетот и добивање повратна информација претставуваат анкетите за перцепција на студентите, наставниот кадар и стручно-административниот кадар. Во извештајниот период анкетирањето се реализираше согласно утврдените процедури за самоевалуација, а добиените резултати беа предмет на анализа од страна на Комисијата за самоевалуација. На овој начин се овозможува систематско следење на перцепциите на различните категории членови на академската заедница и идентификување на можностите за понатамошно унапредување.

Резултатите од спроведените анкети во извештајниот период покажуваат високо ниво на задоволство и позитивна перцепција на студентите во однос на наставниот процес и наставниот кадар. Позитивните резултати се однесуваат и на општите услови за студирање, што укажува дека активностите на Факултетот во насока на одржување и подобрување на квалитетот се препознаени од страна на студентите. Позитивна перцепција за условите за работа е утврдена и кај наставниот и кај стручно-административниот кадар. Резултатите од овие анкети претставуваат важен показател за функционирањето на институцијата и основа за понатамошно планирање на активностите за подобрување на квалитетот.

Во процесот на обезбедување на квалитет значајна улога има и вклученоста на студентите во органите и телата на Факултетот. Согласно Законот за високото образование и Статутот на Факултетот, студентите учествуваат во работата на Наставно-научниот совет и во соодветните комисии. Со нивното учество се овозможува студентската перспектива непосредно да биде застапена во процесите на донесување одлуки, следење на квалитетот и планирање на активности за подобрување на наставно-образовниот процес.

Студентите се вклучени и во Комисијата за самоевалуација и Комисијата за квалитет, со што се обезбедува нивно непосредно учество во процесите на следење, проценка и унапредување на квалитетот. Покрај формалното учество во органите и комисиите, студентите имаат можност своите ставови, мислења и предлози да ги изнесуваат и преку анонимните анкетни прашалници. На тој начин се воспоставува двонасочен механизам на комуникација помеѓу студентите и управата на Факултетот.

Координацијата и соработката во рамките на Факултетот се остваруваат и преку редовната работа на Наставно-научниот совет, Комисијата за самоевалуација, Комисијата за квалитет и другите тела и комисии на Факултетот.

Преку нивната работа се разгледуваат прашања поврзани со наставата, студиските програми, условите за студирање и работа, студентските прашања, научноистражувачката дејност и други прашања значајни за квалитетот на работата на Факултетот.

Во однос на соработката со надворешните чинители, Факултетот ја остварува својата дејност во тесна соработка со Македонската православна црква – Охридска архиепископија, како основач, како и со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и други високообразовни, научни и стручни институции. Оваа соработка е од особено значење за следење на потребите на црковната и поширокатa општествена средина и за усогласување на образовниот профил на студентите со потребите на нивното идно професионално ангажирање.

Во рамките на Факултетот продолжува да функционира и Одборот за соработка и доверба со јавноста, во кој учествуваат претставници на основачот и релевантни претставници од општествената заедница. Неговата улога е значајна во воспоставувањето и одржувањето на комуникацијата со поширокатa јавност, како и во разгледувањето на прашањата поврзани со развојот на Факултетот и неговата поврзаност со потребите на Македонската православна црква и општеството.

Посветеноста на управата кон унапредување на квалитетот се согледува и преку планирањето и реализацијата на активностите утврдени во Програмата за работа и акциските планови на Факултетот, како и преку усогласувањето на неговите активности со стратешките определби на УКИМ. Во извештајниот период овие активности беа насочени кон унапредување на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, подобрување на условите за студирање и работа, зголемување на вклученоста на студентите, развивање на меѓународната соработка и подобрување на институционалните механизми за обезбедување квалитет.

Важен елемент во овој процес претставува и редовната самоевалуација на Факултетот, преку која систематски се согледуваат постигнатите резултати, се идентификуваат предностите и областите во кои постои простор за подобрување и се формулираат препораки за понатамошно дејствување. Управата на Факултетот ги разгледува резултатите и препораките од процесот на самоевалуација и ги користи како основа за планирање на идните активности.

На овој начин, во извештајниот период е воспоставена континуирана поврзаност меѓу планирањето, спроведувањето, евалуацијата и унапредувањето на активностите. Вклученоста на студентите и вработените, редовното прибирање и анализа на повратните информации, работата на комисиите и телата на Факултетот, како и соработката со релевантните црковни, академски и општествени чинители, претставуваат основа врз која управата го гради системот на координација и обезбедување на квалитет.

Прилози

1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.	Одлука за формирање на Советот за квалитет; Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.

Обезбедувањето на квалитетот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје се реализира како континуиран процес на следење, анализа и унапредување на работата, кој опфаќа повеќе меѓусебно поврзани механизми: самоевалуација, студентски анкети, анкети на наставниот и стручно-административниот кадар, следење на реализацијата на стратешките и оперативните планови, работа на Советот за квалитет, како и преземање мерки за унапредување на наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Следењето на реализацијата на Акцискиот план претставува важен инструмент за процена на постигнатиот напредок, бидејќи овозможува планираните активности да се поврзат со конкретни резултати и да се идентификуваат областите во кои е потребно дополнително дејствување. На овој начин, процесот на обезбедување квалитет претставува основа за планирање и преземање конкретни активности за нивно подобрување.

Континуираното следење на квалитетот се остварува и преку работата на Советот за квалитет, која има обврска да ги следи активностите поврзани со обезбедувањето на квалитет и да придонесува кон реализацијата на поставените цели. Комисијата, во соработка со раководството и другите релевантни тела на Факултетот,

придонесува кон поврзување на резултатите од евалуациите и самоевалуацијата со планирањето на идните активности.

На овој начин, Факултетот воспоставува затворен циклус на обезбедување на квалитет, кој опфаќа: планирање на активностите, нивна реализација, следење и евалуација на постигнатите резултати, идентификување на потребите и слабостите и преземање активности за нивно надминување. Ваквиот пристап овозможува обезбедувањето на квалитетот да биде интегрирано во редовното функционирање на Факултетот.

Прилози

Прилог 1.4.А Одлука 167/1 од 22.04.2024 за формирање на Советот за квалитет
Прилог 1.4.Б Годишен извештај за реализација на акцискиот план за 2024-2025 година
Прилог 1.4 В Годишен извештај за реализација на акцискиот план за 2025-2026 година

1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	- Акциски план на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2025/2026 година - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година - Годишен извештај за реализација на акцискиот план за 2024/2025 година - Годишен извештај за реализација на акцискиот план за 2025/2026 година - Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје - јуни 2024 - Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -декември 2021 - Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -ноември 2017 - Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје јуни 2013

Основна цел на системот за обезбедување и унапредување на квалитетот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е континуирано следење на квалитетот на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес и користење на добиените сознанија за планирање и преземање конкретни мерки за негово подобрување.

Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 академска година Факултетот продолжи да го развива системот за обезбедување на квалитет врз основа на сознанијата и препораките од претходните процеси на самоевалуација, како и врз основа на редовното следење на наставниот процес, студентските мислења, статистичките показатели и работата на наставниот и административниот кадар.

Континуитетот во овој процес се согледува и преку фактот што Православниот богословски факултет редовно спроведува самоевалуација и ги објавува извештаите на својата веб-страница. На официјалната веб-страница се достапни извештаите од самоевалуацијата од 2013, 2017, 2021 и 2024 година, со што се обезбедува институционална транспарентност и можност за следење на развојот на Факултетот низ подолг временски период.

Во текот на 2024 година на Факултетот е формиран Совет за квалитет на образованието, со Одлука бр. 167/1 од 22.04.2024 година. Комисијата има надлежност за развој и унапредување на поставените цели во Програмата за работа на Факултетот и за имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. Во нејзиниот состав е вклучен и студентски претставник, со што е обезбедено непосредно учество на студентите во институционалните механизми за следење и унапредување на квалитетот.

Покрај Советот за квалитет, значајна улога во процесот има и Комисијата за самоевалуација, која ги прибира и анализира податоците од различните инструменти за проценка на квалитетот.

Во анализираниот период системот за обезбедување на квалитет се потпира на повеќе извори на информации:

- резултати од студентските анкети;
- мислења на наставниот кадар;
- мислења на стручно-административниот кадар;
- статистички податоци за студентите;
- податоци за успешноста и напредувањето на студентите;
- податоци за реализацијата на наставата;
- податоци за научноистражувачката активност;
- согледувања од процесите на акредитација и реакредитација;
- препораки и заклучоци од претходните самоевалуации;
- информации добиени преку работата на органите и комисиите на Факултетот.

Еден од основните механизми за следење на квалитетот претставува студентското оценување на наставниот процес. Студентите преку анонимни анкети имаат можност да ја оценат реализацијата на наставата, наставниот кадар и општите услови за студирање. Во претходниот самоевалуациски период резултатите покажаа позитивна перцепција на студентите за најголемиот дел од аспектите на наставно-образовниот процес. Во извештаите од Советот за квалитет е констатирано дека студентските анкети се спроведуваат на крајот на секој семестар и дека Комисијата за самоевалуација ги обработува и анализира добиените резултати. Во периодот 2024/2025 и 2025/2026, овие сознанија продолжуваат да се користат како еден од изворите за проценка на квалитетот на наставата и за идентификување на можностите за нејзино понатамошно унапредување.

Посебно значење има тоа што студентите преку своите претставници учествуваат и во институционалните тела поврзани со обезбедувањето на квалитет. Студентите имаат свој претставник во Наставно-научниот совет, Комисијата за самоевалуација и Комисијата за квалитет.

Важен дел од системот за обезбедување квалитет е следењето на препораките и слабостите идентификувани во претходните самоевалуации. Во извештајот од 2024 година како позитивни резултати од претходниот период се издвоени зголемениот број научни трудови, подобрувањето на наставата преку инвестиции во наставната технологија и нови вработувања, зголемената достапност и комуникација меѓу наставниците и студентите, зајакнувањето на меѓународната соработка. Во овој извештаен период, ваквите активности продолжуваат да претставуваат основа за понатамошен развој на Факултетот.

Особено значајна е реализацијата на Акциски план за работа на Факултетот, кој претставува операционализација на поставените стратешки цели и определува конкретни активности, носители и временска рамка за нивна реализација. На официјалната веб-страница на Факултетот се објавени и Програмата за работа и акциските планови.

Во тој контекст, процесот на обезбедување на квалитет е поврзан со институционалното планирање: информациите добиени преку самоевалуацијата, статистичките показатели и другите механизми за следење на квалитетот претставуваат основа за определување на приоритетите и активностите на Факултетот.

Еден од најзначајните резултати од систематското следење на квалитетот е континуираното унапредување на студиските програми. Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 продолжија активностите поврзани со унапредување и реакредитација на студиските програми, со особено внимание на:
- усогласувањето на студиските програми со современите научни сознанија;
- осовременувањето на наставната литература;
- подобрувањето на исходите од учењето;
- поврзувањето на теоретската со практичната настава;
- развивањето на интердисциплинарни содржини;
- усогласувањето со европските и меѓународните образовни практики.

Во 2024/2025 и 2025/2026 година се објавени реакредитирани елаборати за студиски програми од прв и втор циклус. Ова претставува конкретен пример за примена на институционалниот систем за следење и подобрување на квалитетот во областа на студиските програми.

Системот за обезбедување на квалитет ги опфаќа и научноистражувачката и меѓународната активност на Факултетот. Во периодот опфатен со овој извештај продолжи развојот на меѓународната соработка и учеството во меѓународни научни активности. Овие активности придонесуваат кон размена на научни искуства, унапредување на академските компетенции на наставниот кадар и осовременување на наставно-образовниот процес.

Православниот богословски факултет обезбедува јавна достапност на клучните документи поврзани со системот за обезбедување квалитет. На веб-страницата се објавени извештаите од самоевалуацијата, програмите и акциските планови, како и други релевантни документи од институционално значење. Официјалната база на документи на Факултетот ги содржи и документите поврзани со самоевалуацијата, студентските анкети и квалитетот на наставата. Со тоа се обезбедува транспарентност на процесот и можност студентите, наставниот кадар, основачот и другите заинтересирани страни да имаат

увид во насоките на развој и активностите на Факултетот.	
Прилози	
1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.
Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје не е спроведена надворешна евалуација. Со оглед на тоа што во извештајниот период нема спроведена надворешна евалуација, не може да се даде процена на напредокот во однос на препораки од последна надворешна евалуација во рамките на овој извештај. Согласно природата на индикаторот, исполнувањето на овој дел ќе може целосно да се оцени по спроведувањето на следната надворешна евалуација. Сепак, фактот што Факултетот во континуитет спроведува внатрешни механизми за обезбедување на квалитет, редовно прибира и анализира податоци, спроведува анкети, следи реализација на акциските планови и врз основа на добиените сознанија планира активности за натамошно унапредување, потврдува дека обезбедувањето на квалитетот е воспоставено како континуиран процес.	
Прилози	

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

Стандард 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ	
Индикатор	**Документација**
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) - Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) - Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник на Република Македонија бр. 256/22)
Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, во периодот 2024/2025 и 2025/2026 академска година, продолжи да ги реализира студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива во Република Северна Македонија, како и со актите и правилата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Сите студиски програми на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“- Скопје на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани, а воедно и реакредитерина токму во периодот кој е опфатен со овој извештај. Програмите се во согласност со важечките законски решенија во Р. С. Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование. Основна дејност на Православниот богословски факултет во Скопје е наставно-образовна и научно-истражувачка работа. Изработката и одобрувањето на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии е од исклучителна важност со цел да се овозможи унапредување на образованието на студентите на сите студиски програми на трите циклуси на студии, следејќи ги најновите трендови во наставната работа и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на Црквата и општеството. Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за квалитет во високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот,вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.	
Прилози	
2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните две години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики. Закон за Националната рамка на квалификации

преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	

Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 академска година, студиските програми на Православниот богословски факултет продолжија да се реализираат во согласност со дефинираните цели, исходи од учењето и профилите на квалификациите за кои студентите се образуваат.

Студиските програми на прв, втор и трет циклус се конципирани така што овозможуваат постепено надградување на знаењата и компетенциите на студентите, од основно и систематизирано теолошко образование, преку специјализирано и продлабочено образование на втор циклус, до научноистражувачка и специјализирана работа на трет циклус.

Програмата од прв циклус „Теологија“ овозможува стекнување на знаења и разбирања од областа на теолошките науки, како и развивање способности за нивна примена во професионалната и црковната практика. На втор циклус се реализираат студии со различна временска и програмска структура, вклучително и едногодишни и двегодишни магистерски студии, како и специјалистичките студии по методика на наставата по религиско образование. На трет циклус, акредитираната студиска програма „Теолошки науки“ обезбедува можност за продлабочено, синтетичко и специјализирано научно образование во областа на теологијата.

Секоја предметна програма содржи јасно дефинирани цели, содржини, очекувани компетенции и исходи од учењето, методи на реализација на наставата, начини и критериуми на оценување, како и основна и дополнителна литература. На тој начин се обезбедува поврзаност помеѓу целите на студиската програма, целите на одделните предмети и очекуваните резултати од учењето.

Во текот на анализираниот период особено значење има континуираното осовременување на наставните содржини и литературата, во согласност со развојот на научните сознанија, современите образовни потреби и промените во општествениот и црковниот контекст.

Студиските програми од прв циклус кои се студираат на Православниот богословски факултет траат 8 семестари, односно станува збор за универзитетски четиригодишни додипломски студии со 240 кредити. За време на студиите, студентите се образуваат за наставно-образовна и научноистражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Студентите поседуваат знаење и разбирање од полето на теолошките науки. Се очекува студентите да се оспособени да ги промовираат и применуваат нивните теоретски и апликативни знаења како основа за понатамошно професионално делување. По дипломирањето студентите се здобиваат со звањето: дипломиран теолог. Студиите се вршат по акредитирана студиска програма „Теолошки студии“, бр. 08 – 684/10 од 11.03.2025 година.

На факултетот има и втор циклус на магистерски студии, со траење од 2 семестари и со траење од 4 семестари. На магистерските студии кои траат 2 семестари, односно една година со 60 кредити, се образуваат професионални кадри за наставно-образовна и научноистражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Студиите завршуваат со јавна одбрана на магистерски труд, а студентите се здобиваат со звањето: магистер по теологија. Акредитирани едногодишни студии по теологија, бр. 08 – 377/7 од 12.09.2025 година.

На магистерските студии кои траат 4 семестари со 120 кредити, се образуваат студенти за наставно-образовна и научноистражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Студиите завршуваат со јавна одбрана на магистерски труд, а студентите се здобиваат со звањето: магистер по теологија. Акредитирани двегодишни студии по теологија, бр. 08 – 378/7 од 12.09.2025 година.

Исто така, на Православниот богословски факултет постојат едногодишни стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование со 60 кредити. Програмата им овозможува на студентите да се стекнат со знаења од областа на теологијата, педагогијата, педагошката психологија и методиката на религиската настава. Студиите завршуваат со јавна одбрана на специјалистички труд и се здобиваат со звањето Професор – специјалист по методика на наставата по религиско воспитание и образование. Акредитирани Стручни академски студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование, бр. 08 – 379/7 од 12.09.2025 година.

Факултетот има и акредитирана студиска програма за трет циклус на студии - студиска програма „Теолошки науки“, бр. 08 – 887/4 од 29.03.2024 година, преку која се надградуваат последипломските студии по теологија. Студиите од трет циклус нудат продлабочено, синтетичко и специјализирано образование од теологијата, преку кое се пристапува до критички пристап и анализирање на важни теолошки прашања. Докторските студии траат 6 семестари, односно тригодишни студии со 180 кредити. Докторските студии се завршуваат со подготовка и јавна одбрана на докторски труд, а по завршувањето кандидатите се стекнуваат со научниот назив: доктор на теолошки науки.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со цел студентот да стекне знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите. Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации согласно со Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/2013 и 30/2016).

Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се дизајнирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодветната програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24).

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус се достапни во приложените елаборати (Прилог 2.2.А, Прилог 2.2.Г , Прилог 2.2.Е, Прилог 2.2.S и Прилог 2.2.К).

Прилози

Прилог 2.2.А. Елаборат за прв циклус теолошки студии
Прилог 2.2.Б. Решение за акредитација за прв циклус теолошки студии
Прилог 2.2.В. Решение за почеток со работа за прв циклус теолошки студии
Прилог 2.2.Г. Елаборат за втор циклус едногодишни студии по теологија
Прилог 2.2.Д. Решение за акредитација за втор циклус едногодишни студии по теологија
Прилог 2.2.Ѓ. Решение за почеток со работа за втор циклус едногодишни студии по теологија
Прилог 2.2.Е. Елаборат за втор циклус двегодишни студии по теологија
Прилог 2.2.Ж. Решение за акредитација за втор циклус двегодишни студии по теологија
Прилог 2.2.З. Решение за почеток со работа за втор циклус двегодишни студии по теологија
Прилог 2.2.S. Елаборат за втор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование
Прилог 2.2.И. Решение за акредитација за втор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование
Прилог 2.2.J. Решение за почеток со работа за втор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование
Прилог 2.2.К. Елаборат за трет циклус докторски студии по теологија
Прилог 2.2.Л. Решение за акредитација за докторски студии по теологија
Прилог 2.2.Љ. Решение за почеток со работа за докторски студии по теологија

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Православниот богословски факултет во Скопје, при креирањето и реализацијата на своите студиски програми, ги зема предвид потребите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, образовниот систем, како и поширокиите потреби на современото општество.

Специфичноста на теолошкото образование определува студиските програми првенствено да бидат насочени кон образование на кадри за потребите на Црквата, наставно-образовната дејност, научноистражувачката работа и други професионални области во кои се применуваат теолошките, педагошките, хуманистичките и сродните знаења и компетенции.

Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 продолжи определбата студиските програми да одговараат на современите предизвици со кои се соочуваат Црквата и општеството. При тоа, покрај традиционалните теолошки дисциплини, се препознава потребата од интердисциплинарен пристап кон современите општествени, образовни, етички и културни прашања.

Особено значајна е улогата на наставата во подготовката на идните теолози и наставници за работа во современа, плуралистичка и динамична општествена средина. Во тој контекст, образовниот процес овозможува поврзување на теолошките содржини со прашања поврзани со воспитанието, образованието, педагошката и психолошката практика, меѓурелигискиот и меѓукултурниот дијалог, етиката и современите општествени предизвици.

Факултетот ја следи потребата од континуирано усогласување на студиските програми со развојот на науката и потребите на заедницата. Во оваа насока, значајна улога има и Одборот за соработка и доверба со јавноста, преку кој се овозможува вклучување на релевантни претставници на Црквата и општествената заедница во процесите поврзани со развојот и проценката на релевантноста на студиските програми.

Активностите на Факултетот во научноистражувачката и наставно-образовната област во анализираниот период дополнително придонесуваат за поврзување на студиските програми со современите научни текови и потребите на општеството.

На тој начин, студиските програми се развиваат како динамична рамка која, покрај зачувувањето на основните теолошки и црковни содржини, овозможува постепено вклучување на современи научни и општествени перспективи.

Прилози

Елаборатите се дел од прилозите во сегментот 2.2.

Прилог 2.3.А Одлука за формирање на Одбор за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје

Прилог 2.3.Б Позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје за елаборатот за прв циклус студии

Прилог 2.3.В Позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје за елаборатот за втор циклус едногодишни студии по теологија

Прилог 2.3.Г Позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје за елаборатот за втор циклус двегодишни студии по теологија

Прилог 2.3.Д Позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје за елаборатот за дтор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование

Прилог 2.3.Ѓ Позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје за елаборатот за трет циклус теолошки студии

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.	- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18) - Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -декември 2021 Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

Во периодот 2024/2025 и 2025/2026 академска година, Православниот богословски факултет продолжи да ја применува определбата за вклучување на студентите и релевантните носители на интереси во процесите поврзани со следењето и унапредувањето на студиските програми.

Студентите учествуваат во работата на органите и телата на Факултетот преку своите избрани претставници, со

што се обезбедува можност нивните ставови, предлози и согледувања да бидат разгледувани во рамките на институционалните процеси на одлучување.

Важен инструмент за следење на квалитетот на наставата претставуваат студентските анкети. Преку нив студентите имаат можност да го оценат наставниот процес, работата на наставниот кадар, организацијата на наставата и други аспекти поврзани со квалитетот на студирањето. Резултатите од студентските мислења претставуваат значаен извор на информации за идентификување на можностите за подобрување.

Во процесите на осовременување на студиските програми се земаат предвид и сознанијата на наставниот кадар стекнати преку научноистражувачката работа, учеството на научни и стручни собири, меѓународната соработка и следењето на современите тенденции во теолошките, педагошките и сродните научни области.

Особено значајно е што ревидирањето и унапредувањето на студиските програми се разбира како континуиран процес. Наставниот кадар во рамките на својата предметна и програмска одговорност постојано ја следи актуелноста на содржините, релевантноста на литературата и соодветноста на наставните методи во однос на поставените исходи од учењето.

Во оваа насока, Факултетот настојува да воспостави повратна врска помеѓу студентите, наставниот кадар, црковната заедница и поширокото општество. Повратните информации од овие страни претставуваат основа за идентификување на потребите за унапредување на студиските програми и создавање поквалитетна и поефикасна средина за учење.

Континуираното следење на студиските програми овозможува тие да останат релевантни, актуелни и усогласени со развојот на теолошката наука, потребите на Црквата и современите образовни и општествени предизвици.

Прилози

Стандард 2 Креирање, одобрување и следење на студиските програми

2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.

При креирањето на сите студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии на Православниот богословски факултет во Скопје се прават напори да се вградат најдобрите светски практики. Предметите кое се дел од студиските програми се изработени согласно позитивните искуства од соодветните студиски програми на познати светски универзитети и теолошки факултети.

Кај студиските програми посебно е нагласена тенденцијата за нивно континуирано усовршување и реформирање, а при тој процес особено се внимава на позитивните практики од светските универзитети, со цел доведување во состојба на компатибилност со соодветните студиуми во светот. Трансферот на знаења и користење на искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети и теолошки факултети претставува појдовната нишка во процесот на реакредитација на студиските програми.
Така, при реакредитација на студиските програми од прв циклус на студии користени се соодветни програми од реномирани универзитети и истите се споредливи со слични програми на странски високообразовни институции, особено во рамките на европскиот образовен простор.

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус се достапни во приложените елаборати при индикаторот 2.2 (Прилог 2.2.А, Прилог 2.2.Г , Прилог 2.2.Е, Прилог 2.2.S и Прилог 2.2.К).

Прилози

2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;

установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми.

Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии. Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во рамките на Македонската православна црква и Богословијата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.

Системот на студирање на првиот, вториот и третиот циклус на студии е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е опишан детално во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.

Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за прв, втор и трет циклус на студии. Преку запишување на студентите на втор и трет циклус на студии, тие имаат можност да го комбинираат и надоградуваат своето практично знаење со знаењето кое го стекнуваат на соодветната студиска програма.

Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го стават во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година, во што се вклучени: активности за време на часовите, предавања, вежби, практично искуство за одредени предмети како на пример: христијанска методика на наставата, црковно пеење практика, литургика практика на вршење на богослуженијата и молитвословијата, омилитика практика ораторство, индивидуална работа (изработка на семинарски, дипломски трудови), како и испити и други можни методи на евалуација.

ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студентите на втор циклус студии е 60, односно 120 ЕКТС (едногодишни, односно двегодишни студии) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС. Оптовареноста на студентите од прв, втор и трет циклус на студии е јасно распределена во елаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење.

Православниот богословски факултет во Скопје има соработка со Средното богословско училиште „Св. Климент Охридски“ во Скопје, каде што студентите изведуваат практична настава во рамките на предметот христијанска методика на наставата од прв циклус студии и предметот методика на религиската настава од втор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование. Практична настава на Факултетот има и по предметите од прв циклус студии: литургика, црковно пеење и омилитика. Дел од оваа настава се изведува во црквата „Св. Јован Крстител“ при Факултетот, на која учествуваат студентите запишани на прв и втор циклус на студии. Практичната настава трае од 2 до 10 часови, зависно од предметот. Евалуацијата на практичната настава ја врши предметниот наставник согласно со критериумите пропишани во наставната програма за одреден наставен предмет.

Прилози

Прилог Стандард 2.6.Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности

Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2.

2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	- Информации за студентите од прв циклус студии - Информации за студентите од втор циклус студии - Информации за студентите од трет циклус студии - Студиска програма за прв циклус на студии за студентите запишани од

	2024 година - Студиска програма за прв циклус на студии за студентите запишани од 2019 година - Студиска програма за прв циклус на студии за студентите запишани до 2019 година - Студиска програма за втор циклус едногодишни студии - Студиска програма за втор циклус двегодишни студии - Студиска програма за втор циклус едногодишни специјалистички студии по методика на религиската настава - Студиска програма за трет циклус на студии

Сите информации за студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии навремено се објавуваат на интернет страната на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје и истите кореспондираат со официјалните записи.
За секоја студиска програма е прикачен елаборатот, потребните задолжителни и изборни предмети со соодветните кредити, содржината на секој предмет со наставниците, како и сите документи кои се неопходни за информирање на студентите во врска со првиот, вториот и третиот циклус на студии.
Информациите се објавени на македонски јазик - јазикот на кој се вршат предавањата на Православниот богословски факултет.

Прилози

2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.

Студиските програми на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје на прв, втор и трет циклус на студии континуирано се следат и периодично се ревидираат со цел да се обезбеди нивна усогласеност со поставените цели, современите текови во високото образование, развојот на научната и стручната област, потребите на студентите, како и потребите на Црквата и поширокаата општествена заедница.

Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, особено значаен процес во однос на унапредувањето на квалитетот на студиската понуда на Факултетот беше реакредитацијата на студиските програми на прв и втор циклус на студии. Во рамките на овој процес беа подготвени и усвоени нови елаборати, а согласно спроведените постапки се обезбедени и соодветни решенија за акредитација и решенија за почеток со работа.

Во извештајниот период се реакредитирани следните студиски програми:
- прв циклус теолошки студии;
- втор циклус едногодишни студии по теологија;
- втор циклус двегодишни студии по теологија;
- втор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование.

Процесот на реакредитација претставуваше можност за систематско преиспитување и унапредување на студиските програми, нивната структура, содржините на предметите, резултатите од учењето, начинот на реализација на наставата, литературата, оптоварувањето на студентите и распределбата на ЕКТС-кредитите. При подготовката на новите елаборати беа земени предвид и современите потреби на теолошкото образование, развојот на соодветните научни дисциплини и потребата од поврзување на теоретските знаења со практичната примена.

Со завршувањето на процесот на реакредитација, Факултетот обезбеди обновена и структурирана студиска понуда на сите три циклуси на студии. Новите студиски програми претставуваат основа за понатамошно континуирано следење и унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес.

Наставата во извештајниот период се реализираше согласно акредитираните студиски програми, годишните планови за работа и распоредот на часови. За секој предмет предвиден со студиската програма се организираше соодветна настава, а студентите имаа можност за консултации со предметните наставници и за дополнителна индивидуална работа.

Распоредот на часови, академскиот календар и другите релевантни информации за реализацијата на наставата се објавуваат на веб-страницата на Факултетот и на огласната табла, со што студентите навремено се информираат за текот на наставно-образовниот процес.

Следењето на реализацијата на наставата се врши и преку студентското оценување на наставата и наставниот кадар. Повратните информации добиени од студентите претставуваат еден од механизмите преку кои Факултетот ги согледува силните страни и можните области за унапредување на наставата.

Во текот на извештајниот период наставата повторно се реализираше со физичко присуство, при што искуствата стекнати од претходниот период со користење на електронски форми на комуникација и наставни ресурси продолжија да се користат како дополнување на редовниот наставен процес, особено во комуникацијата со студентите, консултациите и споделувањето наставни материјали.

Следењето на реализацијата и успешноста на студиските програми се врши преку повеќе индикатори, меѓу кои:
- број на запишани студенти;
- број на реализирани наставни предмети;
- редовност и реализација на наставата;
- просечни оценки по предмети;
- успешност на студентите во совладувањето на наставните содржини;
- број на дипломирани студенти;
- број на студенти кои завршиле втор циклус на студии;
- број на одбранети специјалистички и магистерски трудови;
- број на одбранети докторски дисертации;
- број и причини за прекин или напуштање на студиите;
- резултати од студентското оценување на наставата и наставниот кадар;
- повратни информации од наставниот кадар и студентите;
- усогласеност на студиските програми со современите научни и образовни текови.

Добиените информации се користат при планирањето на наставата, организацијата на наставниот процес и при утврдувањето на потребите за понатамошно подобрување на студиските програми.

Прилози

Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус и решенијата за работа се дадени во прилози на индикаторот 2.2.

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години.

На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје редовно се прибираат, следат и анализираат статистички податоци поврзани со реализацијата на наставно-образовниот процес и успешноста на студентите. Податоците се користат како основа за согледување на состојбите во студирањето и за донесување одлуки насочени кон подобрување на квалитетот на студиските програми и наставата.

Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, Факултетот продолжи со систематско следење на бројот на запишани студенти, бројот на новозапишани студенти, бројот на дипломирани студенти, студентите кои завршиле втор циклус на студии, бројот на одбранети специјалистички, магистерски и докторски трудови, како и бројот на реализирани предмети и просечните оценки по предмети.

Статистичките податоци се следат по академски години и по циклуси на студии, со што се овозможува споредување на состојбите и идентификување на тенденциите во однос на запишувањето, успешноста и завршувањето на студиите.

Посебно внимание се посветува на податоците поврзани со успешноста на студентите по предмети. Просечните оценки и бројот на реализирани предмети претставуваат показатели кои може да укажат на потребата од дополнителна поддршка на студентите, промени во организацијата на наставата или дополнување и осовременување на наставните материјали.

Факултетот ги следи и податоците за студентите кои ги прекинуваат или ги напуштаат студиите. При анализата се земаат предвид причините наведени во расположливата документација, со цел да се согледаат можните фактори кои влијаат врз задржувањето на студентите и успешното завршување на студиите.

Статистичките податоци претставуваат значаен дел од системот за обезбедување и унапредување на квалитетот, бидејќи овозможуваат одлуките поврзани со студиските програми и наставниот процес да се темелат на реални показатели. Во тој контекст, податоците се користат и како еден од основите за следење на ефектите од промените направени во процесот на реакредитација на студиските програми во извештајниот период.

Особено значење има можноста статистичките податоци да се разгледуваат во корелација со резултатите од студентското оценување, информациите за реализацијата на наставата и податоците за успешноста на студентите. На тој начин се овозможува посеопфатно согледување на квалитетот и ефикасноста на студиските програми.

Во извештајниот период, податоците за студентите и реализацијата на студиските програми беа земени предвид и во процесот на реакредитација на студиските програми на прв и втор циклус. Тие овозможија согледување на досегашната реализација на програмите и претставуваа дел од поширокиот процес на нивно преиспитување и унапредување.

Статистичките податоци за 2024/2025 и 2025/2026 година се прикажани во табелите во Стандард 2. Тие опфаќаат податоци за бројот на запишани студенти, реализираните предмети, просечните оценки, дипломираните студенти, студентите кои ги завршиле студиите на втор циклус, како и бројот и причините за напуштање на студиите.

Прилози

Прилог 2.9.А. Статистички податоци – број на запишани студенти и број на студенти кои ги напуштиле студиите
Прилог 2.9.Б. Статистички податоци - Предмети и просечни оценки по предмети прв и втор циклус студии
Прилог 2.9.В. Причини за напуштање на студиите

Стандард 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
Индикатор	**Документација**
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје наставата се реализира на начин кој, покрај стекнувањето на теоретски знаења, овозможува студентите активно да се вклучат во процесот на учење. Во зависност од природата на предметот и неговата содржина, наставата се реализира преку предавања, вежби, лекторски вежби, консултации, семинарски и семестрални работи, есеи, елаборати, библиографии, практична и теренска настава, како и други активности предвидени со студиските програми.

Посебно значење во реализацијата на наставата има непосредната комуникација меѓу наставниците и студентите. Студентите имаат можност да поставуваат прашања, да учествуваат во дискусии, да обработуваат одделни теми и самостојно да презентираат содржини поврзани со предметната програма. На тој начин наставата создава простор студентите активно да учествуваат во нивното усвојување и продлабочување.

Во зависност од карактерот на теолошката дисциплина, покрај редовните предавања и вежби, се применуваат и практични форми на работа. Студентите, кога тоа го дозволува предметната програма, посетуваат цркви, манастири, археолошки наоѓалишта, музеи и други релевантни објекти, преку што стекнуваат можност теоретските содржини да ги поврзат со конкретни примери и практични искуства.

Изведувањето на наставата и начините на реализација на студиските обврски се регулирани со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, особено со одредбите што се однесуваат на организацијата на наставата, обврските на студентите и начинот на проверка на знаењето.

Активното учество на студентите се согледува и преку изработката на семинарски работи, есеи, самостојни истражувања и други писмени и усни задачи. Преку овие активности студентите се поттикнуваат самостојно да користат научна литература, да анализираат одредени прашања, да формираат сопствени ставови и аргументирано да ги презентираат своите сознанија. Консултациите со наставниот кадар дополнително овозможуваат насочување на студентите во процесот на подготовка и реализација на овие активности.

Проверката и оценувањето на знаењето се вршат преку различни форми, во зависност од карактерот на предметот и неговата предметна програма. Покрај завршното оценување, се применуваат колоквиуми, семинарски и други активности, со што се овозможува следење на напредокот на студентите во текот на семестарот. На овој начин оценувањето ги зема предвид и активностите што студентите ги реализираат во текот на наставниот процес, а не само нивното знаење покажано на завршниот испит.

Во текот на извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, овој начин на работа продолжи да се применува во рамките на студиските програми на Факултетот. Наставниот процес се реализираше согласно акредитираните студиски програми и утврдените наставни обврски, при што наставниците, согласно природата на предметите што ги реализираат, применуваа различни форми на активирање на студентите.

Дополнителен показател за вклученоста на студентите во процесот на учење се и резултатите од студентската самоевалуација, преку која студентите имаат можност да го оценат квалитетот на наставата, достапноста на наставниот кадар, начинот на реализација на наставата и сопственото искуство во текот на студирањето. Резултатите од овие анкети претставуваат повратна информација за наставниот кадар и Факултетот и можат да се користат при планирањето на идните активности за унапредување на наставниот процес.

Оценка: Во извештајниот период наставата на Факултетот се реализираше преку повеќе различни форми на работа кои овозможуваат активно учество на студентите. Постоењето на семинарски и практични активности, консултации, дискусии, самостојна работа и континуирано проверување на знаењето создава основа за студентот да биде активен учесник во наставниот процес. Во наредниот период можностите за уште поголемо вклучување на студентите во интерактивни и истражувачки активности може дополнително да се унапредуваат, согласно специфичноста на секоја студиска програма и предмет.

Прилози

Прилог 3.1.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, начинот на реализација на наставата се определува според спецификите на студиската програма, предметот и образовните цели што треба да се постигнат. Студиските програми предвидуваат различни форми на работа, со што се овозможува студентите, покрај стекнувањето теоретски знаења, да развиваат и практични, истражувачки и комуникациски вештини.

Наставата на првиот циклус се реализира преку предавања и вежби, при што теоретските содржини се надополнуваат со анализа, дискусија и практични активности. Во предметите каде што природата на наставата тоа го бара, се реализира и практична или теренска настава. Така, во рамките на предметите Литургика и Црковно пеење, практичниот дел се реализира во црква, додека во рамките на предметот Свето писмо на Стариот завет се реализираат активности поврзани со посета на синагога. Овие форми на работа им овозможуваат на студентите непосредно да се запознаат со содржини кои не можат во целост да се совладаат само преку класична предавачка настава.

На вториот циклус студии, наставата е насочена кон продлабочување на знаењата и развивање на истражувачки компетенции. Покрај задолжителните предмети, студентите имаат можност да избираат предмети согласно понудата на студиската програма и Универзитетот. Особено значајна е можноста во последипломските студии да се вклучат студенти со различно претходно образование, што создава услови за интердисциплинарна размена и поширок пристап кон обработката на темите.

Ова особено доаѓа до израз кај вториот циклус студии, каде што покрај теолошките дисциплини се изучуваат и содржини од областа на црковната средновековна уметност, средновековната философија, философијата на религиите, социологијата на религиите и други сродни области. На тој начин се земаат предвид различните претходни образовни искуства и интереси на студентите и се создава можност за нивно поврзување со теолошкото образование.

Во рамките на стручнитевстудии по методика на наставата по религиско воспитание и образование, наставата комбинира теоретски и практични содржини од теологијата, педагогијата, педагошката психологија и методиката на религиската настава. Таквата поставеност овозможува примена на различни педагошки пристапи и директно поврзување на стекнатите знаења со практиката на воспитно-образовната работа.

Студиските програми предвидуваат различни начини на проверка и оценување на знаењето, како што се колоквиуми, вежби, практична работа, презентации, проектна работа, семинарски работи и други активности предвидени со предметните програми. Изборот на конкретниот метод зависи од карактерот на предметот и од компетенциите што треба да ги стекнат студентите.

Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, наставниот процес продолжи да се реализира во рамките на овие различни форми на работа. Наставниот кадар, согласно спецификите на предметите, применуваше предавања, вежби, консултации, самостојна работа на студентите, презентации, семинарски активности, како и практични и теренски форми на работа каде што тоа е соодветно.

Факултетот настојува начинот на реализација на наставата да се приспособува на потребите на студентите и на природата на наставните содржини. Во таа смисла, флексибилноста се подразбира како можност наставникот да го избере најсоодветниот пристап за постигнување на предвидените исходи од учењето.

Прилози
Елаборатите на студиските програми од прв, втор и трет циклус, во кои се утврдени начините на реализација на наставата и предвидените форми на проверка и оценување, се наведени во прилозите кон индикаторот 2.2.

3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје - Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -декември 2021

На Православниот богословски факултет наставата се реализира во согласност со целите и исходите на учењето утврдени во студиските програми, при што се настојува студентите да бидат активно вклучени во наставниот процес. Начинот на работа се приспособува на природата на предметот, нивото на студии и компетенциите што студентите треба да ги стекнат.

Во елаборатите на студиските програми се определени целите, компетенциите и вештините што треба да ги стекнат студентите, како и начините преку кои тие се постигнуваат. Во рамките на наставата се применуваат различни форми на интерактивна работа – дискусии, анализа на текстови и извори, презентации, семинарски работи, практични активности, индивидуална работа и консултации. Изборот на методот е оставен на наставникот, во зависност од специфичноста на научната дисциплина.

Во теолошките дисциплини особено значење има работата со изворен материјал, библиски и богословски текстови, историски извори и стручна литература. Преку анализа и интерпретација на овие материјали студентите се поттикнуваат самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања и аргументирано да ги образложуваат своите ставови.

Студиите на случај се применуваат онаму каде што се методолошки оправдани, особено во педагошките и методичките предмети. Во овие области тие овозможуваат конкретно согледување и анализа на воспитно-образовни ситуации и феномени. Кај останатите теолошки дисциплини, каде што ваквиот метод не е соодветен на природата на предметот, се применуваат други методи на работа, соодветни на научната област.

Интердисциплинарниот пристап е особено присутен во последипломските студии. Можноста за запишување студенти со различно претходно образование од областа на философијата, психологијата, педагогијата, историјата, филологијата и други сродни области создава услови за размена на различни знаења и перспективи и за нивно поврзување со теолошките содржини.

Во текот на извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, наставниот процес се следеше преку редовното функционирање на наставно-научните структури на Факултетот, како и преку повратните информации од студентите. На крајот на семестарот се спроведува студентска самоевалуација, преку која студентите можат да го оценат квалитетот на наставата, начинот на реализација на предметите, достапноста и комуникацијата со наставниот кадар и други аспекти од студирањето.

Резултатите од студентската самоевалуација претставуваат важен извор на повратни информации за наставниот процес. Тие овозможуваат да се согледаат силните страни, но и евентуалните слабости во реализацијата на наставата и, каде што е потребно, да се преземат соодветни мерки за нејзино подобрување.

Адаптацијата на наставата на Факултетот се остварува и преку користење на дигитални алатки и платформи кога

тоа е потребно и соодветно. Искуството стекнато со онлајн-наставата овозможи и понатаму да се користат дигитални можности за комуникација, споделување материјали и реализација на одделни наставни активности.

Во овој контекст, пристапот ориентиран кон студентот на Факултетот се реализира преку комбинирање на различни форми на наставна работа, непосредна комуникација со наставниот кадар, можности за консултации, самостојна работа и континуирана повратна информација. На тој начин се создаваат услови студентите постепено да развиваат знаења и способност за самостојно истражување, критичко размислување и примена на стекнатите компетенции.

Оценка: Во извештајниот период се применуваа различни пристапи во реализацијата на наставата, соодветни на карактерот на студиските програми и предметите. Посебна вредност претставува можноста за комбинирање на теоретска, практична, истражувачка и интерактивна работа. Како простор за понатамошно унапредување останува континуираното проширување на интерактивните и дигиталните методи на работа и нивното соодветно прилагодување на специфичностите на теолошките дисциплини.

Прилози

Елаборатите на студиските програми од прв, втор и трет циклус, во кои се утврдени начините на реализација на наставата и предвидените форми на проверка и оценување, се наведени во прилозите кон индикаторот 2.2.

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Во елаборатите на студиските програми на Православниот богословски факултет во Скопје се утврдени и детално разработени начините и критериумите за оценување на студентите. Методите на оценување се усогласени со природата и спецификите на наставните предмети и овозможуваат континуирано следење на постигнувањата на студентите во текот на наставниот процес.

Оценувањето се реализира преку различни форми, меѓу кои: колоквиуми, писмени и усни испити, семинарски и други писмени трудови, есеи, вежби, практични задачи, презентации, проектни активности, како и други форми предвидени во предметните програми. Изборот на конкретните методи зависи од природата на предметот, неговите цели и очекуваните резултати од учењето.

Правилата и постапките за оценување и испитување се регулирани со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Со Правилникот се уредуваат начинот на пријавување и полагање на испитите, испитните рокови, јавноста на испитот, начинот на оценување, завршното оценување, можноста за комисиско полагање, како и постапувањето по евентуални приговори на студентите.

Во текот на извештајниот период наставниот кадар ги применува утврдените методи на оценување согласно спецификите на наставните предмети и студиските програми. На почетокот на секој семестар, наставниците ги запознаваат студентите со начинот на реализација на наставата, задолжителната и дополнителната литература, условите за исполнување на студентските обврски и начинот на кој се врши оценувањето. Студентите се информираат и за елементите кои се земаат предвид при формирањето на конечната оценка.

Ваквиот пристап овозможува оценувањето да биде транспарентно, однапред утврдено и поврзано со резултатите од учењето, а студентите навремено да ги знаат критериумите според кои ќе бидат оценувани.

Во зависност од карактерот на наставата, наставниците користат и континуирани форми на следење на работата на студентите преку активност на часовите, вежби, самостојна работа, семинарски трудови, есеи, презентации и практични активности. На тој начин, оценувањето не се сведува само на завршниот испит, туку овозможува следење на напредокот на студентот во текот на целиот наставен процес.

Во извештајниот период методите на оценување остануваат во согласност со воспоставената практика на

Факултетот и се применуваат согласно акредитираните студиски програми и предметните програми. Наставниот кадар има можност, во рамките на утврдените правила и специфичностите на предметот, да комбинира различни методи на проверка на знаењата и стекнатите компетенции.

Прилози

Прилог 3.4.А Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во проценти) на ниво на установа

Прилог 3.4.Б Листи на предмети и методи на оценување и испитување на студентите по академски години за последните 2 години

Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2.

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите на Православниот богословски факултет во Скопје се однапред утврдени, јавно објавени и достапни за студентите. Тие се определени во елаборатите на студиските програми и во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Во наведените документи јасно се определени критериумите и методите на вреднување и оценување, како и начинот на формирање на конечната оценка за секој наставен предмет. Методите на оценување се усогласени со целите и очекуваните резултати од учењето на соодветните предмети и студиски програми.

Во текот на академските 2024/2025 и 2025/2026 година, воспоставените критериуми и методи на оценување се применувале континуирано во реализацијата на наставата на студиските програми на Факултетот. Студентите на почетокот на секој семестар се запознаваат со начинот на реализација на наставата, студентските обврски, литературата, како и со критериумите и начинот на оценување за конкретниот наставен предмет.

Деталните начини и пристапи во оценувањето се наведени во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. На тој начин се обезбедува транспарентност на процесот на оценување и студентите однапред се информирани за начинот на кој ќе се вреднува нивното знаење, ангажман и постигнување на предвидените резултати од учењето.

Прилози

Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2.

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Оценувањето на студентите на Православниот богословски факултет во Скопје се спроведува согласно утврдените студиски програми, предметните програми и одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии. На овој начин се обезбедува доследна примена на утврдените критериуми и постапки за сите студенти.

Методите на оценување се прилагодени на целите и спецификите на секој наставен предмет и овозможуваат студентите да го демонстрираат степенот на стекнатите знаења, вештини и компетенции. Во зависност од природата на предметот, се применуваат различни форми на проверка и оценување, меѓу кои писмени и усни испити, колоквиуми, семинарски трудови, есеи, презентации, вежби, практични задачи и други активности предвидени со предметните програми.

Во текот на наставниот процес студентите добиваат повратни информации за нивната работа и постигнувања. Повратните информации се обезбедуваат во различни фази од реализацијата на наставата, особено при изработка на семинарски и други писмени трудови, есеи, библиографии, презентации и практични задачи. Наставниците преку консултации и директна комуникација со студентите даваат насоки и сугестии за подобрување на нивната работа и понатамошно унапредување на процесот на учење.

При полагањето на усните испити студентите се информираат за постигнатиот резултат по завршувањето на испитувањето, додека резултатите од писмените испити се објавуваат во согласност со воспоставените процедури. Студентите имаат право на увид во резултатите и можност за консултација со наставникот во врска со постигнатиот резултат и евентуалните можности за подобрување на знаењето.

Оценките и резултатите од испитите се евидентираат во електронскиот систем I-Know на УКИМ, со што се обезбедува соодветна евиденција и следење на постигнувањата на студентите.

Во согласност со спецификите на одделни наставни предмети, оценувањето може да се спроведува и од страна на повеќе испитувачи. Пример за таков начин на оценување се задолжителните предмети од втор циклус магистерски студии по теологија, каде оценувањето се спроведува од двајца испитувачи.

Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, процесот на оценување се реализира согласно воспоставените правила и процедури, со почитување на принципите на транспарентност, еднаквост и правичност во оценувањето.

Прилози

Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните две години се дадени во Прилог 2.9.Б. Статистички податоци - Предмети и просечни оценки по предмети прв и втор циклус студии во прилози на индикаторот 2.9.

Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2.

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата. - Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје - Правилник за работа и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

Постапката за поднесување и разгледување на жалби и приговори од страна на студентите на Православниот богословски факултет во Скопје е регулирана со актите на Факултетот и Универзитетот. Согласно Статутот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, деканот има надлежност да прима и разгледува претставки и жалби од студентите и да презема соодветни мерки во рамките на своите надлежности.

Дополнително, како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот ги применува и универзитетските механизми за пријавување и постапување по случаи на корупција. Пријавувањето на корупција се врши согласно Правилникот за работа и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Во текот на академските 2024/2025 и 2025/2026 година, на Православниот богословски факултет во Скопје нема евидентирани поднесени жалби од страна на студентите, ниту пријави за корупција. Оттука, во извештајниот период не се регистрирани случаи за кои било потребно спроведување на постапка по жалба или постапка за пријава на корупција.

Имајќи предвид дека во извештајниот период нема поднесени жалби или пријави за корупција, не постојат случаи врз основа на кои би се определувал процентот на позитивно и негативно решени жалби. Воспоставените механизми сепак се достапни за студентите и претставуваат формална рамка за заштита на нивните права и интереси.

Прилози

Стандард 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
Индикатор	**Документација**
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. - Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје - Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје доследно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, вклучително и запишувањето, напредувањето за време на студиите, оценувањето, дипломите и сертификатите. Прописите се јавно достапни на веб-страницата на Факултетот и на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Фазите на студирањето се регулирани со следниве акти:
- Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје – во членовите 86–94 и 97–103 се утврдени основните правила за запишувањето, студирањето, оценувањето и завршувањето на студиите.
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје – содржи детални одредби за уписните постапки, студискиот календар, испитниот режим, напредувањето, завршувањето на образованието и другите прашања поврзани со студирањето.

Сите релевантни прописи се објавени на веб страната на Факултетот.
Посочените членови од Статутот и Правилникот за студирање се однесуваат на:
- Уписните постапки – услови, критериуми и рокови за упис на прв, втор и трет циклус на студии;
- Студентскиот календар – временска рамка за одржување на наставата, испитните сесии и другите академски активности;
- Испитниот режим – начини на оценување, поправни испити, пријавување и одржување на испитите;
- Напредувањето – условите за напредување од семестар во семестар и од година во година;
- Завршувањето на образованието – условите за стекнување на диплома и сертификат;
- Преминувањата помеѓу студиските програми – можности и услови за промена на студиската програма;
- Повторувањето на семестарот – постапки и услови за повторување на семестар или година;
- Презапишувањето на предмети – можности за повторување на предмети и подобрување на оценките;
- Условното напредување;
- Продолжувањето на студиите по прекинувањето – постапки за продолжување на студиите по пауза;
- Паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање – можности за комбинирање на студии и индивидуални студиски планови;
- Признавањето на испитите – постапки за признавање на испитите и другите студиски обврски положени на други високообразовни установи;
- Видот на исправите – дипломи, сертификати и други документи кои му се издаваат на студентот;
- Постапката за заштита на правата на студентите – органи надлежни за водење на постапките и одлучувањето;
- Дисциплинската одговорност – правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка;
- Други правила – поврзани со правата и должностите на студентите на Факултетот.

Во извештајниот период (учебни 2024/2025 и 2025/2026 година), нема промени во прописите кои ги регулираат фазите на студирањето. Факултетот ги спроведува постоечките прописи во согласност со Статутот и Правилникот за студирање, со што се обезбедува континуитет, предвидливост и транспарентност во сите фази на студирањето.

Сите студенти се запознаени со прописите преку веб-страницата на Факултетот, каде се објавени Статутот и Правилникот за студирање; конкурсот за упис, каде се наведени условите и критериумите за запишување; како и директна комуникација со стручно-административната служба и наставниот кадар.	
Прилози	
4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален. - Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) - Правилник за водење евиденции за високото образование - Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје - Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти - I-know систем - Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси I-know
Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје има развиено функционална постапка и соодветни алатки за собирање, следење и евидентирање на напредокот на студентот и делува врз основа на добиените информации. Системот за следење на напредокот на студентите е во согласност со националната регулатива и со интерните акти на Факултетот и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на првиот, вториот и третиот циклус студии се врши согласно дефинираната рамка во: - Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 82/18, 178/21 и 58/24); - Правилникот за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование и наука, врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 102/18); - Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје; - Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/18); - I-know систем – интегриран систем за студентски сервиси на УКИМ; - Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси I-know. Согласно член 159 од Законот за високото образование, Православниот богословски факултет во Скопје води: - Матична книга на запишани студенти – документ од трајна вредност, во кој се евидентираат сите релевантни податоци за студентите; - Главна книга на дипломирани студенти – документ од трајна вредност, во кој се евидентираат податоците за дипломираните студенти; - Досие на секој студент – во кое се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Овие документи се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти. Воспоставениот електронски систем на евиденција – I-know на УКИМ овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на Факултетот, така и од страна на секој поединечен студент. Во овој систем секој вработен на Факултетот (во наставната и стручно-административната дејност) и секој	

регистриран студент, по безбедносна автентикација, може да пристапи до информации за своите активности и напредокот во текот на студискиот процес, согласно утврдените правила за пристап во системот и привилегиите кои му се дадени.

Системот се ажурира во реално време, со што се обезбедува навремена и точна евиденција на сите студиски обврски, оцени, испити и други активности. Студентите можат да ги следат своите оценки, пријавените испити, положените обврски и напредокот во студиите. Наставниот кадар, пак, може да ги следи оценките, присуството и напредокот на студентите и да ги ажурира податоците во системот.

Студентите на Православниот богословски факултет во Скопје го користат I-know системот согласно Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси I-know, објавено на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Освен тоа, од страна на УКИМ обезбедено е и Корисничко упатство за професори.

Факултетот ја користи и I-learn платформата на УКИМ за спроведување на наставата, каде студентите имаат пристап до наставните материјали, задачите, квизовите и другите активности поврзани со предметите.

Функционалноста на системот за следење на напредокот на студентот се докажува преку:
- Редовно ажурирање на податоците во I-know системот – сите оценки, пријавени испити, положени обврски и други активности се евидентираат во реално време;
- Можноста за студентите да ги следат своите податоци – студентите можат да ги видат своите оценки, напредокот во студиите и статусот на пријавените испити преку I-know системот;
- Можноста за наставниот кадар да ги следи податоците за студентите – професорите можат да ги видат оценките, присуството и напредокот на студентите и да ги ажурираат податоците во системот;
- Водената матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти – во кои се евидентираат сите релевантни податоци за студентите и дипломираните студенти;
- Студентското досие – во кое се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето;
- Користењето на I-learn платформата – преку која студентите имаат пристап до наставните материјали, задачите и квизовите, а наставниот кадар може да ги следи активностите и напредокот на студентите.

Во извештајниот период (2024–2026), системот за следење на напредокот на студентот функционираше непречено, без евидентирани проблеми или недостатоци. Студентите и наставниот кадар редовно ги користеа I-know и I-learn системите за следење на напредокот, евиденција на оценките и пристап до наставните материјали.

Прилози

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. - Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) - Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. Постапката е во согласност со националната регулатива и со интерните акти на Факултетот.

Постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење е регулирана со:
- Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 82/18, 178/21 и 58/24) – во кој се елаборирани и уредени напредувањето за време на студиите, преминот од една програма во друга за време на студирањето, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, признавањето на испитите и други образовни активности кои се положени, односно реализирани на различни образовни установи, како и паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање;

- Статутот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје – во членовите 98, 99 и 100 се утврдени правилата за признавање на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, како и постапката за признавање на претходно стекнати квалификации и неформалното учење.

Согласно наведените прописи, Факултетот врши признавање на:
- Испити положени на други високообразовни установи – во земјава и во странство;
- Периоди на студирање во странство – во рамките на мобилноста на студентите;
- Претходно стекнати квалификации – преку признавање на неформалното и формалното учење;
- Други образовни активности – како што се сертификати, обуки, работилници и слично.

Постапката за признавање на испитите и претходното учење се спроведува на следниов начин:
- Поднесување на барање од страна на студентот – студентот поднесува писмено барање до Наставно-научниот совет на Факултетот, во кое ги наведува предметите за кои бара признавање и ги приложува потребните документи (потврди за положени испити, описи на предметите, наставни програми, сертификати и сл.).
- Разгледување на документацијата од страна на Комисијата за ЕКТС – Комисијата за ЕКТС при Факултетот ја разгледува документацијата и ја споредува наставната програма на предметите за кои се бара признавање со наставните програми на Факултетот.
- Изготвување на извештај од страна на Комисијата за ЕКТС – Комисијата изготвува извештај во кој дава предлог за признавање или непризнавање на предметите, врз основа на споредбата на наставните програми и содржините.
- Одлучување од страна на Наставно-научниот совет – Наставно-научниот совет донесува одлука за признавање или непризнавање на предметите, врз основа на извештајот на Комисијата за ЕКТС.
- Евидентирање на одлуката во студентското досие и во I-know системот – Одлуката за признавање на предметите се евидентира во студентското досие и во I-know системот, со што студентот се ослободува од обврската да ги слуша и полага предметите кои му се признати.

Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење за време на извештајниот период (учебни 2024/2025 и 2025/2026 година), е достапна во Прилог 4.3.

Прилози
Прилог 4.3 Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност

4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	Диплома, уверение и додаток на диплома - Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) - Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи

По завршувањето на студиите, студентите на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна, во согласност со националната регулатива и со меѓународните стандарди.

Диплома, уверение и додаток на диплома
Документацијата која ја издава Факултетот е во согласност со следната законска регулатива:
- Законот за високото образование – Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 82/18, 178/21 и 58/24), во кој е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома;
- Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи – донесен од министерот надлежен за работите на високото образование, врз основа на член 155 став 10 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/18).
- Документацијата која ја издава Православниот богословски факултет во Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива. Документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии.

Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е

наведен во елаборатите и решенијата за акредитација на студиската програма. По завршувањето на студиите, студентите се здобиваат со звање, соодветно на циклусот на студии:
- По завршувањето на првиот циклус на студии, студентите се здобиваат со звањето: дипломиран теолог;
- По завршувањето на програмите за вториот циклус на студии, студентите се здобиваат со звањето: магистер по теологија;
- По завршувањето на специјалистичките студии по методика на религиската настава, студентите се здобиваат со звањето: професор – специјалист по методика на наставата по религиско образование;
- Кандидатите кои ќе го завршат третиот циклус на студии се здобиваат со звањето: доктор на теолошки науки.

За секој завршен циклус на студии, студентите ја добиваат следнава документација:
- Уверение – во кое се потврдува нивниот статус на дипломиран теолог, магистер или доктор;
- Диплома – која го докажува завршениот циклус на студии, добиеното звање и просечната оценка од сите години на студирање и од завршниот труд;
- Додаток на дипломата – во кој се запишани личните податоци на студентот, како и сите оценки од сите години на студирање и просечната оценка од секоја студиска година.

Документацијата која ја издава Факултетот е јасна, разбирлива и сеопфатна, бидејќи ги содржи сите неопходни информации за завршените студии, вклучително и називот на студиската програма, траењето на студиите, списокот на предметите со оценките, просечната оценка, насловот на завршниот труд и податоците за комисијата. Таа е во согласност со националната регулатива – Законот за високото образование и Правилникот за содржината и формата на дипломата; додатокот на дипломата е во согласност со Европскиот систем за пренос и бодување (ЕКТС) и овозможува лесно препознавање на квалификациите во странство; издадена е на македонски јазик, со можност за превод на англиски или друг јазик, доколку студентот го побара тоа; потпишана е од деканот и заверена со печат на Факултетот со што се гарантира автентичноста на документите.

Ова овозможува лесно препознавање на квалификациите на дипломираните студенти, како во земјава, така и во странство и им овозможува на студентите да ги докажат своите компетенции и резултати од учењето при вработување, продолжување на студиите или други академски и професионални активности.

Прилози

4.4.А. Додаток на диплома за прв циклус студии по теологија
4.4.Б. Додаток на диплома за втор циклус теолошки студии – едногодишни
4.4.В. Додаток на диплома за втор циклус теолошки студии – двегодишни
4.4.Г. Додаток на диплома за втор циклус стручни студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование
4.4.Д. Додаток на диплома за трет циклус докторски студии по теологија

Стандард 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2]	
Индикатор	**Документација**
5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните две години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите две години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје обезбедува наставен и соработнички кадар со соодветни квалификации за реализација на студиските програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Квалификациите, научните и стручните компетенции на наставниот кадар се соодветни на профилот и концептот на студиските програми, како и на наставните предмети што ги реализираат.

Во двете учебни години (2024/2025 и 2025/2026) на Факултетот беа ангажирани 14 лица во наставно-научната област, меѓу кои единаесет наставници, еден виш лектор по англиски јазик и двајца асистенти.

Кадровската структура во овој период се развиваше во согласност со потребите на наставата. Еден помлад асистент на 3.10.2025 година беше избран во звање асистент, а на 28.03.2025 еден асистент се стекна со звање доцент. На еден асистент му заврши работниот ангажман на 23.02.2026 година. Овие промени се значајни за Факултетот бидејќи покажуваат дека покрај одржувањето на постојниот наставен кадар, се создава и простор за негово постепено обновување и академско напредување.

Покрај матичниот наставно-научен и соработнички кадар, Факултетот, согласно потребите на студиските програми и со цел обезбедување на соодветна стручна и научна покриеност на наставата, ангажира и надворешни наставници од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Ваквиот начин на ангажирање е особено значаен за Факултетот имајќи ја предвид ширината на наставните области и потребата од специфични компетенции од сродни научни дисциплини.

Во учебната 2024/2025 година дополнително беа ангажирани тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за првиот циклус на студии по теологија, четворица професори од УКИМ за вториот циклус на студии по теологија, како и тројца професори од УКИМ за вториот циклус на специјалистичките студии по методика на религиската настава.

Во учебната 2025/2026 година, наставниот процес дополнително беше поддржан со ангажирање на тројца професори од УКИМ на првиот циклус на студии, тројца професори од УКИМ на стручните студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование, како и пет професори од УКИМ на третиот циклус – докторски студии. Дополнително, во реализацијата на наставата беа вклучени и двајца професори од Православниот богословски факултет во пензија, со што се овозможи користење на нивното долгогодишно академско и наставно искуство и континуитет во реализацијата на наставата.

Ангажирањето на наставниот кадар се врши според областа на неговата стручна и научна компетентност, со што се обезбедува предметите да ги реализираат наставници кои поседуваат соодветно образование, научноистражувачко искуство и академска компетентност за конкретната наставна област. На овој начин се воспоставува директна поврзаност меѓу квалификациите на наставниот кадар, предметите што ги реализираат и целите и исходите на учење предвидени со студиските програми.

Специфичноста на Православниот богословски факултет се согледува и во интердисциплинарниот карактер на теолошкото образование. Покрај тесно теолошките дисциплини, студиските програми опфаќаат и содржини од

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

областа на јазиците, педагогијата, методиката, психологијата, филозофијата, историјата и други сродни области. Ангажирањето на професори од други единици на УКИМ овозможува овие наставни области да бидат покриени од наставници со соодветна специјализација и претставува дополнителен ресурс за обезбедување на квалитетот на наставата.

Воедно, податоците за анализираниот период покажуваат дека Факултетот посветува внимание на континуираното кадровско обновување и академско напредување. Стекнувањето на повисоки наставно-научни звања и напредувањето на помладиот наставно-соработнички кадар создаваат основа за постепено обновување на наставно-научниот потенцијал и обезбедување на неговиот долгорочен развој.

Наставната ангажираност е евидентирана преку прегледот на предметите и бројот на реализираните часови на сите циклуси на студии кои се забележани во Прилог: Стандард 5.3, составен дел од овој извештај. Податоците покажуваат дека наставниот кадар има активна и континуирана улога во реализацијата на наставниот процес, вклучително и преку консултативна работа со студентите.

Врз основа на расположливите податоци може да се оцени дека Факултетот располага со соодветен и компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Посебна вредност претставува поврзаноста на наставната работа со научноистражувачката активност на наставниците, која се потврдува и преку нивната значајна публикациска продукција во анализираниот период.

Подолу се дадени линкови до биографиите на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат, со информации за последните две години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати. Исто така, во Прилог: Стандард 5.3 прикажан е преглед на предметите кои наставниот кадар го предавал во изминатите две години на сите циклуси на студии на установата.

Наставен кадар на Православниот богословски факултет:

д-р Анев Дарко, доцент
- биографија

д-р Борисов Дејан, редовен професор
- биографија

д-р Грамбозов Борче, доцент
- биографија

д-р Гоговски Стефан, доцент
- биографија

д-р Ѓорѓевиќ Милан, редовен професор
- биографија

д-р Ѓорѓевски Ѓеоргиј, митрополит Дебарско-кичевски, редовен професор
- биографија

д-р Јовковска Анета, вонреден професор
- биографија

д-р Крстаноски Александар, доцент
- биографија

д-р Мицевски-Игнат Илче, доцент
- биографија

д-р Недески Виктор, доцент
- биографија

д-р Трајанов Кирче, доцент
- биографија

Наставно-стручен кадар на Православниот богословски факултет:

д-р Гиревска Марија, виш лектор
- биографија

Соработнички кадар на Православниот богословски факултет:
м-р Димитријов Александар, асистент
- биографија

д-р Ѓурѓиноски Николче, асистент – ангажиран до 23.02.2026 година
- биографија

Професори од УКИМ ангажирани како надворешни соработници:
д-р Гиревски Ацо, професор на ПБФ во пензија
- биографија

д-р Гроздаиоски Ратомир, професор на ПБФ во пензија
- биографија

Алчевска Ирен, Филолошки факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

Грујовска Миланова Сашка, виш лектор на катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

Кузманоска Анита, виш лектор на катедрата за француски јазик на Филолошкиот факултет, УКИМ - Скопје
- биографија

д-р Солунчев Ристо, редовен професор на Филозофскиот факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

д-р Тодоровска Марија, редовен професор на Филозофскиот факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

д-р Цацаноска Ружица, редовен професор на ИСППИ, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Забијакин- Чатлеска Весна, редовен професор на ИСППИ, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Иван Блажевски, редовен професор на ИСППИ, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Цветковски Сашо, ИЦКН – МАНУ
- биографија

д-р Баракоска Анета, редовен професор на Институтот за педагогија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Стојановска Вера, редовен професор на Институтот за педагогија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Шурбановска Орхидеја, редовен професор на Институтот за психологија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје)
- биографија

Оценка

Врз основа на анализираните податоци за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, може да се оцени дека Православниот богословски факултет располага со соодветен и компетентен наставен потенцијал за реализација на студиските програми, при што наставата е покриена преку комбинација на матичен наставно-научен кадар, наставно-соработнички кадар и надворешни професори од УКИМ. Овој модел овозможува соодветно покривање на наставните области и истовремено придонесува кон зачувување на квалитетот и континуитетот на наставниот процес.

Простор за унапредување останува во понатамошното кадровско обновување, особено преку развој и напредување на помладиот наставно-соработнички кадар, како и во постепеното зголемување на бројот на наставници кои можат самостојно да преземат наставни обврски на сите три циклуси на студии.

Прилози
Стандард 5
Биографии во Europass формат на наставниот кадар на Православниот богословски факултет во Скопје.
Биографии на ангажираните професори како надворешни соработници за прв и втор циклус студии на Православниот богословски факултет

5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентирани резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

Научноистражувачката и публикациската активност на наставниот кадар на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е поврзана со научните области што се изучуваат на Факултетот и со неговата основна академска дејност. Наставниците истражуваат и објавуваат во различни области на теологијата, но и во сродни хуманистички и општествени дисциплини, при што нивната научна работа е поврзана со наставните предмети и со пошироките прашања од значење за современата теолошка мисла.

При разгледувањето на публикациската активност на наставниот кадар треба да се има предвид специфичноста на теологијата, а особено на православната теологија, како научна област. Публикацискиот простор во оваа област е различен од оној во природните, медицинските или техничките науки, каде што постои значително поголем број списанија со импакт-фактор и широко воспоставена практика на вреднување преку вакви индикатори. Во областа на православната теологија бројот на специјализирани списанија со импакт-фактор е ограничен и затоа овој показател не може самостојно да биде мерило за квалитетот и релевантноста на научната продукција на наставниот кадар на Факултетот.

Поради тоа, при оценувањето на научната продукција се земаат предвид релевантноста на публикацијата за научната област, научната вредност на трудот, рецензираната постапка, видот и карактерот на публикацијата, угледот на издавачот или научното списание, меѓународниот карактер на публикацијата, како и придонесот на трудот кон развојот на теолошката и сродната научна мисла. Во тој контекст, присуството на трудот во референтна научна публикација претставува значаен показател за научната активност на наставниот кадар.

Наставниот кадар објавува во специјализирани теолошки и сродни научни списанија, научни зборници и други референтни публикации, а учествува и на научни конференции и симпозиуми во земјата и во странство.

Научната продукција опфаќа теми од библиските студии, патрологијата, догматиката, христијанската етика, црковната историја, канонското право, литургиката, пастирското богословие, мисиологијата, христијанската педагогија и други области поврзани со теолошкото образование и истражување.

Во двете академски години опфатени со актуелната самоевалуација се забележува значително зголемување на публикациската активност. Во учебната 2024/2025 година се објавени вкупно 45 трудови, од кои 32 се објавени во референтни научни публикации. Во учебната 2025/2026 година се објавени вкупно 32 научни труда, од кои 24 се во референтни научни публикации. Така, за двете години наставниот кадар објавил вкупно 77 трудови, од кои 56 во референтни научни публикации. Детелниот приказ за секоја категорија прикажан е во Прилог 5.2.А. Листата на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот е прикажана во Прилог 5.2.Б.

Овие податоци се особено значајни ако се споредат со претходниот период на самоевалуација. Само во двете години опфатени со оваа самоевалуација е постигнат ист број на вкупно објавени трудови – 76, колку што биле објавени во целиот петгодишен период опфатен со претходната самоевалуација. Притоа, во двете нови години се евидентирани 56 труда во референтни научни публикации, што покажува дека не се зголемил само вкупниот број на публикации, туку и бројот на трудови што ги исполнуваат критериумите за референтна научна публикација.

Овој резултат укажува на засилена научноистражувачка активност на наставниот кадар во последните две години. Публикациската активност не е одвоена од наставната дејност, туку е поврзана со областите што се застапени во студиските програми. Научните истражувања и објавените трудови претставуваат можност современите научни сознанија да бидат внесени и во наставниот процес, особено на вториот и третиот циклус на студии.

Покрај бројот на публикациите, значајно е и нивното тематско и научно подрачје. Трудовите на наставниот кадар се однесуваат на прашања од суштинско значење за теологијата и за сродните научни области, а дел од нив се поврзани и со современи општествени и образовни прашања. На тој начин, научната активност на Факултетот се отвора и кон прашања што се значајни за современото општество, образованието и човекот.

Воедно, научната активност на наставниот кадар има и меѓународна димензија, преку учество на меѓународни научни собири, соработка со научни и високообразовни установи и објавување во публикации надвор од земјата. Ова придонесува кон поширока видливост на научната работа на Факултетот и кон размена на научни искуства со теолози и истражувачи од други академски средини.

Оценка

Податоците за периодот опфатен со самоевалуацијата покажуваат позитивен развој на научноистражувачката и публикациската активност. Особено значаен е податокот што во само две години: 2024/2025 и 2025/2026, се објавени вкупно 76 труда, односно ист број колку што бил евидентиран за целиот петгодишен период заклучно со 2023/2024 академска година. Од овие 76 нови трудови, 56 се објавени во референтни научни публикации.

Ваквиот резултат покажува дека научната продукција на наставниот кадар е континуирана, а во последните две години има видливо зголемување и во обемот и во бројот на трудови објавени во референтни публикации. Имајќи ја предвид специфичноста на теологијата како научна област, овие показатели треба да се разгледуваат заедно со научната релевантност на публикациите, нивниот рецензентски статус, тематската поврзаност со научните области на Факултетот и нивниот придонес кон теолошката и сродната научна мисла.

Простор за унапредување

Во наредниот период треба да продолжи поттикнувањето на научната активност на наставниот кадар, особено преку објавување во меѓународни рецензирани теолошки и сродни хуманистички списанија, учество во меѓународни научни проекти и конференции и воспоставување нови форми на меѓународна научна соработка.

Истовремено, имајќи ја предвид специфичноста на православната теологија, потребно е и понатаму да се следат и користат релевантните меѓународни библиографски и научни бази и да се зголемува видливоста на научната

продукција на наставниот кадар. При тоа, импакт-факторот не треба да се поставува како единствен или доминантен показател за квалитетот на публикациите, туку научната продукција треба да се вреднува во контекст на карактеристиките на теологијата како научна област и на релевантните национални и универзитетски критериуми.

Прилози

Прилог 5.2.А Број на објавени трудови во референтни научни публикации од страна на наставниот кадар во установата.

Прилог 5.2.Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации.

5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[3]*;* Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

Во периодот 2024/2025–2025/2026 година, Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје обезбедува реализација на наставата преку соодветно ангажиран наставен кадар на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Распределбата на наставните обврски се врши согласно потребите на студиските програми, предметите што се реализираат и стручните и научните компетенции на наставниот кадар.

Наставниот кадар на Православниот богословски факултет во Скопје се ангажира согласно законските одредби, а се потврдува со Одлука од страна на Синодот на Македонската православна црква. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Бројот на часови на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава што може да се увиди и од Прилог 5.3, кој содржи преглед на бројот на одржани часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии.

Податоците за одржаните часови и предметите што ги реализирал наставниот кадар покажуваат дека наставните обврски се распределуваат поединечно и согласно утврдените работни задачи. Во документацијата се опфатени наставните ангажмани на наставниците на сите циклуси на студии, вклучително и предавања и консултативна работа. На тој начин се обезбедува континуирана реализација на наставата и можност наставниците, покрај непосредната настава, да ги исполнуваат и останатите академски обврски поврзани со научноистражувачката и стручната дејност.

Оптоварувањето на наставниот кадар се определува преку одлуките за распоред на работите и работните задачи, како и преку евиденцијата за реализираната настава. Ваквиот начин на распределба овозможува наставните обврски да бидат усогласени со потребите на студиските програми и со законските ограничувања во однос на бројот на наставни предмети што може да ги реализира едно лице во текот на семестарот. Воедно, ангажирањето на наставниците е поврзано со нивната соодветна област на стручност, со што се обезбедува квалитетна и академски релевантна реализација на наставата.

Одлуките за распоред на работи и работни задачи во последните 2 години се прикажани во Прилог 5.4, како и подолу:

Учебна 2024/2025 година

1. Грамбозов Борче – доцент

Догматика

Одлука од САС бр. 129/1 од 28.03.2025 според

3 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Одлука на ННС бр. 118/1 од 26.03.2025

Учебна 2024/2025 година
1. Димитријов Александар – асистент
Црковно пеење
Одлука бр. 309/1 од 03.10.2025 според
Одлука на ННС бр. 288/1 од 19.09.2025

2. Недески Виктор – во тек постапка за избор во вонреден професор
Историска теологија (Патрологија)

3. Анев Дарко – во тек постапка за избор во вонреден професор
Библиска теологија (Библиски студии по Свето Писмо на Новиот Завет и староеврејски јазик)

Хронолошки преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања пред учебната 2024/2025 година:

1. Јовковска Анета – вонреден професор
Христијанска педагогија
Одлука од САС бр. 214 од 26.10.2023 според
Одлука на ННС бр. 296/1 од 05.10.2023

2. Крстаноски Александар – доцент
Црковнословенски јазик
Одлука од САС бр. 24 од 04.03.2024 според
Одлука на ННС бр. 77/1 од 28.02.2024

3. Мицевски - Игнат Илче – доцент
Канонско право
Одлука од САС бр. 149 од 29.12.2022 според
Одлука на ННС бр. 316/1 од 27.12.2022

4. Гоговски Стефан – доцент
Христијанска етика
Одлука од САС бр. 24 од 22.02.2023 според
Одлука на ННС бр. 46/1 од 10.02.2023

5. Гиревска Марија – виш лектор
Англиски јазик
Одлука од САС бр. 140 од 23.06.2023 според
Одлука на ННС бр. 117/1 од 30.03.2023

6. Недески Виктор – доцент
Патрологија и Агиологија
Одлука од САС бр. 110 од 05.11.2021 според
Одлука на ННС бр. 260/1 од 04.11.2021

7. Анев Дарко – доцент
Свето писмо на Новиот завет и Старогрчки јазик
Одлука од САС бр. 139 од 27.12.2021 според
Одлука на ННС бр.301/2021 од 23.12.2021

8. Борисов Дејан – редовен професор
Историја на христијанската црква
Одлука од САС бр. 92 од 04.07.2022 според
Одлука на ННС бр.85/1 од 20.04.2022

9. Ѓорѓевиќ Милан – редовен професор
Философија и Психологија
Одлука од САС бр. 93 од 04.07.2022 според
Одлука на ННС бр. 85/1 од 20.04.2022

10. Трајанов Кирче – доцент
Пастирско богословие и Омилитика
Одлука од САС бр. 95 од 04.07.2022 според
Одлука на ННС бр. 111/1 од 24.06.2022

11. Ѓурѓиноски Николче – асистент
Црковнословенски јазик
Одлука од САС бр. 145 од 20.09.2012 според
Одлука на ННС бр. 145/1 од 29.08.2012

12. Ѓорѓевски Ѓоко – редовен професор
Свето писмо на Стариот завет – библиска историја со археологија;
Свето писмо на Стариот завет - егзегеза
Одлука од САС бр. 29 од 24.02.2015 според
Одлука на ННС бр. 291/1 од 30.12.2014

Во однос на кадровскиот капацитет, Факултетот го исполнува условот за обезбедување на најмалку десет лица во наставно-научни звања со полно работно време, со што е обезбедена стабилна кадровска основа за реализација на студиските програми. Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време е прикажан на следниов линк.

Врз основа на прегледот на наставните обврски, одлуките за распоред на работните задачи и извештаите за реализираната настава, може да се оцени дека наставното оптоварување на кадарот е соодветно распределено и овозможува непречена и квалитетна реализација на наставниот процес. Истовремено, постоењето на надворешен наставен кадар во специфични области претставува дополнителен механизам за оптимизирање на наставниот ангажман.

Простор за унапредување: Во наредниот период потребно е да продолжи внимателното годишно планирање и следење на наставната оптовареност, особено имајќи го предвид развојот на студиските програми на сите циклуси, кадровското обновување и постепеното зголемување на ангажманот на помладиот наставно-научен кадар. На тој начин ќе се обезбеди одржливо распределување на наставните обврски и истовремено зачувување на потребниот простор за научноистражувачка работа и професионален развој на наставниот кадар.

Прилози
Прилог 5.3. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал на сите циклуси на студии
Одлуки за распоред на работи и работни задачи на Православниот богословски факултет во Скопје
Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Правилник за избор во наставно – научни звања кој се во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања; Статутот на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје. Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните две години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје применува јасни и транспарентни постапки при изборот и ангажирањето на наставниот и соработничкиот кадар. Процесите на избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања се спроведуваат врз основа на утврдените законски и универзитетски критериуми, како и согласно внатрешните акти на Факултетот.

Основата за спроведување на овие постапки ја сочинуваат Законот за високото образование, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за избор во наставно-научни звања на УКИМ и Статутот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Со овие акти се определени условите, критериумите и постапките за избор и унапредување во соодветните звања, како и надлежностите на органите и телата на Факултетот во процесот на избор.

Статутот на Факултетот дополнително го уредува начинот на вршење на високообразовната дејност, внатрешната организација, надлежностите и начинот на работа и одлучување на органите и телата на Факултетот. За прашањата кои не се регулирани со Статутот на Факултетот се применуваат соодветните одредби од Законот за високото образование, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите релевантни прописи.

Во анализираниот период 2024/2025–2025/2026 година се реализирани повеќе постапки за избор и унапредување на наставно-научниот и соработничкиот кадар. Од приложениот преглед се евидентирани избори во повисоки звања, како и избор на нов наставно-соработнички кадар. Меѓу нив се изборот на Борче Грамбозов во звање доцент и изборот на Александар Димитријов за асистент. Во истиот период се евидентирани и започнати постапки за избор во повисоко звање за Виктор Недески и Дарко Анев.

Податоците од постапките покажуваат дека изборите се спроведуваат врз основа на утврдени критериуми и со примена на соодветна рецензентска постапка. За изборите се формираат рецензентски комисии, а резултатите од стручната оценка се објавуваат во соодветните факултетски билтени, со што се обезбедува јавност и транспарентност на постапката. Во приложената документација се содржани податоци за бројот на пријавените кандидати, одлуките за избор и соодветните билтени и рецензии.

Ваквата практика овозможува изборот и унапредувањето на наставниот кадар да се темелат пред сè на академските квалификации, научноистражувачката активност, наставната и стручната компетентност и исполнувањето на утврдените услови за соодветното звање. Истовремено, јавното објавување на билтените и рецензиите овозможува увид во текот и резултатите од постапките и претставува важен механизам за обезбедување на транспарентност и академски интегритет.

Специфичноста на Православниот богословски факултет како високообразовна и научна установа од областа на теологијата се зема предвид при кадровското планирање и определувањето на потребите за наставен кадар, при што ангажирањето се поврзува со наставните и научните области застапени во студиските програми. Во случаи кога е потребно дополнување на специфични компетенции, Факултетот ангажира и надворешни професори и стручни лица, особено од сродни научни области.

Преглед на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните две години) се достапни во Прилог 5.4.
Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна се достапни во Прилог 5.4, како и на следниов линк на веб страната на Православниот богословски факултет.

Оценка: Врз основа на нормативната рамка и увидот во реализираните постапки во периодот 2024/2025–2025/2026 година, може да се оцени дека практиката на Православниот богословски факултет во областа на изборот и унапредувањето на наставниот и соработничкиот кадар е усогласена со утврдените законски, универзитетски и институционални критериуми. Постоењето на јасно определени процедури, рецензентски постапки и јавно достапни билтени придонесува кон транспарентноста и доверливоста на процесот.

Простор за унапредување: Во наредниот период потребно е да продолжи доследната примена на утврдените критериуми и транспарентните постапки, како и навремено кадровско планирање со цел да се обезбеди

континуирано обновување и унапредување на наставно-научниот потенцијал на Факултетот. Особено значајно е да се продолжи со поддршка на развојот на помладиот наставно-соработнички кадар и нивното напредување кон повисоки академски звања.

Прилози
Прилог 5.4. Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања

5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје обезбедува соодветни просторни, технички и информатички услови за реализација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност. Работните услови на наставниот и соработничкиот кадар се обезбедуваат преку расположливата просторна и информатичка инфраструктура на Факултетот, како и преку користење на ресурсите што ги обезбедува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот располага со имот со вкупна површина од 7.580 m², како и со масивна зграда во месноста Капиштец – Скопје со корисна површина од 800 m². Во рамките на расположливиот простор се обезбедени услови за реализација на наставата, работата на наставниот и соработничкиот кадар, студентските активности и научноистражувачката дејност.

Просторните услови вклучуваат:
- четири предавални;
- голема сала – амфитеатар;
- сала за состаноци;
- седум кабинети за наставниот и соработничкиот кадар;
- библиотека;
- компјутерска училница;
- соодветни санитарни и придружни простории.

Специфичноста на студиите на Православниот богословски факултет се согледува и во обезбедувањето простор за практична настава. Црквата „Св. Јован Крстител“, која се наоѓа во дворот на Факултетот, се користи за реализација на богослужбите и претставува составен дел од практичната настава, со што се обезбедува непосредно поврзување на теоретските знаења со практичната и богослужбената компонента на теолошкото образование.

Кабинетите на наставниот и соработничкиот кадар се опремени со соодветен мебел и информатичка и електронска опрема. Согласно пописот на опремата, Факултетот располага со 6 проектори, 5 платна за проектори, 5 скенери, 11 принтери, 1 фотокопир, 10 телефони и телефонска централа, како и со конференциски маси, табли, бироа, столчиња, маси и друга опрема потребна за непречено извршување на наставните и административните обврски.

Дополнително, расположливата опрема овозможува примена на современи наставни методи и користење на електронски материјали и дигитални извори во наставниот процес. Компјутерската училница и техничката опременост на предавалните овозможуваат користење на мултимедијални содржини и електронски ресурси во реализацијата на наставата.

Пристап до електронски научни ресурси

Значаен ресурс за наставно-научниот кадар претставува пристапот до електронските библиотеки и научни ресурси што ги обезбедува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Според официјалните податоци на УКИМ, академската заедница има обезбеден пристап до следните електронски библиотеки:

- EBSCO – електронска библиотека со пристап до повеќе бази на научни публикации, електронски списанија, електронски книги и други истражувачки ресурси;
- Cambridge Core – електронска библиотека на Cambridge University Press со пристап до научни списанија и публикации од повеќе од 37 истражувачки области;
- OpenEdition – дигитален академски портал особено значаен за општествените и хуманистичките науки, со пристап до четири платформи;
- Elgar Online – платформа на Edward Elgar Publishing со пристап до академски публикации.

Овие ресурси се од особено значење за наставно-научниот кадар на Православниот богословски факултет, имајќи предвид дека значителен дел од неговата научноистражувачка активност се реализира во областа на хуманистичките и општествените науки. Особено значаен е OpenEdition поради неговата ориентираност кон хуманистичките и општествените науки.

Покрај електронските библиотеки со институционален пристап, УКИМ на својот портал за отворена наука обезбедува и преглед на значајни библиографски и научни ресурси, меѓу кои Scopus, Web of Science, SpringerLink, Brill, Taylor & Francis, DOAJ, JSTOR, ERIC, ScienceDirect, Semantic Scholar, OpenDOAR и други. Овие ресурси претставуваат дополнителна можност за пребарување научна литература, следење на современите научни достигнувања и зголемување на видливоста на научната продукција.

Особено значајна за научноистражувачката работа е и Ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ – Репозиториумот на УКИМ, преку која се овозможува дигитално депонирање, пребарување и дисеминација на научната продукција на Универзитетот.

Оценка

Врз основа на расположливите податоци може да се констатира дека Православниот богословски факултет располага со соодветни просторни, технички и информатички услови за реализација на студиските програми и за извршување на наставно-научната дејност. Обезбедената опрема, кабинетите за наставниот и соработничкиот кадар, предавалните, библиотеката, компјутерската училница и амфитеатарот создаваат функционална инфраструктура за реализација на наставата.

Дополнителна вредност претставува можноста наставниот кадар да ги користи електронските научни ресурси обезбедени преку УКИМ, особено EBSCO, Cambridge Core, OpenEdition и Elgar Online, како и поширокиот спектар на академски и отворени научни ресурси достапни преку универзитетските платформи.

Простор за унапредување: Во наредниот период потребно е континуирано обновување и модернизирање на информатичката и наставната опрема, како и понатамошно унапредување на библиотечниот фонд и електронските научни ресурси, особено оние што се релевантни за теологијата, филозофијата, историјата, педагогијата и другите сродни хуманистички и општествени науки.

Прилози

5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Статут на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните две години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и

следи техничките вештини на наставниот кадар.	програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните две години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје ја препознава потребата од континуиран професионален и академски развој на наставниот кадар. Во согласност со Статутот на Факултетот, професионалниот развој е дел од поширокиот процес на унапредување на наставно-научната дејност и квалитетот на наставата.

Специфичноста на академската работа на наставниот кадар на Факултетот се согледува и во фактот што професионалниот развој не се одвива само преку формално организирани обуки, туку и преку научноистражувачка работа, учество на научни конференции и симпозиуми, објавување научни трудови, меѓународна академска соработка, следење на современата научна литература и континуирано усовршување во областите во кои наставниците ја реализираат наставата.

Во периодот опфатен со оваа самоевалуација, односно во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, не се евидентирани организирани обуки или тренинзи за наставниот кадар финансирани од страна на Факултетот, ниту се доставени податоци за индивидуално учество на наставниот кадар на обуки финансирани од други институции. Овој податок не треба да се толкува како отсуство на професионален развој, туку како показател дека во наведениот период професионалното усовршување не било формализирано преку посебно евидентирани обуки и тренинзи на институционално ниво.

Воедно, Факултетот е дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, преку кој на наставниот кадар му се достапни различни можности за професионално и академско усовршување. Наставниците имаат можност да се вклучуваат во активности, научни настани, проекти и други форми на академска соработка што се организираат во рамките на УКИМ и од други високообразовни и научни институции.

Професионалниот развој на наставниот кадар во изминатиот период во значителна мера се одвиваше преку научната активност и академското напредување. За тоа сведочи и зголемената публикациска активност на наставниот кадар во последните две години, како и учеството во научни собири и други академски активности. Овие активности овозможуваат наставниците континуирано да ги следат новите научни сознанија и да ги внесуваат во наставниот процес.

Во однос на техничките и дигиталните компетенции, наставниот кадар ја користи расположливата информатичка опрема и електронските ресурси на Факултетот и УКИМ во реализацијата на наставата и научноистражувачката работа. Во тековниот двегодишен период, меѓутоа, нема посебно евидентирани податоци за учество на наставниот кадар на вакви обуки.

Оценка

Факултетот ја препознава потребата од континуиран професионален развој на наставниот кадар и обезбедува можности за негово академско усовршување преку научната работа, учеството во академски активности и користењето на можностите што ги нуди УКИМ и други научни и високообразовни институции.

Истовремено, податоците за периодот 2024/2025 и 2025/2026 покажуваат дека не постои доволно формализирана и документирана институционална практика на организирање и следење на обуки за наставниот кадар. Ова претставува простор за унапредување во наредниот период.

Простор за унапредување

Во наредниот период Факултетот треба да воспостави поорганизиран пристап кон професионалниот развој на наставниот кадар, преку планирање и евидентирање на обуки, работилници и други форми на професионално усовршување, особено во областите на современите наставни методи, дигиталните компетенции, користењето на електронски научни ресурси, развојот на иновативни форми на настава и методичко-педагошките компетенции.

Како можност за подобрување се наметнува и воспоставувањето систем за евидентирање на индивидуалното учество на наставниот кадар во обуки, семинари, работилници и други форми на професионално усовршување, независно дали тие се организирани од Факултетот, УКИМ или од други релевантни институции. На овој начин Факултетот ќе има појасен увид во потребите на наставниот кадар и ќе може попрецизно да планира идни активности за негов професионален развој.

Прилози

5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).

Православниот богословски факултет во 2024/2025 и 2025/2026 година продолжи да ангажира професори од УКИМ како надворешни соработници за прв, втор и трет циклус студии.

Подолу е листата на ангажираните професори со линк до нивните биографии во Europass формат.
Професори од УКИМ ангажирани како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија:

Алчевска Ирен, Филолошки факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

Грујовска Миланова Сашка, виш лектор на катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

Кузманоска Анита, виш лектор на катедрата за француски јазик на Филолошкиот факултет, УКИМ - Скопје
- биографија

д-р Солунчев Ристо, редовен професор на Филозофскиот факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

д-р Тодоровска Марија, редовен професор на Филозофскиот факултет, УКИМ – Скопје
- биографија

д-р Цацаноска Ружица, редовен професор на ИСППИ, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Забијакин- Чатлеска Весна, редовен професор на ИСППИ, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Иван Блажевски, редовен професор на ИСППИ, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Цветковски Сашо, ИЦКН – МАНУ
- биографија

д-р Баракоска Анета, редовен професор на Институтот за педагогија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Стојановска Вера, редовен професор на Институтот за педагогија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје
- биографија

д-р Шурбановска Орхидеја, редовен професор на Институтот за психологија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје)

- биографија

Во последните две години во студиските програми на прв циклус на студии, предавања одржаа неколку гости предавачи од реномирани универзитети и институти:
На 3 декември 2025 година, во рамките на наставата по философија, гостинско предавање одржа д-р Стјепан Штивиќ од Теолошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Предавањето беше на тема „Киборгот – човек, машина или нешто трето?“ и ги опфати етичките аспекти на користењето нови технологии и на „надградувањето“ на човекот. Темата им овозможи на студентите и на наставниците да ги поврзат философските, богословските и етичките прашања со современиот технолошки развој.

На 28 ноември 2025 година, во свечената сала „Архиепископ Доситеј“, се одржа предавање на тема „Уникатната философска синтеза на свети Максим Исповедник“. Гости предавачи беа д-р Сотирис Миталексис, професор на Универзитетскиот колеџ Лондон и Институтот за православни христијански студии во Кембриџ, и д-р Дионисиос Склирис, професор на Богословскиот факултет при Универзитетот во Атина. Предавањето беше реализирано во рамките на предметите „Философија“ и „Православно богословие од XV до XXI век“.

Од 10 до 14 ноември 2025 година, на Факултетот гостуваше проф. д-р Валентина Мандарић од Католичкиот богословски факултет при Универзитетот во Загреб. Таа одржа повеќе предавања од областа на христијанската педагогија и катехетиката, со посебен осврт на адолесцентите, младите, религиозноста и современите општествени промени. Во рамките на посетата беа разменети искуства за верското образование во јавните училишта во Хрватска и за пасторалната грижа за младите.

На 3 април 2025 година, Факултетот беше домаќин на предавањето „Како да се размислува со смирение на умот“, што го одржа д-р Бетан Вилис, учесничка во програмата „Конекција Оксфорд“. Предавањето ја истакна важноста на духовната мудрост и смирението во современите академски процеси. Настанот беше организиран од Балканскиот институт за вера и култура во соработка со Македонското библиско здружение и Факултетот.

На 28 март 2025 година, во рамките на наставата по „Историја на религиите“, гостински предавања одржаа г. Самет Шабани и г-ѓа Мерсиха Смаиловиќ. Пред студентите беа претставени основните принципи, вредности и културни аспекти на исламот. Интерактивниот карактер на предавањата им овозможи на студентите и на наставниците да постават прашања и да развиваат знаења неопходни за идно учество во меѓурелигискиот дијалог.

На 27 март 2025 година, во рамките на предметот „Вовед во Светото писмо на Стариот Завет“, предавање одржа г. Храјр Џебиџијан, генерален секретар на Библиското здружение при Персиско-арабискиот Залив. Предавањето беше посветено на улогата и значењето на Библијата во земјите од Персискиот Залив и во поширокиот свет. За студентите тоа претставуваше можност да стекнат нови сознанија за различните културни и географски контексти во кои се чита и толкува Светото писмо.

Биографиите на ангажираните гости предавачи недвосмислено потврдуваат дека станува збор за афирмирани научници и стручњаци во научните области.

Прилози
Биографии на ангажираните професори како надворешни соработници за прв и втор циклус студии на Православниот богословски факултет

5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје системски ја поттикнува научната работа на наставниот кадар и студентите, со јасна цел за зајакнување на врската меѓу наставата и науката. Ова се остварува преку организирање на научни собири и конференции, преку активно учество на професорите на домашни и меѓународни научни форуми и проекти и преку создавање на работна средина во која истражувањето е составен дел на наставниот процес.

Организирање на научни собири и конференции
Факултетот во последните две академски години организираше и коорганизираше неколку научни собири, конференции и симпозиуми, кои имаа директно влијание врз квалитетот на наставата и врз научниот развој на наставниот кадар.

Светиклиментови научни собири
Осми Светиклиментов научен собир (6 декември 2024) на тема „Мирот Божји и мирот човечки". На собирот земаа учество мнозинството професори од Факултетот: проф. д-р Ѓоко Ѓоргевски, проф. д-р Милан Ѓорѓиќ, проф. д-р Ратомир Гроздаески, проф. д-р Ацо Гиревски, доцент д-р Дарко Анев, доцент д-р Кирче Трајанов, вон. проф. д-р Анета Јовковска, доцент д-р Стефан Гоговски, доцент д-р Александар Крстаноски, доцент д-р Борче Грамбозов и асс. д-р Николче Ѓурѓиноски.

Деветти Светиклиментов научен собир (5 декември 2025) на тема „Теологијата и технологиите" беше интердисциплинарен настан на кој учествуваа 14 професори: Во рамките на Деветтиот Светиклиментов научен собир, зедоа учество 14 професори: проф. д-р Нинослав Марина од Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", доцент д-р Илче Мицевски Игнат, проф. д-р Дејан Борисов, вон. проф. д-р Анета Јовковска, доцент д-р Дарко Анев, проф. д-р Иван Чорбев – декан на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ, проф. д-р Дејан Донев од Филозофскиот факултет при УКИМ, доцент д-р Виктор Недески, доцент д-р Борче Грамбозов, д-р Стјепан Штивиќ од Теолошкиот факултет при Универзитет во Љубљана, доцент д-р Кирче Трајанов, доцент д-р Александар Крстаноски, проф. д-р Милан Ѓорѓиќ. Студентите активно го следеа собирот и се вклучија во дискусиите.

Овие собири претставуваат најдобра практика за поврзување на наставата со науката, бидејќи темите се директно поврзани со наставните предмети (философија, богословие, педагогија, етика) и студентите имаат можност да ги слушнат најновите истражувања и да поставуваат прашања.

Кирило-Методиеви научни средби
Факултетот продолжи со организација на Кирило-Методиевите средби кои ги организира во соработка со Институтот за национална историја при УКИМ.

Вторите Кирило-Методиеви научни средби (22 мај 2025) беа посветени на духовното, културното и просветителското наследство на светите Кирил и Методиј. На средбите учествуваа академик проф д-р Витомир Митевски, проф д-р Маја Пановска Ангелова од Институтот за национална историја, проф. д-р Лидија Стојановиќ од Институтот за македонски јазик, проф. д-р Димитар Пандев од Филолошкиот факултет, како и доцент д-р Кирче Трајанов и доцент д-р Александар Крстаноски од Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје.

Третите Кирилометодиеви научни средби (20 мај 2026) продолжија со проучување на кирилометодиевото наследство, со учество на академик проф. д-р Ѓорѓи Поп Атанасов од МАНУ, доцент д-р Виктор Недески и доцент д-р Дарко Анев од Православниот богословски факултет, проф. д-р Лилјана Гушевска од Институтот за национална историја, проф. д-р Катерина Тодороска и м-р Васил Стерјовски.

Студентите имаа можност да ги следат излагањата и да учествуваат во дискусиите, што директно ја збогати нивната академска формација.

Меѓународни конференции организирани од Факултетот
Меѓународна научна конференција „Соборноста и современите предизвици за Црквата" (7–10 мај 2025, Струга) беше посветена на 1700-годишнината од Првиот вселенски собор во Никеја. На конференцијата учествуваа професори од Скопје, Љубљана, Прешов, Тирана, Загреб и Регенсбург. Од Факултетот со свои трудови учествуваа проф. проф. д-р Георгиј Ѓоргевски, проф. д-р Дејан Борисов, вон. проф. д-р Анета Јовковска, доцент д-р Дарко Анев, доцент д-р Виктор Недески, доцент д-р Илче Мицевски Игнат, доцент д-р Борче Грамбозов, доцент д-р Александар Крстаноски и доцент д-р Стефан Гоговски. Конференцијата ја следеа студенти од Скопје и од Прешов.

Меѓународна научна конференција „Средба со Бога: новозаветни духовности" (10–16 мај 2026, Скопје и Охрид)

беше организирана во соработка со Универзитетот во Регенсбург и Центарот за напредни студии „Beyond Canon“, во рамките на годишната средба на Источноевропскиот комитет за соработка во новозаветните студии. На конференцијата учествуваа истакнати научници од повеќе европски земји. Од Факултетот со свои излагања учествуваа проф. д-р Георгиј Ѓорѓевски, доцент д-р Дарко Анев, проф. д-р Дејан Борисов, вон. проф. д-р Анета Јовковска, доцент д-р Илче Мицевски Игнат, доцент д-р Виктор Недески и доцент д-р Стефан Гоговски.

Симпозиуми и меѓународни собири
XII Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“ (1–3 ноември 2024, Скопје) беше организиран од Институтот за национална историја при УКИМ, во коорганизација со Универзитетот во Болоња и Православниот богословски факултет. Од Факултетот земаа учество: доцент д-р Виктор Недески и вон. проф. д-р Анета Јовковска.

XIII Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“ (31 октомври 2025, Скопје) на тема „Мрежи“ беше исто така организиран во партнерство со Факултетот. На симпозиумот учествуваа д-р Анета Јовковска и д-р Виктор Недески.

Учеството на Факултетот во овие симпозиуми овозможи на наставниците да ги поврзат своите истражувања со византологијата, средновековните студии и црковната историја, што директно се рефлектираше во наставата по сродните предмети.

Учество на професорите на меѓународни научни собири
Наставниот кадар на Факултетот активно учествуваше на бројни меѓународни научни собири, конференции и симпозиуми. Ова учество има директно влијание врз квалитетот на наставата, бидејќи професорите ги враќаат своите искуства и сознанија во училниците.

Меѓународни конференции и симпозиуми
International Medieval Congress 2026 (6–9 јули 2026, Лидс, Обединето Кралство) – учество на доцент д-р Виктор Недески. Ова е еден од најзначајните светски научни собири посветени на средновековните студии.

ISSTA 2026 (3–5 мај 2026, Алба Јулија, Романија) – учество на доцент д-р Стефан Гоговски, вон. проф. д-р Анета Јовковска и доцент д-р Виктор Недески, со трудови посветени на родот, родителството и гностицизмот.

Меѓународен научно-истражувачки настан „Prayer and Setting“ (22–26 јуни 2026, Албанија) – учество на доцент д-р Виктор Недески, во рамките на COST акцијата PRAYTICIPATE.

Осми симпозиум на IAODT (25–27 ноември 2025, Крф, Грција) – учество на доцент д-р Илче Мицевски Игнат, со труд посветен на верата во богочовечноста на Христос.

Меѓународен научен собир „Од Никеја до денес (325–2025)“ (11–12 декември 2025, Белград, Србија) – учество на митрополитот Георгиј – редовен професор на Факултетот, со труд посветен на Vita Constantini на Евсевиј Кесариски.

Меѓународна конференција во Јордан (9 декември 2025) – учество на доцент д-р Борче Грамбозов, како дел од делегацијата на МПЦ – ОА.

Меѓународна научна конференција во Прешов (20–23 октомври 2024, Словачка) – учество на проф. д-р Дејан Борисов и доцент д-р Виктор Недески.

Посета на Католичкиот богословски факултет во Загреб (9–11 март 2025) – учество на проф. д-р Дејан Борисов и доцент д-р Виктор Недески, со работни средби за продлабочување на соработката.

Проф. д-р Дејан Борисов е член на меѓународниот научен и програмски комитет на Втората CePOZiR Конференција која ќе се одржи во Загреб, Хрватска во 2027 година.

Визитинг професор на Универзитетот во Мачерата (летен семестар 2025/2026, Италија) – дванаесетнеделен престој на д-р Марија Гиревска – виш лектор на Факултетот, со предавања, семинари и научноистражувачка работа.

Учество во научни конференции организирани од други образовни институции во Македонија
Наставниот кадар на Православниот богословски факултет редовно учествува на меѓународни научни конференции кои се организирани од други образовни институции во Македонија. Така на пример, доцент д-р Александар Крстаноски зеде учество на Меѓународната научна конференција: „100 години од раѓањето на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска“ (12-13 март 2026 година) во организација на Филолошкиот факултет во Скопје, како и на меѓународната конференција: „Македонскиот јазик – 80 години од кодификацијата“ (6-8 мај 2025), исто така организирана од Филолошкиот факултет во Скопје. Доцент д-р Крстаноски зеде учество и на меѓународниот научен собир: „Македонскиот јазик во контакт со другите јазици и култури“ (14-15 мај 2026 година) во организација на Институтот за македонски јазик при УКИМ.

Овие учества претставуваат најдобри практики за поттикнување на научната работа, бидејќи наставниците ги презентираат своите истражувања пред меѓународна публика, се воспоставуваат нови соработки и мрежи, а сознанијата од конференциите се враќаат во наставата преку нови содржини, методи и пристапи.

Оценка
Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје системски ја поттикнува научната работа на наставниот кадар и студентите, со јасна цел за зајакнување на врската меѓу наставата и науката. Ова се остварува преку организирање на научни собири и конференции, преку активно учество на професорите на домашни и меѓународни научни форуми, меѓународни научни проекти и преку создавање на работна средина во која истражувањето е составен дел на наставниот процес.

Конкретните примери и најдобрите практики покажуваат дека системот добро функционира и е ефикасен. Факултетот ќе продолжи да ги развива овие активности, со цел да го зајакне квалитетот на наставата и да го унапреди научниот развој на наставниот кадар и студентите.

Прилози

5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје постои отвореност кон примена на современи наставни методи и користење на дигитални технологии во реализацијата на наставниот процес. Изборот на методите и средствата за работа во голема мера зависи од природата на наставниот предмет, научната област и потребите на студентите.

Наставниот кадар има автономија во организирањето и реализацијата на наставата и можност да применува различни методи на работа, вклучително и електронски ресурси и дигитални алатки кога тоа придонесува за поефикасно совладување на наставната материја. Искуството стекнато во периодот на образованието на далечина придонесе дел од овие практики да продолжат да се користат и во редовната настава.

Во периодот опфатен со оваа самоевалуација, во наставата се користеа расположливите дигитални платформи и електронски ресурси, особено за споделување наставни материјали, комуникација со студентите, доставување информации поврзани со наставата и користење електронски научни извори. Наставниот кадар има пристап и до електронските бази и ресурси достапни преку УКИМ, што овозможува користење современа научна литература во подготовката и реализацијата на наставата.

Искуството од претходниот период со платформите Zoom, Microsoft Teams и I-Learn, стекнато особено во периодот на пандемијата, претставува основа за понатамошно користење на дигиталните алатки во зависност од потребите на конкретниот предмет и наставник. Во тековниот период овие искуства се користат како дополнување на непосредната настава, а не како замена за неа.

Покрај користењето на дигиталните алатки, иновативноста во наставата се согледува и преку начинот на обработка на наставните содржини, користењето современа литература и вклучувањето на студентите во дискусии, презентации, истражувачки задачи и други форми на активна работа, согласно природата на

наставниот предмет.

Наставниот кадар има можност своите искуства и предлози поврзани со унапредувањето на наставата да ги споделува во рамките на Факултетот и на Наставно-научниот совет. Отворената комуникација меѓу наставниците овозможува размена на искуства и прифаќање на практики што можат да придонесат за подобрување на квалитетот на наставата.

Оценка: Во анализираниот двегодишен период се задржува примената на современи дигитални алатки и електронски ресурси во наставниот процес, а наставниот кадар има услови и автономија да применува различни наставни пристапи во зависност од карактерот на предметите. Како позитивна основа може да се издвојат искуствата стекнати со дигиталната настава во претходниот период и нивното продолжување во современиот наставен процес.

Простор за унапредување: Во наредниот период потребно е понатамошно поттикнување и систематизирање на примената на иновативни наставни методи, како и размена на добри практики меѓу наставниот кадар. Особено значајно би било искуствата од примената на дигиталните технологии и современите наставни пристапи да се споделуваат поорганизирано и да се охрабрува нивната примена таму каде што соодветствуваат на карактерот на теолошките предмети.

Прилози

5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните две години).

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје го применува системот на академски интегритет утврден со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и со актите на Факултетот. Во наставната и научноистражувачката работа се почитуваат принципите на академската чесност, авторството и оригиналноста на научниот труд, а плагијаризмот и другите форми на нарушување на академскиот интегритет не се прифаќаат.

Етичките принципи и одговорностите на членовите на академската заедница се уредени со Етичкиот кодекс на УКИМ, како и со Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот. Во случаите кога постои сомневање за постапување спротивно на утврдените академски и етички стандарди, се применуваат соодветните постапки предвидени со универзитетските и факултетските акти.

Посебно внимание се посветува на магистерските и специјалистичките трудови. Пред нивната одбрана, трудовите се подложуваат на проверка за плагијаризам согласно воспоставената постапка, а извештаите од проверката се доставуваат и се чуваат во соодветната документација. Авторите на трудовите, исто така, ја потврдуваат оригиналноста на својата работа согласно утврдената постапка.

За периодот опфатен со оваа самоевалуација, проверката на трудовите на вториот циклус и специјалистичките студии претставува еден од конкретните механизми преку кои Факултетот го обезбедува почитувањето на академскиот интегритет.

Академскиот интегритет се почитува и при објавувањето на учебниците и научните трудови на наставниот кадар. Учебниците, научните трудови, монографиите и другите публикации се подложуваат на соодветна рецензентска постапка, во согласност со видот на публикацијата и правилата на издавачот.

Оценка: Постои нормативна и практична основа за заштита на академскиот интегритет, а проверката на трудовите на вториот циклус и специјалистичките студии претставува конкретен и документиран механизам за спречување на плагијаризмот.

Простор за унапредување: Во наредниот период може дополнително да се унапреди системот на евидентирање на проверките и да се прошири употребата на соодветни алатки за проверка на оригиналноста, особено за различни видови студентски и наставно-научни трудови.

Прилози

Прилог 5.10.А.Извештаи за плагијаторство на магистерски труд одбранет на Православниот богословски факултет во Скопје.
Прилог 5.10.Б.Извештаи за плагијаторство на магистерски труд одбранет на Православниот богословски факултет во Скопје.
Прилог 5.10.В.Извештаи за плагијаторство на магистерски труд одбранет на Православниот богословски факултет во Скопје.
Прилог 5.10.Г. Извештаи за плагијаторство на академски учебник Православна христијанска педагогија во издаваштво на Православниот богословски факултет во Скопје.
Прилог 5.10.Д. Извештаи за плагијаторство на академски учебник Христијанска методика на наставата во издаваштво на Православниот богословски факултет во Скопје.

5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Статутот на Православниот богословски факултет Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).

Научноистражувачката работа е составен дел од дејноста на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Нејзината организација и реализација се засноваат на одредбите од Статутот на УКИМ, Статутот на Факултетот и релевантната законска регулатива.

Наставно-научниот кадар континуирано ја реализира својата научноистражувачка работа преку подготовка и објавување научни трудови, учество на научни конференции и симпозиуми, работа во научни и академски мрежи, учество во проекти и други форми на научна соработка.

Научната активност се следи преку евидентирање на публикациите, научните настапи и другите релевантни активности на наставниот кадар. Како показатели за научноистражувачката активност се земаат предвид бројот и видот на објавените научни трудови, учеството на научни собири, научните проекти и истражувања, меѓународната научна соработка и вклученоста на наставниот кадар во релевантни научни мрежи и организации.

Податоците за актуелниот период покажуваат дека научноистражувачката активност на наставниот кадар е зголемена. Во учебната 2024/2025 година се евидентирани 45 објавени трудови, од кои 32 во референтни научни публикации, додека во 2025/2026 година се евидентирани вкупно 32, од кои 24 во референтни научни публикации. Овие податоци се показател за континуирана научна активност и се релевантни и при следењето на остварувањето на научноистражувачката дејност на Факултетот.

Наставниот кадар својата научна работа ја презентира и преку релевантни академски платформи и научни мрежи, како што се Google Scholar, ResearchGate и други платформи, каде што тоа е применливо. Преку овие активности се овозможува поголема видливост на научната продукција и полесна размена на научни резултати.

Оценка: Постојат нормативна основа и воспоставени начини за следење на научноистражувачката активност. Податоците за публикациската активност во анализираниот период покажуваат континуирана и засилена научна продукција на наставниот кадар.

Простор за унапредување: Како можност за понатамошно унапредување се издвојува потребата од посистематско собирање и анализа на податоците за сите сегменти на научноистражувачката работа, со цел резултатите да се користат и при планирањето на идните научни активности на Факултетот.

Прилози

5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки

Научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје произлегува од научните области во кои се реализираат студиските програми, но истовремено е насочена и кон прашања што имаат пошироко културно, образовно и општествено значење.

Имајќи го предвид специфичниот карактер на Факултетот, истражувањата се однесуваат на различни области на теологијата, црковната историја, библиските науки, философијата, религиското образование, христијанската етика, меѓурелигискиот дијалог и други сродни научни области.

Во тој контекст, научната работа на наставниот кадар е поврзана со прашања што се значајни за македонскиот културен и образовен простор, за зачувувањето и проучувањето на духовното и културното наследство, за местото на религијата во современото општество, како и за односите меѓу религијата, образованието и пошироките општествени процеси.

Оваа поврзаност се согледува и во темите на објавените научни трудови во анализираниот период. Дел од истражувањата се посветени на прашања поврзани со православното богословие и духовното наследство, додека други обработуваат современи прашања, како што се секуларизацијата, религиозниот дијалог, трансхуманизмот, религиското образование и улогата на религијата во плуралистичкото општество. На пример, во публикациите од 2024 и 2025 година се застапени истражувања за Светиклиментовото наследство, дијалогот со религиите, секуларноста и секуларизацијата, како и за современите предизвици поврзани со трансхуманизмот.

Посебно место во научноистражувачката работа имаат и истражувањата поврзани со религиското и теолошкото образование. Во овој контекст, наставниот кадар придонесува кон проучување на прашања од значење за воспитно-образовниот процес и за развојот на современата религиска и православна педагогија. Во актуелниот период се објавени и трудови кои непосредно се однесуваат на основоположните принципи на православната христијанска педагогија и нивното значење за современиот воспитно-образовен процес.

Научноистражувачката работа на Факултетот има и изразена регионална и меѓународна димензија. Наставно-научниот кадар учествува во научни асоцијации, мрежи, конференции и истражувачки иницијативи во земјата и странство, со што се овозможува размена на научни сознанија и искуства со сродни високообразовни и научни институции.

Во овој контекст, наставно-научниот кадар е вклучен во меѓународни научни мрежи и иницијативи. Така на пример, професорите Анета Јовковска и Виктор Недески се вклучени во активности поврзани со COST – European Cooperation in Science and Technology. Проф. д-р Георгиј Ѓорѓевски и доцент д-р Дарко Анев членуваат во Комитетот за соработка со источна Европа (EELC) на асоцијацијата за проучување на Новиот Завет (SNTS)Во меѓународната академска соработка е вклучен и проф. д-р Милан Ѓорѓевиќ, преку активности поврзани со програмата CEEPUS (Central European Exchange Programme for University Studies), со што се отвораат дополнителни можности за академска размена и соработка со високообразовни институции од земјите учеснички во програмата. Доцент д-р Илче Мицевски Игнат е член на International Association of Orthodox Dogmatic Theologians итн.

Меѓународната димензија на научната работа е видлива и преку објавувањето на трудови во странски научни публикации. Во анализираниот период се евидентирани трудови објавени во Occasional Papers on Religion in Eastern Europe, издание на George Fox University, САД, при што во документацијата е наведено нивното индексирање во Web of Science Core Collection (ESCI) и Scopus. Исто така, дел од наставниот кадар има објавено трудови во меѓународни научни изданија, меѓу кои и публикации на Verlag Friedrich Pustet, Regensburg, Германија.

Ваквата научна активност придонесува Факултетот активно да учествува во современите научни дискусии за религијата, образованието, културата и општеството. Истовремено, резултатите од научноистражувачката работа се поврзуваат со наставниот процес преку нивно вклучување во наставните содржини, литературата и дискусиите со студентите.

Важен сегмент претставува и научната соработка со други високообразовни и научни институции во земјата. Преку ангажирањето на наставници и истражувачи од други единици на УКИМ и други научни институции во наставата и научните активности на Факултетот се овозможува интердисциплинарен пристап и поврзување на теолошките истражувања со философијата, социологијата, историјата, педагогијата и други сродни научни области. Оваа соработка е особено значајна за теми кои по својата природа ги надминуваат границите на една научна дисциплина.

Научноистражувачките резултати се следат преку евидентирање на публикациите, учеството на научни собири,

меѓународните активности, научните мрежи и други форми на научна соработка. Податоците за публикациската активност во анализираниот период покажуваат континуирана научна активност на наставно-научниот кадар и присуство во домашниот, регионалниот и меѓународниот научен простор.

Оценка: Врз основа на реализираните научни активности и објавените трудови може да се констатира дека научноистражувачката работа на Православниот богословски факултет е поврзана со неговата основна научна и образовна дејност, но и со поширокиот културен, образовен и општествен контекст. Меѓународните публикации, учеството во научни мрежи и европски иницијативи и соработката со сродни институции придонесуваат за зголемување на научната видливост на Факултетот и за размена на знаења и искуства.

Простор за унапредување: Во наредниот период е потребно и понатаму да се поттикнува меѓународната научна соработка, учеството во европски и регионални истражувачки мрежи и проекти, како и објавувањето во релевантни меѓународни научни публикации. Дополнително, може да се унапреди систематското следење и документирање на ефектите од научноистражувачката работа врз наставниот процес и врз поширокатa академска и општествена средина.

Прилози

Стандард 6

СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ	
Индикатор	**Документација**
6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.	Финансиски план од претходните две години Финансиски извештаи од претходните две години Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)

Финансирањето на активностите на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје се обезбедува од повеќе извори, и тоа од Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Министерството за образование и наука и сопствени приходи, односно приходи остварени од надоместоци за услуги поврзани со студирањето. Ваквата структура на финансирање му овозможува на Факултетот да ги реализира редовните наставни и административни активности и континуирано да обезбедува услови за непречено одвивање на студискиот процес.

Согласно своите надлежности и воспоставените процедури, Факултетот изготвува финансиски планови и финансиски извештаи за своето работење. Согласно Статутот, Факултетот доставува годишен финансиски извештај до Архиепископскиот управен одбор на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, а до Министерството за образование и наука доставува квартални финансиски извештаи.

Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, финансиските средства се користени за реализација на основната дејност на Факултетот, со приоритет на непреченото одвивање на наставата, обезбедувањето услови за студирање и одржувањето и унапредувањето на ресурсите потребни за студентите и наставниот кадар.

Факултетот континуирано вложува во условите за учење и настава, вклучително во наставни помагала и опрема, информатичка технологија и информатичка инфраструктура, библиотечен фонд и други ресурси потребни за реализација на студиските програми. Финансиското планирање се врши во согласност со реалните потреби и приоритетите на Факултетот, при што се земаат предвид и обврските поврзани со одржувањето и унапредувањето на студиските програми.

Посебен сегмент во финансиското планирање претставува финансирањето на научноистражувачката дејност. Средствата за научноистражувачка работа се планираат во рамките на годишните финансиски планови на Факултетот, а се користат за активности поврзани со развојот и промоцијата на научната работа на наставниот кадар. Во оваа категорија спаѓаат, меѓу другото, учества на наставниот кадар на научни конференции, патувања поврзани со презентација на научни трудови, организација на научни конференции и колоквиуми, како и издавачка дејност, вклучително и Годишниот зборник и други научни публикации.

За извештајниот период, издвојувањето за научноистражувачка дејност изнесува:

2024/2025 година: 506,434 денари, односно 2,02 % од вкупните средства/буџетот на Факултетот;
2025/2026 година: 806,264 денари, односно 3,35 % од вкупните средства/буџетот на Факултетот.

Во двегодишниот период опфатен со самоевалуацијата, финансиското планирање и реализација на средствата овозможуваат континуирано одвивање на наставно-образовниот процес, обезбедување соодветни услови за студентите и поддршка на научноистражувачката работа на наставниот кадар. Финансиските планови и извештаи за 2024/2025 и 2025/2026 година се составен дел од документацијата приложена кон овој извештај и овозможуваат увид во планираните и реализираните средства.

Прилози

Прилог 6.1.А. Финансиски извештај на Православниот богословски факултет за 2023 година (планирани и потрошени средства)
Прилог 6.1.Б. Финансиски извештај на Православниот богословски факултет за 2024 година (планирани и потрошени средства)
Прилог 6.1.В. Финансиски извештај на Православниот богословски факултет за 2025 година
Прилог 6.1.Г. Полугодишен финансиски извештај на Православниот богословски факултет за 2026 година

6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.	Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби); Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје располага со соодветни просторни, информатички и библиотечни ресурси за реализација на студиските програми. Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, наставата се реализира во просториите на Факултетот, при што ресурсите се користат за потребите на сите акредитирани студиски програми.

Факултетот располага со 800 м² простор, од кои 500 м² се наменети за изведување на настава, а 300 м² отпаѓаат на административниот дел. Во наставниот простор се наоѓаат четири предавални со вкупен капацитет од 140 седишта и еден амфитеатар со капацитет од 120 седишта. Предавалните и амфитеатарот се опремени со проектори и соодветна аудио-визуелна опрема, што овозможува непречено реализирање на наставата.

Факултетот располага со општа библиотека со читална, која ја користат и студентите и наставниот кадар. Библиотечниот фонд опфаќа 9.258 книжни единици, а дополнително Факултетот располага и со легат – завештена библиотека со 2.012 книжни единици. Библиотечниот фонд е релевантен пред сè за научните области и студиските програми од областа на теологијата и сродните хуманистички дисциплини.

Во однос на информатичките ресурси, за потребите на студентите Факултетот располага со 2 компјутери и 6 проектори, а објектот е покриен со оптички интернет и гигабитна Wi-Fi мрежа. Информатичките ресурси и опремата се достапни за реализација на наставните и студентските активности.

Факултетот располага и со инфраструктура која овозможува реализација на настава и други образовни активности на далечина, кога тоа го бараат условите или потребите на наставниот процес. Искуството стекнато во периодот на пандемијата овозможи воспоставување и користење на дигитални алатки за реализација на наставата, при што како платформа се користеше Zoom. И во тековното работење стекнатите искуства и дигиталните алатки се користат кога тоа е соодветно за наставниот процес.

Дополнителна поддршка на студентите претставува електронскиот систем I-Know на УКИМ, преку кој значаен дел од активностите поврзани со студентскиот статус и студирањето се реализираат електронски. Системот овозможува, согласно утврдените кориснички овластувања, следење на податоците за предметите, пријавувањето и полагањето испити, постигнатиот успех и други аспекти од текот на студирањето.

Техничките и просторните ресурси на Факултетот се достапни за студентите и наставниот кадар и се користат во реализацијата на сите студиски програми. Нивното одржување и евентуалните потреби од интервенции се следат тековно, а утврдените проблеми се решаваат согласно расположливите можности и приоритетите на Факултетот.

Во однос на пристапноста за лица со попреченост, Факултетот и понатаму има потреба од унапредување на инфраструктурните услови и обезбедување дополнителни ресурси. Ова претставува област во која е потребно континуирано вложување со цел условите на Факултетот во поголема мера да одговараат на потребите на сите студенти и вработени.

Во целина, расположливите технички, просторни, библиотечни и информатички ресурси овозможуваат непречена реализација на студиските програми и ги поддржуваат наставните и студентските активности, при што Факултетот продолжува да ги следи потребите за нивно одржување и постепено унапредување.

Прилози

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).

Работата на помошните/административните служби на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава, како и потребите на различната студентска популација (студенти постари од 25 години, вонредни и вработени студенти, студенти од странство и студенти со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил се соодветни за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административниот кадар има можност за развој на сопствените компетенции.

Стручно-административната служба на Факултетот тековно и непречено ги опслужува студентите согласно нивните барања и потреби, при што се води сметка за специфичностите на различните категории студенти:

Студенти постари од 25 години и вработени студенти:
Службата овозможува флексибилно време за консултации и административни услуги, вклучително и можност за електронска комуникација и телефонски консултации, со цел да се олесни пристапот на студентите кои работат или имаат други обврски. Распоредот на испитите и наставата е усогласен со потребите на вонредните студенти.

Вонредни студенти:
За вонредните студенти се обезбедени посебни термини за консултации, пријавување на испити и подигнување на документи. Службата редовно ги информира вонредните студенти за сите важни рокови и активности преку е-пошта, телефон и веб-страницата.

Студенти од странство:
За студентите од странство службата обезбедува дополнителна поддршка при упис, признавањето на претходно стекнати квалификации и при административните постапки. Комуникацијата се одвива и на англиски јазик, доколку е потребно.

Студенти со посебни потреби:
Факултетот, во соработка со стручно-административната служба, обезбедува пристап до просториите и прилагодување на условите за студентите со посебни потреби. Доколку се јави потреба, службата овозможува индивидуален пристап и дополнителна поддршка при административните постапки.

Вработените лица во административната служба се постојано достапни за електронска комуникација со студентите, а дел од консултациите студентите ги добиваат и преку телефон, по нивно барање. Овој флексибилен пристап овозможува непречено одвивање на административните процеси и задоволување на потребите на сите категории студенти.

Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби
Во извештајниот период 2024–2026 година, во стручно-административната служба на Факултетот се вработени следниве лица:

м-р Билјана Петковска, секретар – високо образование (магистерски студии), со долгогодишно искуство во административна работа и раководење со службата.

Надица Копчаревска, раководител на службата за студентски прашања – високо образование, со одговорност за евиденција на студенти, уписи, испити и издавање на документи.

Далибор Гошевски, раководител на одделот за сметководство – високо образование, со одговорност за финансиско работење, буџет, плати и завршни сметки.

Цветанка Каруловска, библиотекар – високо образование, со одговорност за библиотечниот фонд, каталогизација, позајмување и соработка со COBISS.

Сите вработени лица во стручно-административната служба се со високо образование, а секретарот има завршено последипломски студии (магистерски степен). Овој профил на вработените овозможува квалитетно извршување на административните, финансиските и библиотечните работи, во согласност со потребите на Факултетот и студентите на сите циклуси.

Во извештајниот период (учебни 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година), вработените во помошниот и административниот кадар ги развиваа сопствените компетенции на индивидуална основа преку надградба на формалното образование, како и на организирана основа согласно потребите на Факултетот.
Помошниот и административниот кадар ги развива сопствените компетенции континуирано, преку учество на обуки, работилници и интерни тренинзи. Обуките се одвиваат според потребите на Факултетот и согласно можностите за финансирање. Во извештајниот период, двајца вработени посетија стручни обуки, со што се зголеми квалитетот на административната, библиотечната и студентската служба.

Заклучок
Во извештајниот период 2024–2026 година, работата на помошните/административните служби на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје беше соодветно организирана и во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите ги земаа предвид флексибилните начини на учење и потребите на различната студентска популација, вклучително и вонредните студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби.

Бројот на вработени и нивниот профил се соодветни за бројот на студенти на сите циклуси, а сите вработени се со високо образование. Помошниот и административниот кадар има можност за развој на сопствените компетенции преку обуки и тренинзи, што придонесува за зголемување на квалитетот на административната работа и за подобро опслужување на студентите.

Прилози
Прилог 6.3. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обуки за развој на сопствените компетенции

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите две години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје ја препознава важноста од вклучување на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии, како дел од стратегијата за зајакнување на врската меѓу наставата и науката и за развој на истражувачките компетенции кај студентите.

Во извештајниот период (учебни 2024/2025 и 2025/2026 година), на Факултетот нема евидентирани студенти кои биле формално ангажирани како членови на истражувачки тимови во научноистражувачки проекти (како соработници, стипендисти или истражувачи-помошници). Сепак, студентите на Факултетот активно учествуваат во научноистражувачките активности на Факултетот преку волонтерска поддршка и помош при организацијата и

реализацијата на научни собири, конференции, симпозиуми и други академски настани.

Студентите редовно волонтираат и помагаат при организацијата на значајни научни настани, како што се:
- Осмиот и Деветтиот Светиклиментов научен собир;
- Вторите и Третите Кирило-Методиеви научни средби;
- Меѓународната научна конференција „Соборноста и современите предизвици за Црквата" (2025);
- Меѓународната научна конференција „Средба со Бога: новозаветни духовности" (2026);
- XII и XIII Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I";
- Различни панели, трибини, меѓурелигиски часови и гостински предавања.

Нивната улога опфаќа помош во регистрација на учесниците, дистрибуција на материјали, техничка поддршка, комуникација со учесниците, асистирање во текот на настаните и други логистички задачи. Ова им овозможува на студентите да се запознаат со организацијата на научни настани, да воспостават контакти со професори и истражувачи од земјава и странство и да стекнат увид во актуелните научни теми и истражувања.

Иако ова учество не е формално евидентирано како ангажман во научноистражувачки проекти, тоа претставува значајна форма на неформално вклучување во научноистражувачката работа на Факултетот и придонесува кон развојот на организационите, комуникациските и истражувачките вештини на студентите.

Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти
Бидејќи во извештајниот период нема евидентирани студенти кои биле формално ангажирани во научноистражувачки проекти (како членови на истражувачки тимови), процентот на вклучени студенти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии изнесува 0% за сите циклуси (прв, втор и трет). Сепак, голем број студенти учествуваат како волонтери на научните настани на Факултетот, што претставува значајна форма на неформално вклучување во научноистражувачката работа.

Објаснување и контекст
Во извештајниот период, на Православниот богословски факултет немаше студенти кои биле формално вклучени во научноистражувачки проекти како соработници или истражувачи. Најголема причина за тоа е што Факултетот во минатиот период немаше акредитирана програма за трет циклус (докторски студии), а токму докторантите би биле најмногу мотивирани и подготвени за вакви научни ангажмани, како дел од нивната истражувачка обука и изработка на дисертациите.

Иако во моментов нема формално вклучување на студентите во научноистражувачки проекти, Факултетот препознава дека е потребно да работи на мотивирање на студентите, особено од вториот циклус (магистерски студии), за учество во научни ангажмани. Волонтерското учество на студентите на научните собири и конференции претставува прв чекор кон нивно поцелосно вклучување во научноистражувачката работа.

Стратегија за во иднина
Стратегијата на Факултетот, во иднина, предвидува ангажмани на студенти од втор и трет циклус студии во соодветни научноистражувачки проекти. Со акредитацијата на докторските студии и со зголемувањето на бројот на научноистражувачки проекти на Факултетот, се очекува дека студентите ќе бидат постапно вклучувани во истражувачките активности, како дел од нивната академска и професионална формација.

Факултетот ќе работи на:
- воспоставување на формални механизми за вклучување на студентите во проектите на наставниот кадар;
- обезбедување на менторство и поддршка за студентите кои сакаат да се вклучат во истражувања;
- промовирање на можностите за учество во научноистражувачки проекти преку веб-страницата, социјалните мрежи и информативните средби со студентите;
- соработка со домашни и меѓународни партнери за вклучување на студентите во заеднички истражувачки иницијативи;
- продолжување и проширување на волонтерските програми за студенти на научните настани, како прв чекор кон нивно поцелосно вклучување во научноистражувачката работа.

Заклучок
Во извештајниот период 2024–2026 година, на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" –

Скопје немаше студенти формално ангажирани во научноистражувачки проекти како членови на истражувачки тимови. Сепак, студентите активно учествуваат како волонтери на научните собири, конференциите и симпозиумите организирани од Факултетот, што претставува значајна форма на неформално вклучување во научноистражувачката работа.

Ова волонтерско учество им овозможува на студентите да стекнат увид во научноистражувачката работа, да воспостават контакти со професори и истражувачи и да развијат организациони и комуникациски вештини. Факултетот ќе продолжи да ги мотивира и поддржува студентите за нивно поцелосно вклучување во научноистражувачките проекти во иднина, особено со акредитацијата на докторските студии и со зголемувањето на бројот на научноистражувачки активности.

Прилози

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје е посветен на обезбедување на соодветна поддршка за студентите на сите циклуси на студии. Наставниот кадар и стручно-административната служба се подготвени да понудат различни форми на поддршка на студентите, доколку за тоа постои потреба, вклучително и академско советување, менторска поддршка, психолошка поддршка и поддршка за планирање на кариерата.

Специфични форми на поддршка на студентите
Во извештајниот период, на Факултетот се нудат следниве форми на поддршка за студентите:

Академско советување и менторска поддршка:
Секој студент има можност да добие академско советување од наставниот кадар, особено од менторите на дипломските, магистерските и докторските трудови. Професорите се достапни за консултации во предвидените термини, а дополнително се достапни и преку е-пошта и телефон за дополнителни прашања и поддршка.

Психолошка поддршка:
Доколку се јави потреба, Факултетот овозможува психолошка поддршка за студентите, преку соработка со стручни лица од областа на психологијата и психотерапијата. Ова е особено важно во контекст на настаните како панел-дискусијата „Младост, ум и депресија", која беше организирана во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Факултетот за исламски науки и Меѓународниот славјански универзитет.

Поддршка за планирање на кариерата:
Иако Факултетот нема организиран Центар за кариера, постои база на податоци наменета за студентите на Факултетот, вклучително и за поранешните студенти – дипломирани теолози. Информациите за стипендии, волонтерски можности и други можности се споделуваат во приватна група на социјалните мрежи, која редовно се следи од висок процент на студенти и поранешни студенти.

Информирање и советување преку стручно-административната служба:
Службата за студентски прашања е постојано достапна за студентите, преку електронска комуникација, телефон и во персонални консултации. Студентите добиваат информации за уписите, испитите, стипендиите, мобилноста и другите академски и административни прашања.

Волонтерски можности и вклучување во научни настани:
Студентите имаат можност да волонтираат на научните собири, конференциите и симпозиумите организирани од Факултетот, што им овозможува да стекнат искуство, да воспостават контакти со професори и истражувачи и да се запознаат со актуелните научни теми.

Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка

Во извештајниот период не се евидентирани студенти кои формално побарале специфична форма на поддршка (како академски советник, психолошка поддршка или менторски сесии надвор од редовните консултации). Сепак, голем број студенти ги користат редовните консултации со професорите, службата за студентски прашања и информациите споделувани преку социјалните мрежи за можности за кариера.

Ова може да се објасни со фактот што наставниот кадар е постојано достапен за студентите во рамките на редовните консултации; комуникацијата помеѓу професорите и студентите е отворена и неформална; студентите се информираат за можностите за кариера преку социјалните мрежи и преку директни контакти со професорите и поранешните студенти.

Услуги на Центар за кариера и спроведени активности
Поради специфичноста на професијата и начинот на вработување на дипломираните теолози, во рамките на Факултетот не се согледала потребата од организиран Центар за кариера. Наместо тоа, Факултетот овозможува поддршка за планирање на кариерата преку:

База на податоци за студенти и дипломирани теолози:
Факултетот располага со база на податоци на студентите и поранешните студенти, која овозможува лесна комуникација и споделување на информации за можности за стипендирање, волонтерски можности и други активности.

Приватна група на социјалните мрежи:
Информациите за стипендии, волонтерски можности, конкурси и други можности за кариера се споделуваат во приватна група на социјалните мрежи, која редовно се следи од висок процент на студенти и поранешни студенти на Факултетот.

Директна комуникација со професорите и поранешните студенти:
Студентите добиваат информации и совети за кариерата преку директна комуникација со професорите, кои имаат широки контакти во црковните општини, образовните институции и други организации каде што се вработуваат теолозите.

Панели и дискусии за кариера и професионален развој:
Факултетот организира панели и дискусии на теми поврзани со професионалниот развој, кариерата и предизвиците на теолозите во современото општество.

Заклучок
Во извештајниот период 2024–2026 година, на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје не се евидентирани студенти кои формално побарале специфична форма на поддршка (како академски советник, психолошка поддршка или менторски сесии надвор од редовните консултации). Сепак, наставниот кадар и стручно-административната служба се постојано достапни за студентите и им нудат поддршка во рамките на редовните консултации и комуникација.

Поради специфичноста на професијата и начинот на вработување на дипломираните теолози, Факултетот нема организиран Центар за кариера, но овозможува поддршка за планирање на кариерата преку база на податоци за студенти и поранешни студенти, приватна група на социјалните мрежи и директна комуникација со професорите и поранешните студенти.

Овој пристап се покажал како ефикасен, бидејќи информациите за можности за кариера, стипендии, волонтерски можности и работни места редовно се споделуваат и следат од висок процент на студенти и поранешни студенти на Факултетот.

Прилози

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје препознава важноста од одржување на контактот со дипломираните студенти и нивно вклучување во развојните планови на установата. Иако Факултетот во моментов нема формално организирана Алумни заедница во класична смисла, постои функционален систем за следење и комуникација со завршените студенти, кој се базира на интерната евиденција и на редовните покани за учество на настани.

Систем за следење на Алумни заедницата
Православниот богословски факултет нема посебно организиран систем за следење на Алумни заедницата, освен I-know системот, кој е интерниот електронски систем за евиденција на студентите. Во овој систем се сочувани податоците и за студентите кои завршиле со студирање на Факултетот, вклучително и нивните основни контакти, завршените студии и другите релевантни информации.

Овој систем овозможува преглед на бројот на дипломирани студенти по години и циклуси на студии; пристап до основните контакти на поранешните студенти и следење на академскиот успех и напредокот на студентите во текот на студиите.

Сепак, за поцелосно следење на Алумни заедницата, потребно е воспоставување на посеопфатен пристап, кој би вклучувал редовно ажурирање на контактните податоци, организирање на специфични активности за алумни и поцелосно вклучување на дипломираните студенти во развојните планови на Факултетот.

Активности со Алумни заедницата во последните пет години
Иако нема формално организирана Алумни заедница, Факултетот редовно ги поканува дипломираните студенти на различни настани и активности, со цел да се одржи контактот и да се зајакне соработката. Во последните пет години, дипломираните студенти беа поканети и учествуваа на:

- Патронатските прослави на Факултетот, кои се одржуваат по повод празникот на свети Климент Охридски;

- Научни собири и конференции, како што се Светиклиментовите научни собири, Кирило-Методиевите научни средби и меѓународните конференции;

- Симпозиуми и трибини, како што се симпозиумите „Денови на Јустинијан I" и разните панели и дискусии на актуелни теми;

Одзивот на ваквите покани покажува дека постои интерес за одржување на контактот со Факултетот и за учество во неговите активности. Сепак, овој одзив не е статистички евидентиран во установата, туку се базира на општата процена и искуството на вработените.

Заклучок
Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје во моментов нема формално организирана Алумни заедница, но постои функционален систем за следење и комуникација со дипломираните студенти преку I-know системот и преку редовните покани за учество на настани.

Дипломираните студенти редовно се поканууваат на патронатските прослави, научните собири, конференциите, симпозиумите и другите активности на Факултетот, а одзивот на овие покани не е статистички евидентиран, туку се базира на општата процена и искуството на вработените.

Во иднина, Факултетот треба да работи на воспоставување на посеопфатен пристап во реализација на заеднички иницијативи и активности со дипломираните студенти, вклучително и формализирање на Алумни заедницата, редовно ажурирање на контактните податоци и поцелосно вклучување на алумни во развојните планови на установата.

Прилози

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; - Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ -

заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Скопје Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје овозможува активно учество на студентите во управувањето со установата, во согласност со Статутот на Факултетот и со Законот за високо образование. Во рамките на Факултетот функционира Студентско собрание, кое ги претставува интересите на студентите и учествува во работата на органите на Факултетот.

Учеството на студентите во управувањето со Факултетот е регулирано со Статутот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, кој предвидува: учество на студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот; формирање на Студентско собрание како претставничко тело на студентите; право на студентите да бидат информирани за сите одлуки и активности на Факултетот и право на студентите да учествуваат во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на студиските програми, наставата и оценувањето.

Според Статутот на Факултетот, студентите имаат право да бидат застапени во Наставно-научниот совет, кој е највисокиот орган на Факултетот. Студентските претставници учествуваат во седниците на Советот и имаат право да даваат предлози, мислења и забелешки по прашањата кои се однесуваат на студиските програми, наставата, оценувањето и други прашања од интерес за студентите.

Во извештајниот период, студентите беа застапени во Наставно-научниот совет преку претседателот на Студентското собрание, кој учествуваше во седниците на Советот и ги пренесуваше ставовите и предлозите на студентите.

Студентско собрание и избори
Во рамките на Факултетот функционира Факултетско студентско собрание, кое ги претставува интересите на сите студенти на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Собранието ги избира своите претставници во органите на Факултетот и организира различни активности за студентите.

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се спроведуваат согласно Изборниот правилник на Студентското собрание. Во извештајниот период беа спроведени избори за нов состав на Студентското собрание, а извештајот од изборите е достапен како прилог кон овој извештај (Прилог 6.7).

Одлуката за избор на членови на Студентско собрание и извештајот од последните спроведени избори се чуваат во архивата на Факултетот и се достапни за увид на студентите и на наставниот кадар.

Поддржани општествени, културни и спортски активности на студентите
Факултетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите, со издвојување на посебен годишен буџет наменет исклучиво за студентските активности. Покрај тоа, Факултетот овозможува простории за одржување на студентските средби и настани. Студентите имаат пристап до просториите на Факултетот за одржување на средби на Студентското собрание, работилници, дискусии и други активности.

Прилози
Прилог 6.7. Извештај од изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Православниот богословски факултет

6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. https://pbf.edu.mk/

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје посветува посебно внимание на информирањето на студентите за услугите и можностите кои им стојат на располагање во текот на студиите.

Студентите се запознаваат со овие информации на повеќе начини, преку веб-страницата, социјалните мрежи, приватните групи и преку директна комуникација со наставниот кадар и стручно-административната служба.

Студентите активно ги користат социјалните мрежи за добивање на информации за настаните кои се организираат на Факултетот. Официјалната Фејсбук-страница на Факултетот редовно ги објавува најавите за научни собири, конференции, гостински предавања, меѓурелигиски часови и други активности. На YouTube-каналот на Факултетот се објавени видеозаписи од научните собири, конференциите и предавањата, што овозможува студентите да ги следат содржините и надвор од работното време.

Постои приватна група на социјалните мрежи, каде партиципираат сите редовни и вонредни студенти, како и дипломираните студенти на Факултетот. Во оваа група се споделуваат информации за стипендии, волонтерски можности и мобилност; најави за настани и активности на Факултетот, како и корисни материјали и ресурси за студентите.

Студентите имаат можност да добијат информации и преку директна комуникација со професорите, преку е-пошта, телефон или во персонални консултации. Стручно-административната служба е постојано достапна за студентите и им обезбедува информации за уписите, испитите, документите и другите административни прашања.

Заклучок
Во извештајниот период 2024–2026 година, студентите на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје се запознаваа со услугите и можностите кои им стојат на располагање преку веб-страницата на Факултетот, социјалните мрежи, приватната група на студентите и преку директна комуникација со наставниот кадар и стручно-административната служба.

Најкористениот начин на пристап до информации е преку веб-страницата, каде студентите можат да ги најдат сите релевантни информации за студиските програми, распоредите, настаните, публикациите и другите активности. Социјалните мрежи и приватната група на студентите дополнително овозможуваат брзо и ефикасно споделување на информациите и зајакнување на комуникацијата помеѓу студентите, наставниот кадар и дипломираните студенти.

Овој пристап се покажал како ефикасен, бидејќи студентите се добро информирани за можностите кои им стојат на располагање и активно учествуваат во активностите на Факултетот.

Прилози

Стандард 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
Индикатор	**Документација**
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален. Самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје
Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје и во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година продолжи со редовно прибирање, евидентирање и анализа на податоци релевантни за реализацијата на студиските програми, студентскиот тек, наставниот процес и научноистражувачката дејност. Прибирањето на податоците се реализира преку воспоставените универзитетски и факултетски механизми, при што значаен дел од податоците се обработуваат преку информацискиот систем I-Know на УКИМ.	

Како придружна членка на УКИМ, Факултетот го користи системот I-Know за електронско евидентирање и следење на податоци поврзани со студентите и студирањето. Преку системот се следат податоци за бројот на запишани студенти, реализираните семестри, слушаните и положените предмети, остварениот успех, како и податоци за дипломирани и магистрирани студенти. Пристапот до податоците е овозможен за наставниот и стручно-административниот кадар и за студентите, согласно нивните кориснички права и надлежности.

Покрај електронската евиденција, Факултетот води и соодветна матична и друга административна документација за студентите на сите циклуси на студии. На овој начин се обезбедува континуирано следење на текот на студирањето и можност за проверка и дополнување на податоците од електронскиот систем.

Податоците за успешноста на наставниот процес се следат и преку извештаите од одржаните испитни сесии. Во нив се содржани податоци за реализираните испити и постигнатите резултати на студентите, што овозможува да се согледа успешноста на студентите по предмети и во рамките на одделните студиски програми. Извештаите од испитните сесии се разгледуваат на седниците на Наставно-научниот совет и претставуваат една од основите за следење на реализацијата на наставата и постигнувањата на студентите.

Во делот на научноистражувачката дејност, Факултетот ги користи и универзитетските механизми за евидентирање и јавно презентирање на научната продукција. Научните трудови и другите научни публикации на наставно-научниот кадар се внесуваат во Ризницата на научни трудови на УКИМ, со што се обезбедува нивна систематизирана евиденција и јавна достапност. Овој начин на евидентирање овозможува следење на научната продукција на наставниот кадар и претставува значаен извор на информации при анализата на научноистражувачката активност на Факултетот.

Во текот на анализираниот период прибраните податоци се користат и при подготовката на различни извештаи, анализи и плански документи на Факултетот, како и при следењето на реализацијата на студиските програми. Податоците за студентите, наставата, научната работа и кадровските ресурси претставуваат основа за согледување на состојбите и за определување на потребите и приоритетите за понатамошно унапредување на работата.

Особено значајна улога има Наставно-научниот совет, кој преку разгледување на извештаи и информации поврзани со наставата, студентските резултати, научната работа и другите активности на Факултетот обезбедува институционално следење на квалитетот. На тој начин, прибраните информации не остануваат само на ниво на административна евиденција, туку се користат во процесот на разгледување и донесување одлуки.

Воспоставениот начин на прибирање и обработка на информациите претставува дел од внатрешниот систем за обезбедување и унапредување на квалитетот. Континуираното следење на студентските резултати, реализацијата на наставата, научноистражувачката активност и другите релевантни показатели му овозможува на Факултетот да ги согледува постигнатите резултати, да ги идентификува областите во кои е потребно унапредување и да ги зема предвид овие информации при планирањето на идните активности.

Оценка: Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година Факултетот продолжи да применува воспоставен систем на прибирање и обработка на информации преку I-Know, факултетската административна евиденција, извештаите од испитните сесии, Ризницата на научни трудови на УКИМ и работата на Наставно-научниот совет. Податоците се користат за следење на реализацијата на студиските програми, успехот на студентите и научноистражувачката активност и претставуваат основа за следење и унапредување на квалитетот на работата на Факултетот.

Прилози

Прилог 7.1.А. Извештај од есенската испитна сесија 2024-2025
Прилог 7.1.Б. Извештај од зимската испитна сесија 2024-2025
Прилог 7.1.В. Извештај од летната испитна сесија 2024-2025
Прилог 7.1.Г. Извештај од зимската испитна сесија 2025-2026
Прилог 7.1. Д. Извештај од летната испитна сесија 2025-2026

7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.

на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	

Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците, како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.

Во текот на учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје продолжи со редовно прибирање и анализа на податоци кои се релевантни за неговиот специфичен профил, студиските програми и реализацијата на наставно-научната дејност.

Податоците што се прибираат се однесуваат на повеќе аспекти од работењето на Факултетот. Во однос на студентската популација и студиските програми, се следат бројот и структурата на запишаните студенти, нивниот напредок во студирањето, реализираните семестри, слушаните и положените предмети, постигнатиот успех, пријавувањето и реализацијата на изборните предмети, како и бројот на дипломирани и магистрирани студенти. Овие податоци се евидентираат преку системот I-Know, а дополнително се води и соодветна факултетска административна документација.

Податоците за успехот на студентите и реализацијата на наставата се следат и преку извештаите од испитните сесии. Тие се разгледуваат на Наставно-научниот совет и овозможуваат да се согледа успешноста на студентите по одделни предмети и студиски програми, како и евентуалните состојби кои бараат дополнително внимание.

Важен извор на информации за квалитетот на студиските програми се и ставовите и искуствата на студентите. Преку студентските анкети се прибираат податоци за квалитетот и организацијата на наставата, достапноста и ангажираноста на наставниот кадар, комуникацијата меѓу студентите и наставниците, материјалите за учење, тежината и обемот на наставните содржини и степенот во кој наставата ги исполнува очекувањата на студентите.

Резултатите од студентските анкети се користат како еден од показателите за следење на квалитетот на наставата и студиските програми. Тие се доставуваат до наставниот кадар и се земаат предвид и при постапките поврзани со изборот во наставно-научни звања. На тој начин, мислењето на студентите претставува дел од внатрешниот систем за следење и унапредување на квалитетот.

Во анализираниот период се прибираат и податоци за наставно-научната и научноистражувачката активност на наставниот кадар. На годишно ниво се евидентираат активностите поврзани со реализацијата на наставата, научните публикации, учеството на научни собири, конференции, проекти и други академски активности. Овие податоци се користат при подготовката на извештаите на Факултетот, вклучително и при изработката на самоевалуацискиот извештај.

Покрај податоците за студентите и наставниот кадар, Факултетот прибира информации за ресурсите за учење и условите за реализација на студиските програми. Се следат расположливите просторни и технички услови, информатичката опрема, библиотечниот фонд и електронските ресурси, како и други ресурси релевантни за наставата и научноистражувачката работа.

Во процесот на следење на работата на Факултетот се прибираат и информации за научната и меѓународната активност, вклучително и учеството на наставниот кадар во домашни и меѓународни научни собири, научни проекти и мрежи, академската мобилност, соработката со сродни институции и меѓународната публикациска активност. Овие податоци се особено значајни за следење на реализацијата на развојните цели на Факултетот во делот на научната работа и интернационализацијата.

Вклучување на студентите и вработените

Студентите се вклучени во процесот на обезбедување квалитет пред сè преку редовното учество во студентските анкети. На овој начин тие непосредно ги искажуваат своите ставови за наставата, наставниот кадар, студиските содржини и условите за учење. Повратните информации од студентите се користат при согледувањето на состојбата со квалитетот на наставата и при определувањето на можните насоки за подобрување.

Наставниот кадар, од друга страна, е вклучен преку редовното доставување податоци за својата наставна и научноистражувачка работа, како и преку учеството во работата на Наставно-научниот совет и другите факултетски тела. Преку овие механизми наставниците учествуваат во разгледувањето на податоците и во донесувањето одлуки поврзани со наставата, студиските програми, научната работа и развојот на Факултетот.

Стручно-административниот кадар има значајна улога во прибирањето, обработката и доставувањето на податоците поврзани со студентите, наставата и работењето на Факултетот. Соодветните податоци, согласно надлежностите и законските обврски, се доставуваат до УКИМ, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Државниот завод за статистика и други релевантни институции.

Користење на прибраните информации

Прибраните информации не се користат само за административно евидентирање, туку претставуваат основа за следење на состојбата, планирање и унапредување на активностите на Факултетот.

Особено значајни се податоците за студентскиот успех, реализацијата на наставата и мислењето на студентите, бидејќи овозможуваат навремено согледување на состојбите во студиските програми. Податоците за научноистражувачката активност се користат при следењето на научниот развој на Факултетот, додека информациите за меѓународната соработка и академската мобилност се користат за следење на реализацијата на приоритетите во областа на интернационализацијата.

На тој начин, прибраните податоци се интегрираат во процесот на самоевалуација и обезбедување квалитет, а наодите од нивната анализа се користат како основа за планирање на идните активности, подобрување на наставата и условите за студирање, унапредување на научноистражувачката работа и развивање на соработката со други високообразовни и научни институции.

Оценка: Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година Факултетот прибира и користи релевантни податоци од повеќе извори, при што се опфатени студентската популација, студентскиот успех и напредок, квалитетот на наставата, работата на наставниот кадар, научноистражувачката активност, ресурсите за учење и институционалната и меѓународната соработка. Вклучувањето на студентите преку анкети и на вработените преку факултетските тела и редовното известување обезбедува учество на различните чинители во процесот на обезбедување квалитет. Собраните информации се користат при самоевалуацијата и при планирањето и унапредувањето на работата на Факултетот.

Простор за унапредување: Во наредниот период може дополнително да се унапреди систематското следење и анализа на податоците, особено во делот на следењето на кариерниот развој и вработувањето на дипломираните студенти, како и преку појасно поврзување на резултатите од студентските анкети со конкретни мерки за унапредување на студиските програми.

Прилози

7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси. Веб страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје Youtube канал на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје Facebook страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Покрај регистарот, информациите за значајните активности се документираат и преку записници и одлуки на Наставно-научниот совет, извештаи, програмите на настаните, објавени материјали и други релевантни документи. Дел од активностите се објавуваат и на официјалната веб-страница и на официјалните канали на Факултетот, со што се обезбедува нивна достапност и транспарентност.

Собраните информации се основа за следење на остварувањето на поставените цели, планирање на идните активности и определување на приоритетите на Факултетот. Релевантните информации се разгледуваат во рамките на работата на Наставно-научниот совет и на другите надлежни тела, согласно нивните надлежности.

Особено значајно е што ваквото систематско следење овозможува Факултетот да има појасен увид во развојот на својата научна, наставна и меѓународна активност, во остварените соработки и во активностите насочени кон унапредување на квалитетот на студиските програми и целокупната дејност.

На овој начин, регистарот на значајни настани, заедно со останатата документација и информациите што се разгледуваат на ниво на Факултетот, претставува поддршка на стратешкото планирање и донесувањето одлуки, како и на процесот на внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот.

Прилози
Прилог 7.3. Регистар на значајни настани, активности и процеси на Православниот богословски факултет

7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Акт на установата; Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата. - Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) - Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 294/21) - Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (МОН) - Закон за архивски материјал - Уредба за канцелариско и архивско работење

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје посветува соодветно внимание на безбедноста на информациите во печатена и електронска форма, особено на информациите што содржат лични податоци на студентите, наставниот и административниот кадар, како и на податоците поврзани со наставниот процес и постигнувањата на студентите.

Во текот на извештајниот период, прибирањето, обработката, чувањето и користењето на личните податоци се врши согласно важечката законска и институционална рамка за заштита на личните податоци, со примена на соодветни организациски и технички мерки за обезбедување на нивната доверливост, интегритет и заштита од неовластен пристап.

Во хартиена форма, податоците и документацијата што содржат лични податоци се чуваат и обработуваат во рамки на службените простории и согласно правилата за канцелариско и архивско работење. Пристапот до документацијата е ограничен на лицата кои, согласно природата на работните задачи и нивните овластувања, имаат потреба од пристап до конкретните податоци.

Во електронска форма, значаен дел од податоците поврзани со студентите и студискиот процес се обработуваат преку I-Know системот на УКИМ. Како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот го користи системот во рамките на воспоставената универзитетска инфраструктура, при што пристапот до податоците е регулиран согласно корисничките овластувања и надлежности.

Особено внимание се посветува на податоците поврзани со запишувањето на студентите, нивниот академски статус, пријавувањето и полагањето на испити, постигнатиот успех, дипломирањето и другите податоци поврзани со текот на студирањето. Со оглед на чувствителноста на овие информации, нивното користење е ограничено на службени и образовни цели и на овластени лица.

Во реализацијата на наставата и комуникацијата со студентите преку електронски средства, вклучително и дигитални платформи што се користат за наставни активности, се применуваат мерки за соодветно постапување со информациите и податоците што се разменуваат во рамките на наставниот процес.

Факултетот, исто така, ја почитува обврската за соодветно чување на студентските досиеја, матичните книги,

испитната документација и останатата документација што произлегува од образовниот процес, согласно прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци и архивското и канцелариското работење.

Во текот на извештајниот период не се евидентирани случаи на неовластено објавување или користење на лични податоци на студенти и вработени, ниту случаи на нарушување на безбедноста на информациите што би имале влијание врз реализацијата на студиските програми.

Со воспоставените практики Факултетот обезбедува соодветно ниво на заштита на информациите и личните податоци, а истовремено овозможува нивно навремено и контролирано користење за потребите на наставниот процес, административното работење, известувањето и внатрешното обезбедување на квалитет.

Прилози

Стандард 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
Индикатор	**Документација**
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери. Веб страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје Студиски програми на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје Youtube канал на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје Facebook страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје посветува посебно внимание на квалитетот, точноста и достапноста на информациите за своите активности, студиски програми, наставен кадар, научни собири и други настани. Информациите објавени на веб-страницата на Факултетот, како и на социјалните мрежи и YouTube-каналот, се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни за студентите, наставниот кадар, потенцијалните студенти и поширокатa јавност.

Во извештајниот период (2024–2026) Факултетот континуирано ги ажурираше информациите за: студиските програми на првиот, вториот и третиот циклус; наставниот кадар и неговите научни интереси; распоредот на наставата, испитите и другите академски активности; научните конференции, собири, симпозиуми и гостински предавања; меѓународната соработка и мобилноста; студентските активности, летните школи и меѓурелигиски настани; програмите за доживотно учење и другите иницијативи од јавен интерес.

Факултетот редовно организира научни собири и конференции, за кои се прават видеозаписи и се објавуваат на YouTube-каналот. Ова овозможува научните содржини да бидат достапни не само за присутните учесници, туку и за поширокатa академска јавност, студентите и сите заинтересирани лица.

Во извештајниот период 2024–2026 година, Факултетот продолжи со оваа практика и организираше повеќе значајни научни настани, за кои се објавени видеозаписи и информации на веб-страницата и на YouTube-каналот:

- Осми Светиклиментов научен собир на тема „Мирот Божји и мирот човечки“ – 06.12.2024 година. На собирот се презентираа научни трудови од областа на богословието, философијата и книжевноста, социологијата, христијанската педагогија.

- Втори Кирило-Методиеви научни средби – 22 мај 2025 година, во организација на Факултетот и Институтот за национална историја. Настанот беше посветен на духовното, културното и просветителското наследство на светите Кирил и Методиј.

- Деветти Светиклиментов научен собир на тема „Теологијата и технологиите“ – 05.12.2025 година. На собирот учествуваа 14 професори од повеќе високообразовни институции, а студентите активно го следеа настанот и се вклучија во дискусиите.

- Трети Кирилометодиеви научни средби – 20 мај 2026 година, посветени на проучувањето на духовното, културното и просветителското наследство на светите Кирил и Методиј.

- Меѓународна научна конференција „Соборноста и современите предизвици за Црквата“ – 7–10 мај 2025 година,

во Струга. На конференцијата учествуваа професори и истражувачи од Скопје, Љубљана, Прешов, Тирана, Загреб и Регенсбург.

- Меѓународна научна конференција „Средба со Бога: новозаветни духовности“ – 10–16 мај 2026 година, во Скопје и Охрид, организирана во соработка со Универзитетот во Регенсбург и Центарот за напредни студии „Beyond Canon“.

- XII и XIII Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“ – 1–3 ноември 2024 година и 31 октомври 2025 година, во Скопје, организирани во соработка со Институтот за национална историја при УКИМ и Универзитетот во Болоња.

За сите овие настани се објавени благовремени информации на веб-страницата на Факултетот, вклучувајќи програми, списоци на учесници, теми на излагањата и видеозаписи од презентациите. Ова ја зголемува видливоста на научната работа на Факултетот и овозможува поширок пристап до содржините.

За разлика од претходниот извештаен период, кога Факултетот немаше можност да учествува на промотивниот настан „Отворен ден“ во организација на УКИМ, во тековниот извештаен период Факултетот учествува на „Отворен ден“ на УКИМ.

На овој настан Факултетот ги презентира своите студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус; ги запознава потенцијалните студенти со наставниот кадар, предметите и условите за студирање; ги промовира можностите за меѓународна соработка, мобилност и научна работа; одговара на прашањата на средношколците и нивните родители; дистрибуира промотивни материјали и информации за уписните услови и рокот за пријавување. Учеството на „Отворен ден“ на УКИМ претставува значаен чекор кон поголема видливост на Факултетот и кон подобро информирање на потенцијалните студенти за студиските програми и активностите што ги нуди. Ова придонесува за зголемување на интересот за запишување на теолошки студии и за подобро разбирање на улогата на Факултетот во академската и општествената заедница.

Информациите кои се однесуваат на активностите на Факултетот се корисни за: потенцијалните студенти, кои преку веб-страницата, социјалните мрежи и YouTube-каналот можат да се запознаат со студиските програми, наставниот кадар, условите за упис и активностите на Факултетот; тековните студенти, кои преку овие канали се информираат за распоредот на наставата, испитите, научните собири, гостинските предавања, можностите за мобилност и другите академски содржини; поранешните студенти, кои можат да ги следат активностите на Факултетот, научните собири и другите настани и да одржуваат контакт со својата алма матер; другите лица и јавноста, кои преку објавените видеозаписи, текстови и информации можат да се запознаат со научната работа на Факултетот, со неговата улога во општеството и со неговите меѓународни активности.

Заклучок
Во извештајниот период 2024–2026 година, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје ги задржа високите стандарди за информирање, промоција и видливост. Информациите објавени на веб-страницата, социјалните мрежи и YouTube-каналот се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни.

Факултетот континуирано организира научни конференции и собири, за кои се објавуваат видеозаписи и информации, со што се зголемува достапноста на научните содржини. Учеството на „Отворен ден“ на УКИМ претставува значајна новина во споредба со претходниот период и придонесува кон поголема видливост на Факултетот и подобро информирање на потенцијалните студенти.

Со овие активности Факултетот ја потврдува својата посветеност кон транспарентно информирање, квалитетна промоција и отвореност кон студентите, научната заедница и поширокаата јавност.

Прилози
Прилог 8.1. Преглед на објавени информации за дејноста на Православниот богословски факултет во медиумите

8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис,	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на Православниот богословски факултет 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и

предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; Решение за акредитација за прв циклус студии по теологија Решение за почеток со работа за прв циклус студии по теологија Решение за акредитација за втор циклус теолошки студии - едногодишни Решение за почеток со работа за втор циклус теолошки студии - едногодишни Решение за акредитација за втор циклус теолошки студии - двегодишни Решение за почеток со работа за втор циклус теолошки студии - двегодишни Решение за акредитација за втор циклус стручни академски студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование Решение за почеток со работа за втор циклус стручни академски студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование Решение за акредитација за трет циклус студии по теологија Решение за почеток со работа за трет циклус студии по теологија 3. Актот за систематизација; Одлука за организација и систематизација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; Правилник за плати и надоместоци на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот на Православниот богословски факултет 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, Финансиски извештаи 9. Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2023 г. Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2024 г. Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2025 г. 10. Прифатени теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови 11. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 12. Етичкиот кодекс.
Православниот богословски факултет во Скопје редовно објавува податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализира, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење. Информации за студиските програми може да се најдат на веб-страницата на Факултетот, во секцијата „Настава“, во делот „Прв циклус – додипломски студии“ и во делот „Последипломски студии“ (втор и трет циклус). За секоја студиска програма посебно се претставени елаборатите, кои ги содржат целите на учењето, исходите, квалификациите и другите релевантни информации. Критериуми за упис на прв, втор и трет циклус на студии се објавуваат преку конкурсите за запишување на студенти, кои се достапни во делот „Конкурси“ на веб-страницата. Конкурсите ги содржат роковите, условите, потребната документација и другите релевантни информации. Актуелните конкурси се објавуваат во предвиденото време. Цели на учењето за програмите од прв, втор и трет циклус се претставени во елаборатите за секоја студиска програма посебно, достапни во делот „Студиски програми“ на веб-страницата. Решенијата за акредитација и за почеток со работа за секоја студиска програма се објавени во соодветните сегменти на веб-страницата, каде се претставени студиските програми за секој циклус на студии посебно.	

Годишните извештаи за 2023, 2024 и 2025 година се објавени во предвидениот рок, во делот „Годишни извештаи“ на веб-страницата.

Финансиските извештаи се објавени во делот „Финансиски извештаи“ и се ажурираат согласно законските обврски.

Билтенот на Факултетот ги содржи извештаите и одлуките за последен избор во звање за секој наставник и соработник и е достапен во делот „Билтен“ на веб-страницата.

Етичкиот кодекс е објавен во делот „Етички кодекс“ и е достапен за сите студенти, наставници и соработници.

Заклучок
Во извештајниот период 2024–2026 година, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје доследно ги исполнуваше обврските предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. Сите релевантни документи, информации за студиските програми, конкурсите, акредитациите, годишните извештаи, финансиските извештаи, етичкиот кодекс и другите акти се објавени на веб-страницата на Факултетот и се лесно достапни за студентите, наставниот кадар и јавноста.

Со редовното ажурирање на информациите и со објавувањето на сите потребни документи, Факултетот обезбедува транспарентност, јасност и лесна достапност на податоците, што е во функција на информирање на потенцијалните и тековните студенти, како и на поширокатa јавност.

Прилози

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; https://pbf.edu.mk/ Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). Прифатени теми за изработка на магистерски трудови

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје редовно ги објавува клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа на својата веб-страница, на социјалните мрежи и на огласните табли. Ова овозможува транспарентност, јавна достапност и лесна проверка на академските и научните резултати на Факултетот.

За тековниот извештаен период (2024/2025 и 2025/2026) ажуриран е списокот на прифатени и одбранети магистерски трудови, кој ги опфаќа темите, имињата на кандидатите и датумите на одобрување од страна на наставно-научниот совет. Списокот е достапен на следниов линк.

Православниот богословски факултет во Скопје редовно ги објавува закажаните одбрани на дипломски, специјалистички и магистерски трудови на огласна табла – најмалку седум дена пред закажаната одбрана, согласно законската регулатива и интерните акти на Факултетот; на Фејсбук-страницата на Факултетот – со што се обезбедува поголема видливост и достапност за студентите, наставниот кадар и јавноста и на веб-страницата – во делот „Настава“ / „Објави“ / „Одбрани на трудови“, каде се наведуваат името на кандидатот, насловот на трудот, името на менторот, составот на комисијата, датумот, времето и местото на одбраната.

Оваа практика овозможува јавноста да биде навремено информирана за планираните одбрани и да има можност да присуствува на нив, доколку има интерес.

Во рамките на делот „Настава“ на веб-страницата на Факултетот редовно се известува за реализираните активности на првиот и вториот циклус на студии, вклучувајќи: информации за предметите, наставниот кадар и распоредот; објави за гостински предавања, работилници и семинари; информации за студентските активности, практичната настава и теренските посети; како објави за меѓународни конференции, научни собири и симпозиуми во организација на Факултетот.

На почетната страница на Факултетот се објавени настани од научноистражувачките активности, вклучувајќи: најави и извештаи за научни собири (на пр. Осми и Деветти Светиклиментов научен собир, Втори и Трети Кирило-Методиеви научни средби); меѓународни конференции (на пр. „Соборноста и современите предизвици за Црквата“, „Средба со Бога: новозаветни духовности“); симпозиуми (на пр. „Денови на Јустинијан I“); гостински предавања и академски посети на странски професори и научници.

Во секцијата „База на документи“ на веб-страницата постојат посебни делови за:
Книги – објавени монографии, зборници и други публикации од наставниот кадар;
Симпозиуми – програми, апстракти и видеозаписи од симпозиуми и конференции;
Семинари – информации за реализирани семинари, работилници и обуки;
Предавања – видеозаписи и презентации од гостински предавања и академски настани.

Ова овозможува лесен пристап до научните и академските резултати на Факултетот и ја зголемува нивната видливост и достапност.

Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, на Факултетот е евидентиран еден студент на трет циклус – докторски студии по теологија. Доколку во овој период биде прифатена тема за изработка на докторска дисертација, Факултетот ќе постапи во согласност со Законот за високо образование и ќе ја објави темата на веб-страницата.

Заклучок
Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје доследно ги објавуваше клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа на својата веб-страница, на социјалните мрежи и на огласните табли.

Факултетот редовно ги објавува закажаните одбрани на дипломски, стручни и магистерски трудови, темите на одбранетите трудови, информациите за наставните активности и научноистражувачките настани, како и видеозаписите и документите од конференциите, симпозиумите и предавањата.

Со оваа практика Факултетот обезбедува транспарентност, јавна достапност и лесна проверка на академските и научните резултати, што е во согласност со стандардите за квалитет и со законската регулатива.

Прилози

Стандард 9

СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА	
Индикатор	**Документација**
9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.	Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје ги поддржува можностите за академска мобилност на студентите преку воспоставување контакти со странски високообразовни институции, учество во меѓународни академски програми и директна соработка на наставниците со странски универзитети и истражувачки центри.

Во досегашниот период студентската мобилност се реализираше преку директни академски контакти и индивидуални покани, а не преку програмата „Еразмус+“. За првпат во 2026 година Факултетот потпиша договор за учество во програмата „Еразмус+“, со што во наредниот период се очекува да се зголемат можностите за мобилност на студентите и да се воспостави поорганизиран и континуиран систем за нивно испраќање на студиски престои, истражувачки програми и други форми на академска размена.

Во последните две академски години, според расположливите податоци, е евидентиран следниот конкретен пример на студентска мобилност: Студентот Спасе Никовски, студент на додипломските студии по теологија, во текот на летниот семестар 2026 година учествуваше во Goethe Research Experience Program – GREP, односно во Програмата за истражувачко искуство на Универзитетот „Гете“ во Франкфурт. Престојот претставува значајна форма на академска и истражувачка мобилност, бидејќи на студентот му овозможи непосредно учество во меѓународна академска средина, запознавање со истражувачки методи и работа со наставници и истражувачи од странство.

Мобилноста беше реализирана преку личната академска конекција на проф. д-р Дарко Анев со Универзитетот „Гете“ во Франкфурт. Овој пример покажува дека наставниот кадар има значајна улога во отворањето можности за студентите и во нивното поврзување со странски универзитети и истражувачки програми.

Други меѓународни студентски активности
Покрај формалниот истражувачки престој во Франкфурт, студентите на Факултетот учествуваа и во повеќе краткотрајни меѓународни академски активности, како што се летни школи, меѓурелигиски форуми и теолошки средби.

На пример, студентите Спасе Никовски и Наум Стојаноски учествуваа на Медитеранските теолошки средби во Ловран, Хрватска, одржани од 13 до 19 јули 2025 година. Настанот собра студенти и професори од различни христијански деноминации и други религии и овозможи академска размена, меѓурелигиски дијалог и запознавање со различни теолошки перспективи.

Студенти од Факултетот учествуваа и на Регионалната летна школа во Охрид, одржана од 8 до 11 јули 2025 година, како и на Демирхисарската летна школа. Овие активности имаат значење за развојот на студентските академски, истражувачки и комуникациски компетенции, но во смисла на овој стандард треба да се разликуваат од формалната студентска мобилност што се реализира во рамките на студиски или истражувачки престој на странска институција.

Заклучок
Во досегашниот период студентската мобилност на Факултетот се реализираше во ограничен обем и главно преку директни контакти на наставниот кадар со странски универзитети и истражувачки програми. Најзначаен

конкретен пример е учеството на студентот Спасе Никовски во Goethe Research Experience Program – GREP на Универзитетот „Гете“ во Франкфурт во летниот семестар 2026 година.

Потпишувањето на првиот договор за „Еразмус+“ во 2026 година претставува важен чекор кон институционализирање и проширување на студентската мобилност. Во наредниот период се очекува зголемување на бројот на студенти кои ќе користат мобилност, како и воспоставување појасни процедури за информирање, избор, следење и признавање на реализираните студиски и истражувачки активности.

Прилози

Прилог Стандард 9.1А Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии

Прилог Стандард 9.1Б Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните две години, за сите циклуси на студии

9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата.	Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; - Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година - Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2026 до 2029 година Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација; - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за периодот 2025/2026 студиска година - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).

Унапредувањето на меѓународната соработка и интернационализацијата и во тековниот период остануваат меѓу приоритетите во развојот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година Факултетот продолжи да ја реализира оваа определба преку учество на наставниот кадар во меѓународни научни собири, академска мобилност, работни посети и средби со сродни високообразовни институции, учество во меѓународни научни мрежи и проекти, како и преку објавување научни трудови во меѓународни публикации.

Политиката и приоритетите во оваа област се утврдени во Програмата за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот 2023–2026 година и Програмата за работа на Факултетот за периодот 2026-2029 година во кои се предвидува продлабочување на меѓународната соработка со сродни богословски и високообразовни институции во Европа, меѓу кои Православниот богословски факултет во Белград, Богословскиот факултет во Љубљана и Римокатоличкиот факултет во Регенсбург, како и со други високообразовни институции.

Индикаторите и активностите за реализација на поставените приоритети се разработени во Акцискиот план за работа на Православниот богословски факултет. Реализацијата на меѓународната соработка се следи преку конкретни активности, меѓу кои: број и вид на реализирани меѓународни соработки, учество на наставниот кадар во меѓународни научни собири и проекти, академска мобилност и гостински предавања, воспоставување и одржување контакти со сродни високообразовни институции, како и меѓународна публикациска активност.

Во рамките на Факултетот, деканот и продеканот за меѓународна соработка имаат надлежности поврзани со развивањето и координирањето на активностите од областа на меѓународната соработка и интернационализацијата. На овој начин, активностите се поврзуваат со редовното работење на Факултетот и со неговите развојни приоритети.

Прилози	
9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните две години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).
Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје располага со ограничени финансиски ресурси за реализација на меѓународната соработка. Поради ограниченият обем на сопствените приходи, Факултетот не е во можност самостојно да ги финансира сите меѓународни активности, туку применува комбиниран модел на финансирање преку сопствени средства, партнерски институции и меѓународни програми. Во практиката, Факултетот финансиски ги поддржува активностите што ги организира или коорганизира, додека за дел од меѓународните настани трошоците поврзани со учеството, патувањето и престојот на странските професори и истражувачи ги покриваат странските партнерски институции. На овој начин Факултетот успева да реализира меѓународни активности и покрај ограничените финансиски можности. Реализирани меѓународни активности Во јуни 2024 година, Православниот богословски факултет, во соработка со Институтот за Источни цркви при Бискупијата во Регенсбург, Германија, реализираше научен колоквиум во Охрид со меѓународно учество. Во рамките на оваа активност Факултетот обезбеди организациска и академска поддршка, додека трошоците поврзани со учеството на странските професори и истражувачи беа покриени од странската партнерска институција. Од 7 до 10 мај 2025 година, во хотелот „Дрим“ во Струга, Факултетот ја организираше меѓународната научна конференција „Соборноста и современите предизвици за Црквата“. За реализацијата на оваа конференција Факултетот обезбеди финансиска поддршка од сопствени расположливи средства и со поддршка на МПЦ-ОА која е основач на Факултетот, со што придонесе кон покривање на трошоците за организација, реализација на програмата и прием на учесниците. На конференцијата учествуваа професори и истражувачи од Скопје, Љубљана, Прешов, Тирана, Загреб и Регенсбург. Во мај 2026 година, Факултетот беше домаќин на меѓународната научна конференција „Средба со Бога: новозаветни духовности“, реализирана во соработка со Универзитетот во Регенсбург и Центарот за напредни студии „Beyond Canon“. Конференцијата се одржа во Скопје и Охрид и опфати предавања, академски дискусии, работни семинари и посети на духовни и културно-историски локалитети. За оваа активност странските партнери ги покрија трошоците поврзани со учеството на професорите, додека Факултетот обезбеди поддршка во рамките на своите организациски и финансиски можности. На овој начин, меѓународната соработка се реализира преку споделување на финансиските обврски меѓу Факултетот и партнерските институции. Овој модел му овозможува на Факултетот да биде организатор или коорганизатор на значајни меѓународни научни настани, без да презема финансиски обврски што ги надминуваат неговите реални можности.	
Прилози Прилог Стандард 9.3 Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата, со приказ на изворот на финансирање	
9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.	Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните две години);

	Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.

Православниот богословски факултет во Скопје до сега има склучено договори за меѓународна соработка со неколку високо-образовни институции:

1. Договор за соработка со Православната духовна академија во Санкт-Петербург
2. Договор за соработка со Православната духовна академија во Москва
3. Договор за соработка со Католичкиот теолошки универзитет во Загреб
4. Договор за соработка со Теолошкиот факултет во Прешов, Словачка

Реализирани активности во периодот 2024/2025 и 2025/2026 година

Во анализираниот период е остварено учество на наставниот кадар на повеќе меѓународни научни конференции и симпозиуми. Меѓу позначајните активности се издвојуваат:

- учество на Меѓународната научна конференција во Прешов, Словачка (20–23 октомври 2024) на проф. д-р Дејан Борисов и доцент д-р Виктор Недески;
- учество на Осмиот симпозиум на IAODT, одржан во Крф, Грција (25–27 ноември 2025), на доцент д-р Илче Мицевски Игнат, со научен труд;
- учество на Меѓународниот научен собир „Од Никеја до денес (325–2025)", одржан во Белград, Србија (11–12 декември 2025), на митрополитот Георгиј, редовен професор на Факултетот, со научен труд посветен на Vita Constantini на Евсевиј Кесариски;
- учество на доцент д-р Борче Грамбозов на меѓународна конференција во Јордан (9 декември 2025), како дел од делегацијата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија;
- учество на International Medieval Congress 2026 во Лидс, Обединетото Кралство (6–9 јули 2026), на доцент д-р Виктор Недески;
- учество на ISSTA 2026 во Алба Јулија, Романија (3–5 мај 2026), на доцент д-р Стефан Гоговски, вон. проф. д-р Анета Јовковска и доцент д-р Виктор Недески, со научни прилози од различни области;
- учество на меѓународниот научноистражувачки настан „Prayer and Setting" во Албанија (22–26 јуни 2026), на доцент д-р Виктор Недески, во рамките на COST акцијата PRAYTICIPATE.

Меѓународната соработка се развива и преку директни контакти и работни посети на сродни високообразовни институции. Во март 2025 година проф. д-р Дејан Борисов и доцент д-р Виктор Недески остварile посета на Католичкиот богословски факултет во Загреб, со работни средби насочени кон продлабочување на институционалната соработка. Проф. д-р Дејан Борисов е исто така член на меѓународниот научен и програмски комитет на Втората CePOZiR конференција, која е планирана да се одржи во Загреб во 2027 година.

Особено значаен показател за интернационализацијата на наставната и научната работа е академската мобилност преку Erasmus+ програмата. Во мај 2025 година доцент д-р Виктор Недески престојувал на Православниот богословски факултет при Универзитетот во Софија, каде што одржал предавања од областа на православната патристичка теологија.

Во текот на летниот семестар 2025/2026 година, д-р Марија Гиревска, виш лектор на Факултетот, реализирала дванаесетнеделен престој како визитинг професор на Универзитетот во Мачерата, Италија, во рамките на кој реализирала предавања, семинари и научноистражувачка работа. Овој пример претставува значаен облик на академска мобилност и директно придонесува кон размената на знаења и искуства меѓу институциите.

Меѓународната димензија на работата на Факултетот се потврдува и преку учеството на наставниот кадар во меѓународни научни проекти и мрежи. Наставници од Факултетот учествуваат во повеќе COST акции. Доцент д-р Виктор Недески е член на Управниот комитет (MC) на COST акциите CA23143 PRAYTICIPATE – Participation through Prayer in the Late Medieval and Early Modern World и CA24150 VISTA – Values in Turbulent Times: Navigating Social Changes and Challenges, додека вон. проф. д-р Анета Јовковска е член на Управниот комитет во COST акциите CA21143 TraFaDy – Transnational Family Dynamics in Europe, CA23120 ORBIT – Religious Identity, Bullying and Wellbeing at School: A Transnational Collaboration и CA25167 INCLUDE – Inclusive Communication for Environmental and Social Change. Д-р Милан Ѓорѓевиќ учествува во CEEPUS Network Interreligious Dialogue in Contemporary Context: Religions and Transhumanistic Challenges, проф. д-р Георгиј Ѓорѓевски и доцент д-р Дарко Анев членуваат во Комитетот за соработка со источна Европа (EELC) на асоцијацијата за проучување на Новиот

Завет (SNTS), додека доцент д-р Илче Мицевски Игнат е член на International Association of Orthodox Dogmatic Theologians.

Факултетот ја развива меѓународната соработка и преку учество на својот кадар на меѓународни конференции организирани од други високообразовни институции во земјата. Така, доцент д-р Александар Крстаноски учествувал на меѓународната конференција „Македонскиот јазик – 80 години од кодификацијата“ (6–8 мај 2025), на меѓународната конференција „100 години од раѓањето на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска“ (12–13 март 2026), како и на меѓународниот научен собир „Македонскиот јазик во контакт со другите јазици и култури“ (14–15 мај 2026), организирани од единици на УКИМ.

Значаен показател за развојот на меѓународната соработка е и меѓународната публикациска активност на наставниот кадар. Во анализираниот период се објавени трудови во странски научни изданија, меѓу кои и Occasional Papers on Religion in Eastern Europe, издание на George Fox University, САД, со индексираност во Web of Science Core Collection (ESCI) и Scopus. Во 2026 година се објавени и трудови во меѓународниот зборник Orthodoxy in Today's North Macedonia: Historical experience and current challenges, во издание на Verlag Friedrich Pustet, Regensburg, Германија.

Во 2026 година Факултетот потпиша договор за меѓународна соработка преку програмата Еразмус+., со што се очекува зголемување на меѓународната соработка во наредниот период.
Секоја година, во соработка со Институтот за национална историја Факултетот е коорганизатор на меѓународниот научен симпозиум Денови на Јустинијан I, а во соработка со Источно-црковниот институт од Регензбург, се организираше научен колоквиум со меѓународно учество.

Во меѓународната мобилност земаа учество и студентите. Имено, студентот на додипломски студии Спасе Никовски зеде учество во програмата за истражувачко искуство на Универзитетот „Гете“ во Франкфурт (Goethe Research Experience Program - GREP). Неговото присуство во ова меѓународно истражувачко окружување претставува значајна потврда за квалитетот, посветеноста и отвореноста на младите богослови кон широк интердисциплинарен и научно-истражувачки дијалог.

Сепак, Факултетот сè уште нема реализирано заедничка студиска програма со странски универзитет, што останува како предизвик за во иднина.

Оценка

Реализираните активности во 2024/2025 и 2025/2026 година покажуваат дека меѓународната соработка на Православниот богословски факултет се реализира преку конкретни активности на наставниот кадар и преку воспоставување и одржување академски контакти со сродни институции во странство.

Особено позитивен показател е разновидноста на облиците на меѓународна соработка: научни конференции и симпозиуми, академска мобилност, визитинг ангажмани, Erasmus+ активности, COST научни мрежи и акции, работни посети, учество во меѓународни научни комитети и меѓународна публикациска активност. На тој начин, интернационализацијата непосредно се поврзува со научната и наставната дејност на Факултетот.

Простор за унапредување

Во наредниот период потребно е да се продолжи со развивање на институционалните контакти со сродни богословски и други високообразовни институции во Европа, со посебен акцент на воспоставување формализирани форми на соработка, зголемување на академската мобилност на наставниот кадар и студентите, вклучување во дополнителни меѓународни научни проекти и програми и зголемување на бројот на заеднички научни активности и публикации со странски партнери.

Дополнително, би било корисно систематското следење на индикаторите за интернационализација да се надгради преку годишно сумирање на реализираните активности – број на меѓународни научни учества, мобилности, гостински предавања, меѓународни проекти, институционални посети, странски публикации и воспоставени партнерства. На тој начин полесно ќе се следи реализацијата на целите од Програмата за работа и Акцискиот план на Факултетот.

Прилози

Прилог Стандард 9.4.А Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство

Прилог Стандард 9.4.Б Листа на наставници од странство

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје има воспоставено практики за привлекување и вклучување наставници, афирмирани научници и други академски соработници од странство во реализацијата на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес. Овие практики се реализираат преку гостински предавања во рамките на студиските предмети, академски посети, меѓународна научна соработка, учество на странски професори и истражувачи на научни конференции и симпозиуми, како и преку воспоставување и одржување долгорочни партнерства со сродни факултети и научни институции од странство.

Во извештајниот период Факултетот оствари и развиваше соработка со професори, истражувачи и академски соработници од Германија, Словенија, Велика Британија, Грција, Хрватска, Романија и други земји. Нивното вклучување во наставните и научните активности придонесе кон збогатување на наставната содржина и современи научни пристапи, како и кон продлабочување на меѓународната академска соработка на Факултетот.

Странски наставници и гостински предавачи

Во рамките на наставата и академските активности на Факултетот беа ангажирани следниве странски професори, научници и стручњаци:

На 17 март 2026 година, Факултетот го пречека проф. д-р Дитмар Шон, директор на Институтот за Источни цркви при Бискупијата во Регенсбург. Неговата посета претставува продолжение на долгогодишната соработка меѓу двете институции и придонесе кон продлабочување на академските врски, размена на искуства и создавање можности за понатамошни заеднички активности во областа на богословската наука.

На 3 декември 2025 година, во рамките на наставата по философија, гостинско предавање одржа д-р Стјепан Штивиќ од Теолошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Предавањето „Киборгот – човек, машина или нешто трето?“ ги опфати етичките аспекти на користењето нови технологии и на технолошкото „надградување“ на човекот, со што на студентите им беше овозможено философските и богословските прашања да ги поврзат со современиот технолошки развој.

На 28 ноември 2025 година, гостински предавања на тема „Уникатната философска синтеза на свети Максим Исповедник“ одржаа д-р Сотирис Миталексис од University College London и Институтот за православни христијански студии во Кембриџ и д-р Дионисиос Склирис од Богословскиот факултет при Универзитетот во Атина. Предавањата беа реализирани во рамките на предметите „Философија“ и „Православно богословие од XV до XXI век“, со што наставата беше збогатена со непосреден контакт со современи истражувања од областа на философијата и православното богословие.

Во периодот од 5 до 7 мај 2026 година, во рамките на првиот циклус на теолошки студии, Факултетот реализираше гостински предавања со д-р Хрисостом Радашану и д-р Богдан-Владут Бранза од Православниот богословски факултет при Универзитетот во Јаш, Романија. Како гостински предавачи, тие ги запознаа студентите со современи богословски истражувања и академски искуства од романскиот православен теолошки контекст. Нивното учество придонесе кон проширување на наставните содржини и кон непосредна академска размена меѓу сродните православни богословски институции од Македонија и Романија.

Од 10 до 14 ноември 2025 година, на Факултетот гостуваше проф. д-р Валентина Мандариќ од Католичкиот богословски факултет при Универзитетот во Загреб. Таа одржа повеќе предавања од областа на христијанската педагогија и катехетиката, со посебен осврт на адолесцентите, младите, религиозноста и современите

општествени промени. Во рамките на посетата беа разменети искуства во однос на верското образование во јавните училишта во Хрватска и пасторалната грижа за младите.

На 3 април 2025 година, Факултетот беше домаќин на д-р Бетан Вилис, учесничка во програмата „Конекција Оксфорд“. Таа го одржа предавањето „Како да се размислува со смирение на умот“, во кое беше истакната важноста на духовната мудрост и смирението во современите академски процеси. Настанот беше организиран од Балканскиот институт за вера и култура, во соработка со Македонското библиско здружение и Факултетот.

На 27 март 2025 година, во рамките на предметот „Вовед во Светото писмо на Стариот Завет“, предавање одржа г. Храјр Џебиџијан, генерален секретар на Библиското здружение при Персиско-арабискиот Залив. Предавањето беше посветено на улогата и значењето на Библијата во земјите од Персискиот Залив и во поширокиот свет, овозможувајќи им на студентите да стекнат сознанија за различните културни и географски контексти во кои се чита и толкува Светото писмо.

Покрај директното вклучување на странски гости во наставниот процес, Факултетот ја развива меѓународната соработка и преку организација и коорганизација на научни конференции, симпозиуми и други академски настани. На меѓународната конференција „Соборноста и современите предизвици за Црквата“, одржана од 7 до 10 мај 2025 година во Струга, учествуваа професори и истражувачи од Скопје, Љубљана, Прешов, Тирана, Загреб и Регенсбург.

Во периодот од 10 до 16 мај 2026 година, Факултетот беше домаќин на меѓународната научна конференција „Средба со Бога: новозаветни духовности“, организирана во соработка со Универзитетот во Регенсбург и Центарот за напредни студии „Beyond Canon“. Конференцијата се одржа во Скопје и Охрид и вклучи учесници од повеќе европски земји, со предавања, академски дискусии, работни семинари и посети на духовни и културно-историски локалитети.

Факултетот учествуваше и во меѓународните симпозиуми „Денови на Јустинијан I“, организирани во соработка со Институтот за национална историја при УКИМ и Универзитетот во Болоња. На овие симпозиуми учествуваа странски и домашни професори од областа на византиските и средновековните студии, а професорите од Факултетот ги презентираа своите истражувања и остварувааа нови научни контакти.

Странски студенти

Во извештајниот период на Факултетот студираат двајца студенти од странство, на различни циклуси на студии: еден студент од странство на прв циклус студии, запишан во учебната 2022/2023 година, и еден студент од странство на втор циклус – магистерски студии по теологија, запишан во учебната 2023/2024 година.

Присуството на странски студенти на првиот и вториот циклус претставува показател за отвореноста на студиските програми на Факултетот кон студенти од странство. Нивното присуство истовремено придонесува кон интернационализација на студиската средина и овозможува непосредна размена на искуства меѓу студентите од различни образовни и културни средини.

Заклучок

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје во извештајниот период континуирано развива различни форми на интернационализација преку вклучување странски професори, научници и стручњаци во наставно-образовниот процес, организирање и учество на меѓународни научни настани, развивање институционални партнерства и запишување студенти од странство.

Гостинските предавачи беа вклучени во наставата во рамките на конкретни студиски предмети и теми релевантни за философијата, православното богословие, христијанската педагогија, катехетиката, библиските студии и етичките прашања поврзани со современиот технолошки развој. Во извештајниот период Факултетот оствари академска размена со професори и истражувачи од Регенсбург, Љубљана, Лондон, Кембриџ, Атина, Загреб, Јаш и други академски центри.

Во однос на студентската мобилност, во извештајниот период се евидентирани еден студент од странство на прв

циклус и еден студент од странство на втор циклус студии. Вклучувањето на странски наставници и присуството на странски студенти, заедно со меѓународните конференции, симпозиуми и партнерства, претставуваат конкретни форми преку кои Факултетот ја унапредува својата меѓународна отвореност и создава основа за натамошно проширување на академската соработка со сродни богословски и научни институции во Европа и пошироко.
Прилози

3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници.

Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Илче Мицевски-Игнат со ЕМБГ 0308984410020, одговорно лице во високообразовната установа Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски"-Скопје, изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски"-Скопје за периодот 2023/2024 – 2025/2026 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Илче Мицевски-Игнат
(име и презиме)

(своерачен потпис)